Слушнете го нашиот глас

Овој проект е финансиран од Европската Унија

години Отворете ги прозорците

CoD







# МОНИТОРИНГ
## НА ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 2015**

Disability Monitor Initiative South East Europe
*Rights, Social Innovation and Policy Reforms*

Disability · Rights · Promotion · International

# МОНИТОРИНГ НА ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Публикација:**
**МОНИТОРИНГ НА ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Автори:**
**Даниела Стојановска – Џинговска**
**Биљана Маневска**
**Ифраим Љута**

**Консултант и стручна поддршка на авторскиот тим:**
**Радош Керавица**

**Монитори на човековите права**
**Тим на монитори од Североисточен регион на Македонија:**
**Скопје, Куманово и Крива Паланка:** Кирил Ѓуровски, Сандра Пешевска Мицковска, Игор Тодоровски, Бојан Грујевски, Борјана Златанова и Ванчо Чибански.

**Тим на монитори од Централно - Источен Регион на Македонија:**
**Велес, Кавадарци, Гевгелија и Струмица:** Јадранка Лазаровска, Благој Трпчев, Николчо Делов, Михајло Михајлов, Богоја Јошев, Султана Јошева, Жана Дучкова и Мери Туџарова

**Тим на монитори од Западна Македонија: Тетово Гостивар, Кичево, Дебар, Охрид и Струга:** Махмут Изаири, Ненад Ристески, Сабри Зендели, Зендел Зулбеари, Лилјана Димитријевска, Венко Голабоски.

**Раководителка на Холистичкото истражување за состојбата на лицата со попреченост во Република Македонија:**
**Весна Јованова**

**Раководител на проект:**
**Владимир Лазовски**

**Дизајн, уредување и печат:**
**Борографика**

**Тираж:**
**800 примероци**

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на Отворете ги прозорците и на авторите и на никаков начин не може да се смета дека авторот ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# МОНИТОРИНГ

## НА ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2015



# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** 9
**ЛИСТА НА ТАБЕЛИ** 15
**ВОВЕД** 17
**МОНИТОРИНГ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ – ЛИЧНИ ИСКУСТВА** 27

**ПРВ ДЕЛ** 29
Карактеристики на географското подрачје опфатено со мониторингот 29

**ВТОР ДЕЛ - Наоди од истражувањето** 35
Примерок на истражувањето 35
Области на животот по принципите на човековите права 38
Здравје, хабилитација и рехабилитација 45
Информации и комуникации 63
Образование 71
Пристап до правда 87
Работа 99
Семејство и приватен живот 109
Сигурни приходи и услуги за поддршка 119
Учество во општествениот живот 129
Споредбена анализа 153
Улогата на видот попреченост 169
Системски корени на дискриминацијата 183
Реакции на дискриминација/причини за непријавување 189
Препораки дадени од страна на испитаниците 195

**ЗАКЛУЧОЦИ** 205

## Легенда – Значење на кодовите и кратенките користени во овој Извештај*

| Код – Основен и во сите 8 области (Здравје, хабилитација и рехабилитација, Информации и комуникации, Образование, Пристап до правда, Работа, Семејство и приватен живот, Сигурни приходи и услуги за поддршка и Учество во општествениот живот) | Дефиниција |
|---|---|
| **СКРАТЕНО ДОСТОИНСТВО (NEGDIG)**<br>**NEGDIGHEALTH; NEGDIGINF; NEGDIGJUS; NEGDIGEDU; NEGDIGWK; NEGDIGFAM; NEGDIGSUP; NEGDIGPART** | Се чувствува непочитуван и безвреден во сопствените искуства и мислења и не е во можност да формира мислења во ситуациите кои се поврзани со приватноста, без страв од нанесување физичка, психолошка и/или емотивна болка. |
| **ПОЗИТИВНО ДОСТОИНСТВО (POSDIG)**<br>**POSDIGHEALTH; POSDIGINF; POSDIGJUS; POSDIGEDU; POSDIGWK; POSDIGFAM; POSDIGSUP; POSDIGPART** | Се чувствува почитуван и ценет во сопствените искуства и мислења и способен да формира мислења за прашањата кои се однесуваат на семејството и приватноста, без страв од нанесување физичка, психолошка и/или емотивна болка. |
| **ДИСКРИМИНАЦИЈА И НЕЕДНАКВОСТ (D & INEQ)**<br>**D&INEQHEALTH; D&INEQINF; D&INEQJUS; D&INEQEDU; D&INEQWK; D&INEQFAM; D&INEQSUP; D&INEQPART** | Искусување било какви разлики, исклучување или ограничување врз основа на попреченост, со што се спречува ефективно признавање, уживање или остварување на човековите права и основни слободи, на еднаква основа со другите. |
| **НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВОСТ (ND & EQ)**<br>**ND&EQHEALTH; ND&EQINF; ND&EQJUS; ND&EQEDU; ND&EQWK; ND&EQFAM; ND&EQSUP; ND&EQPART** | Загарантирани права на пристап до програми за социјална заштита и сигурни приходи и/или пристап до уреди и друга помош за потребите кои произлегуваат од попреченоста, без никаква разлика, исклучување, или ограничување врз основа на попреченост, со што се овозможува целосно учество, на еднаква основа со другите. |
| **ИСКЛУЧУВАЊЕ (EXC)**<br>**EXCHEALTH; EXCINF; EXCJUS; EXCEDU; EXCWK; EXCFAM; EXCSUP; EXCPART** | Искуства на сегрегација и изолација врз основа на попреченост, вклучувајќи отсуство на пристапност. |

| | |
|---|---|
| **ВКЛУЧУВАЊЕ (INC)**<br>**INCHEALTH; INCINF; INCJUS; INCEDU; INCWK; INCFAM; INCSUP; INCPART** | Вклученост, особено преку општествена и физичка средина без бариери, со што се овозможува целосно и ефективно учество |
| **НЕПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ (DISRES)**<br>**DISRESHEALTH; DISRESINF; DISRESJUS; DISRESEDU; DISRESWK; DISRESFAM; DISRESSUP; DISRESPART** | Непочитување и/или етикетирање врз основа на попреченост и/или несоодветно задоволување на потребите кои произлегуваат од попреченоста. |
| **ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ (RESP)**<br>**RESPHEALTH; RESPINF; RESPJUS; RESPEDU; RESPWK; RESPFAM; RESPSUP; RESPART** | Да се биде почитуван независно од различноста и соодветно да бидат задоволени потребите кои произлегуваат од попреченоста. |
| **ОТСУСТВО НА АВТОНОМИЈА (LACK OF AUTONOMY - LA)**<br>**LAHEALTH; LAINF; LAJUS; LAEDU; LAWK; LAFAM; LASUP; LAPART** | Неможност, односно спреченост за самостојно носење одлуки за прашања кои влијаат на семејниот живот и односи и на приватноста, и/или присилување на ситуации по основ на попреченост во истиот контекст. |
| **АВТОНОМИЈА (SELF DETERMINATION - SD)**<br>**SDHEALTH; SDINF; SDJUS; SDEDU; SDWK; SDFAM; SDSUP; SDPART** | Способност за носење одлуки за одредени прашања од разни области на животот (вклучувајќи избор на поддршка при одлучувањето). |

* Шифрите се составени од три дела и се изведени од англиските кратенки за основните пет принципи на човековите права и осумте области. Првиот дел го означува принципот во позитивна или негативна конотација, односно дали принципот е почитуван или не: POSDIG/NEGDIG-Достоинство(позитивно/негативно); ND&EQ/D&INEQ-(Не)дискриминација и (не)еднаквост; INC/EXC-Вклучување/исклучување; RESP/DISRES-(Не)почитување на разликите; LA/SD-(Не)Самостојност. Истите се комбинирани со англиските кратенки за осумте области на животот што се предмет на ова истражување: HEALTH-Здравје, хабилитација и рехабилитација; INF-Информации и комуникации; EDU-Образование; JUS-Пристап до правда; WK-Работа; FAM-Семејство и приватен живот; SUP-Сигурни приходи и услуги за поддршка; INC-Учество во општествениот живот. На пр. NEGDIGHEALTH – немање достоинство во областа Здравје, хабилитација и рехабилитација; DISRESPART – непочитување на разликите и/или етикетирање врз основа на попреченоста во ситуации во општествениот живот; и сл.

DRPI (Disability Rights Promotion International) – Меѓународна промоција на правата на лицата со инвалидност

ДСЗ – Државен завод за статистика

ЕУ – Европска Унија

ЗСМХ – Здружение на студенти и младинци со хендикеп

И - Испитаник

М – Монитор

МОН – Министерството за образование и наука

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

ООН – Организација на Обединетите Нации

СЗО – Светска здравствена организација



# РЕЗИМЕ

**„Немам време да ти напишам накратко“**

Паскал Блез

Студијата за Мониторинг на индивидуалните искуства во врска со човековите права на лицата со попреченост во Република Македонија се спроведуваше во рамки на проектот „Слушнете го нашиот глас“ финансиран од ЕУ. Имплементатор во РМ е Отворете ги прозорците во партнерство со Центар за ориентација во заедницата од Белград.

Овој проект е дел од глобалната иницијатива на DRPI-Меѓународната промоција на правата на лицата со инвалидност.

Студијата е дел од холистичкиот извештај кој содржи уште две истражувања: Системски мониторинг на законодавството во Р.М. и Медиумски мониторинг за следење на правата на лицата со попреченост и нивната застапеност во медуимите.

Извештајот за мониторинг на личните искуства опфати примерок од 105 интервјуа спроведени на територија на Р. Македонија. Иако Р. Македонија официјално е поделена 8 региони, за потребите на ова истражувањето се направи следната поделба:

- Североисточен Регион - Скопје, Куманово и Крива Паланка.
- Централно Источен Регион - Велес, Штип, Кавадарци, Струмица, Гевгелија и други населени места.

- Западен Регион - Тетово Гостивар, Кичево, Дебар, Охрид и Струга

Во трите региони се спроведоа по 35 интервјуа. За секој регион беше назначен регионален координатор.

Во регионите се водеше сметка за правична застапеност помеѓу половите, по етничка основа и по вид и степен на попреченост. Беа опфатени лица со физичка попреченост/на мобилност, лица со делумно и целосно оштетување на видот и лица со делумно и целосно оштетување на слухот.

Целта на истражувањето беше да се стекне увид во реалните искуства на лицата со попреченост во остварувањето на нивните човекови права, а наодите можат да се искористат да се утврди во колкава мера овие сограѓани се соочуваат и се изложени на дискриминација.

Овие информации ќе иницираат општествени промени во сферите кои се во колизија со Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост која РМ ја ратификуваше во 2011. Інформациите добиени директно од теренот ќе послужат како релевантен показател до каде сме денес во 2015 година.

Студијата се заснова на 5 клучни принципи на човековите права и тоа: *достоинство, самостојност, учество, инклузија и пристапност, недискриминација и еднаквост и почитување на разликите* во 8 клучни области од животот на лицата со попреченост и тоа: *здравје, хабилитација и рехабилитација, информации и комуникации, образование, пристап до правда, работа, семејство и приватен живот, сигурни приходи и услуги за поддршка и учество во општествениот живот*. Во сите 8 области се направи компаративна анализа и класификација на искуствата на испитаниците по следните атрибути: пол, вид на попреченост и време на добивање на попреченоста – вродена или стекната, регион и место на живеење, старосната група во која припаѓаат, образованието со кое се стекнале, работниот статус, користење на парични/ финансиски надоместоци по основ на попреченоста или социо-економскиот статус.

## Клучни наоди од истражувањето - Искуства за остварување на човековите права по областите на живот на лицата со попреченост

Во анализата на интервјуата бележени се позитивни искуства на испитаниците, но доминираат искуствата кои укажуваат на кршење, скратување, неостварување на човековите права и дискриминација. Областите учество во општествениот живот, сигурни приходи и услуги за поддршка, здравствени услуги и рехабилитација, образование и работа се покажаа како доминантни и најзначајни области во животот на лицата со попреченост, но истовремено и области во кои најчесто се врши кршење, скратување, неостварување на човековите права односно дискриминација.

Во сите 8 области кои беа предмет на анализа забележани се поголем број односно процент на негативни искуства отколку позитивни искуства. Испитаниците во многу поголем процент говорат за кршење на правата отколку за остварување на истите.

Најголем процент на учество, инклузија и пристапност според изјаснувањата на лицата со попреченост опфатени со анализата е забележано во областа Семејство и приватен живот. 81 испитаник/чка, (81%) истакнале по неколку, односно 120 позитивни искуства во оваа област што изразено во проценти изнесува 40,13%. Само 15 лица (15%) навеле 21 искуство односно 7,02% негативни искуства каде е забележено исклучување од семејството и приватниот живот.

Во областа учество во општествениот живот беа опфатени прашања за физичката пристапност на околината, учество во општествениот живот, посета на разни манифестации, учество во спортски и рекреативни активности. Сите учесници во истражувањето наведоа

искуства од областа на учество во општествениот живот односно сите 105 испитаници се изјаснија дека имаат некакво искуство во оваа област. 102 испитаници/чки односно 97.14% истакнаа искуства за исклученост од општествениот живот. Но од друга страна скоро сите испитаници исто така истакнаа позитивни искуства за учество, инклузија и пристапност во општествениот живот и тоа дури 100 лица или 95,24%. Доминантни проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост во оваа област се: физичката непристапност како и предрасудите и стереотипите кои ги има општата популација кон лицата со попреченост. Овие два клучни проблеми значајно влијаат на губењето на човечкото достоинство како и исклученоста и сегрегацијата од општеството што ги остава лицата со попреченост буквално на маргините од општественото живеење.

Дури 77.36 % од испитаниците/чките наведуваат негативни искуство за пристап до информации и информациски и комуникациски системи. Наведени се дури 70 негативни искуства, а само 21 се однесуваат на позитивни искуства за пристап до информации и информациски и комуникациски системи.

41 испитаник/чка навеле исклученост од образовниот систем поради физичка непристапност на училиштата, непристапност на програмите, недостаток на наставни средства и помагала. Наведени се дури 75 искуства што е 60 % од искуствата на испитаник/чките за исклученост од образовниот процес. 7 лица односно 9 нивни искуства или 7,20% говорат за дискриминација и нееднаквост во образовниот систем.

57 лица (68,67 %) говорат за искуства кои доведуваат до целосна исклученост од остварување на правата од областа сигурни приходи и услуги за поддршка споделувајќи 112 вакви искуства. Од друга страна, испитаниците/чките истакнуваат и 92 позитивни искуства (37,10%) за учество, инклузија и пристапност до сигурни приходи и услуги за поддршка. Најчести проблеми кои ги истакнаа лицата со попреченост за оваа област беа неможност за остварување на одредено право како што е правото за мобилност или туѓа нега. Најголема потреба а со тоа и најголем недостаток лицата со попреченост го истакнаа непостоењето на услугата за поддршка – лична

асистенција која тие воопшто не ја изедначуваат или поистоветуваат со паричниот надоместок – додатокот кој го добиваат за мобилност или за слепило.

Кога станува збор за мошне значајната област во животот на лицата со попреченост – здравје, хабилитација и рехабилитација повеќе од половината од испитаниците наведуваат голем број искуства од оваа област, 58 испитаници наведуваат 321 искуство што покажува дека оваа област е исклучително значајна. Индикативно е тоа што во секој од дадените 5 основни принципи на човековите права доминира негативниот приказ односно кршењето на тој принцип. Најголем дел од испитаниците се жалат на недостапноста на здравствените услуги, а најмногу поради физичката непристапност на здравствените установи (39 испитаници односно 67,24%) кои наведуваат 104 искуства со што се крши принципот на учество, инклузија и пристапност.

Во однос на физичката непристапност како и степенот на пружени услуги, испитаниците понудија повеќе различни ситуации кои на крајот се сведуваат на едно – многу е мал бројот на лица кои се задоволни од овој аспект.

Целосно избалансиран е односот помеѓу испитаниците/чките во областа работа по однос на вклученост или пак исклученост од пазарот на труд односно 43 лица (54,43%) ја истакнале исклученоста од пазарот на труд споделувајќи 80 негативни искуства а исто толкав број на испитаници 43 лица споделиле 86 позитивни искуства за рамноправна вклученост и учество на пазарот на труд.

Пристап до правда е областа која подразбира еднаквост, рамноправност пред законите, пристап до правосудниот систем, пристап до државните институции со цел остварување на одредени права кои ги имаат лицата со попреченост во одредени закони. Најчести причини за кршење на правата во оваа област се однесуваат на физичката непристапност на државните институции каде се остваруваат овие права или пристапност само до влезот и првиот кат. Искуства за кршење на правата од

оваа област се забележани во 37 споделени негативни искуства кои говорат за целосна исклученост од пристап до правда во сегментот учество, инклузија и пристапност, додека само 11 искуства се целосно позитивни кога станува збор за принципот учество, инклузија и пристапност до пристапот до правда. 11 испитаници укажуваат на дискриминација при остварување на одредени права.

Секцијата: Причини за непријавување говори за тоа дали лицата со попреченост ги пријавуваат случаите на дискриминација односно кршењето на човековите права и доколку случаите остануваат непријавени кои се најчестите причини за тоа. Во овој дел од истражувањето податоците покажуваат дека лицата со попреченост во најголем број случаи се одлучуваат да ја пријават дискриминацијата и тоа дури 59 испитаници/чки или 56,19 проценти. Од оние кои не ја пријавуваат дискриминацијата најголем број се оние лица со попреченост кои се сомневаат дека ќе дојде до било каква промена и во ситуации кога ќе се пријави дискриминацијата. Тие сметаат дека ситуацијата на терен во реалноста ќе остане иста и воопшто ништо нема да се промени. По нив следуваат лицата кои се изјасниле дека немале пристап или не биле во можност да пристапат до институција каде треба да се пријави искуството. Овде се и оние испитаници кои немале доволно информации за тоа каде и на кој начин да го пријават својот случај на дискриминација. (22 лица односно 20,95%).

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


| Реден бр. | Опис | Страна |
|---|---|---|
| Табела 1. | Социо-демографски карактеристики на испитаниците опфатени во истражувањето | 36 |
| Табела 2. | Искуства по областите на човековите права – број на испитаници и број на искуства во % | 39 |
| Табела 3. | Области на животот според старосните групи – број на испитаници и број на искуства | 40 |
| Табела 4. | Области на животот според старосните групи – процент на искуства | 41 |
| Табела 5. | Принципи на човековите права – број на испитаници и број на искуства во % | 42 |
| Табела 6. | Здравје, хабилитација и рехабилитација според принципите на човекови права – број на испитаници и број на искуства | 45 |
| Табела 7. | Информации и комуникации по принципите на човековите права – број на испитаници и искуства во % | 64 |
| Табела 8. | Образование по принципите на човековите права – број на испитаници и број на искуства | 71 |
| Табела  9. | Пристап до правда според принципите на човековите права – број на испитаници и искуства во % | 87 |
| Табела 10. | Работа според принципите на човековите права – број лица и број искуства во проценти | 99 |
| Табела 11. | Приватност и семеен живот според принципите на човековите права – број на испитаници и број на искуства | 109 |
| Табела 12. | Искуства по принципите на човековите права во областа  Сигурни приходи и услуги за поддршка – број на лица и број на искуства во проценти | 119 |
| Табела 13. | Учество во општествениот живот според принципите на човековите права – број на испитаници и број на искуства | 130 |
| Табела 14. | Областите на животот според полот – број на испитаници и број на искуства | 154 |
| Табела 15. | Принципи на човековите права според полот – број на испитаници и број на искуства | 157 |
| Табела 16. | Области на животот според старосните групи – број на испитаници во проценти | 159 |
| Табела 17. | Принципи на човековите права според старосните групи – број на испитаници во % | 161 |
| Табела 18. | Области на животот според географското подрачје – број испитаници во проценти | 163 |
| Табела 19. | Принципи на човековите права – број на лица по подрачје во проценти и број на искуства | 166 |
| Табела 20. | Области на животот според видот на попреченост | 169 |
| Табела 21. | Принципи на човековите права според видот попреченост – по број на испитаници во проценти | 172 |
| Табела 22. | Принципи на човековите права според видот попреченост – број на искуства | 173 |
| Табела 23. | Споредба помеѓу областите на живеење и принципите на човекови права – број на испитаници во проценти | 179 |
| Табела 24. | Системски корени на дискриминацијата | 183 |
| Табела 25. | Причини за непријавување и реакции на злоупотреба | 189 |
| Табела 26. | Препораки дадени од испитаниците | 195 |



# ВОВЕД

**„Мораш да го направиш токму она што мислиш дека не можеш“**

Елинор Рузвелт

Оваа публикација им е посветена на сите оние полни со страст и полет, кои се посветуваат себеси во реализација на благородни и вредни каузи, на сите „тивки и гласни бунтовници“ кои не се плашат секојдневно да се соочуваат со предизвици и да се справуваат со своите стравови и сомнежи, кои секогаш се спремни за нови достигнувања и кои се стремат кон височината! Посветена е на сите оние кои како „храбри воини“ ги охрабруваат другите, за заеднички подвизи во кои ќе го направат токму она што сите мислат дека не можат, но ние знаеме дека заедно сѐ е возможно.

Публикацијата која се создаде во рамките на проектот „Слушнете го нашиот глас“ говори со гласот на навидум „немоќните“ наспроти навидум „многу силните и моќните“. Пораката од тие гласови треба да допре до сите оние донесувачи на одлуки, надлежни министерства, државни институции, советници, ментори, професори, академски работници, здравствени работници, работодавачи, кои помеѓу нас ја негуваат посебноста од аспект на извонредност, а не од аспект на потпросечност и ограниченост. Оние првите, кои нѐ охрабруваат да ги следиме нашите амбиции и да придонесуваме целисходно, не само во средината во која живееме, работиме и твориме, туку и во секој поглед на животот, заслужуваат огромна почит за сето нивно залагање да ни го направат светот поубаво место за живеење. Оние, вторите кои и покрај „уши не слушаат“, кои и покрај „очи“ не успеваат да видат им порачуваме дека ние сме овде и ќе бидеме овде

до завршетокот на светот, упорно критикувајќи како нè прават „помалку достоинствени и вредни“ за на крај и тие успеат да ги отворат „очите на нивните срца“ и да станат наши „соборци“ кои заедно со нас ќе креираат општество во кое сите ќе имаме еднаква стартна позиција и еднакви шанси за успех.

Конечно, посветена е на нашите родители кои ги негуваа нашите личности и нè поучуваа да бидеме добри граѓани на Светот – личности со отворени видици, спремни за помош и срца доволно широки да го прифатат секое човечко битие!

И на сите вас добри луѓе кои ни покажавте како само еден човечки живот може да допре многу други. Тоа го сторивте со едноставниот чин на верба во нас при секој чекор на тој наш пат. Без вашето трпение, насочување, постојно охрабрување и конструктивен критицизам, не би го исполниле нашето, па макар и премолчено, лично „ветување“, дека ќе бидеме најдобри!

И покрај огромниот број недостатоци, препреки и предизвици со кои се сретнуваме и се соочуваме секојдневно, ние, лицата со попреченост кои бевме дел од целиот процес на креирање на анализата, но и на оние кои не беа вклучени во процесот а сепак се тука, се препозна, почувствува и согледа, нашата енергија, желба и потреба да учиме, да се надградуваме како личности и професионалци, да се дружиме, да се сакаме и почитуваме, со еден збор да бидеме активни чинители во нашето општество.

Токму поради ова се нагласува и неопходноста од вакви истражувања, како и убеденоста дека сепак нешто позитивно ќе се случи во настојувањата да се достигне мислата – Човек, колку тоа гордо звучи!

Државните органи и институциите на РМ надлежни за лицата со попреченост немаат статистички податоци за бројот на лица со попреченост и видот на попреченоста. Постои евиденција само за корисниците на одредени социјални услуги, финансиски надоместоци и сл. Но, освен податокот за висината на паричниот надоместок, не фигурираат други официјални податоци кои можат да се искористат.

Според СЗО 10-12% од населението во секоја држава, па и во РМ има попреченост.

Државните органи двапати сериозно пристапија кон проблемот и се направија два обиди преку пописот на население да се добие официјален податок за бројот на лица со попреченост. Во пописот на население спроведен во 2002 година не се внесе графа со прашања за попреченоста и со тоа се пропушти можноста за прибирање на такви статистички показатели. Точно десет години подоцна во пописот на население 2012 со континуирано лобирање на граѓанските организации и соработка со Државниот завод за статистика во пописните листи се внесе прашањето на попреченоста. Дури и попишувачите беа едуцирани како да ги поставуваат прашањата. Но пописот, за жал, пропадна!

Во теоријата и праксата во РМ **не постои единствен, усогласен термин за лицата со попреченост.** Во Уставот на РМ член 35, став 3 ги дефинира лицата со попреченост како инвалидни лица. Во Законот за вработување на инвалидни лица и во Законот за социјална заштита се користат термините лица со телесна попреченост и со пречки во интелектуалниот развој.

И во праксата не постои унифициран термин па најчесто се користат термините: лица со инвалидност, лица со инвалидитет, инвалидни лица, инвалиди, лица со хендикеп, хендикепирани лица, лица со пречки во интелектуалниот развој, лица со посебни потреби и поретко, лица со попреченост или лица со специфични потреби. За децата најчесто се користи терминот деца со пречки во развојот или деца со посебни потреби односно деца со посебни образовни потреби кога сака да се нагласи образовниот сегмент од нивниот развој. Инвалидските организации, (со исклучок на Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“), Националниот совет на инвалидските организации, Координативното тело за еднакви можности на лицата со инвалидност го имаат прифатено терминот лица со инвалидност. Голем дел од научните работници го преферираат терминот „лица со инвалидност“. Други, пак, организации чија целна група се лицата со инвалидност го преферираат терминот „лица со хендикеп“. Средствата за јавно информирање, покрај термините лица со инвалид-

ност или хендикепирани лица односно лица со хендикеп, многу често го користат терминот „лица со посебни потреби“.

Во англиската верзија на Конвенцијата на Обединетите нации за еднакви права на лицата со хендикеп/попреченост/ инвалидност, се користи терминот „Persons with Disabilities“. Стои аргументот дека тоа може да има повеќе варијанти на македонски превод, но факт е дека најчесто се преведува како лица со инвалидност. Така е преведено и во српскиот и хрватскиот превод на Конвенцијата.

Од сето погоренаведено може да се заклучи дека во Република Македонија нема општо прифатен термин за поимот „лица со инвалидност“. Преовладува терминот лица со инвалидност, но се користат и термините лица со хендикеп, лица со посебни потреби и лица со интелектуална попреченост.

Од овие причини, а во согласност со сите автори и уредници, преведувачот и членовите на проектот, одлучено е, во оваа публикација/студија да се користи терминот **лице/а со попреченост**, а се остава на читателот да одлучи кој од наведените термини најсоодветно му го опишува поимот на определено отстапување на физичките и психичките пособности на некое лице од оние на просечен претставник на општата популација.

## ⇨ Информации за проектот

Студијата за Мониторинг на индивидуалните искуства во врска со човековите права на лицата со попреченост во Република Македонија се спроведуваше во рамките на проектот „Слушнете го нашиот глас“ финансиран од ЕУ. Имплементатор во РМ е Отворете ги прозорците во партнерство со Центар за ориентација во заедницата од Белград. Овој проект е дел од една глобална иницијатива и колаборативен проект на DRPI-Меѓународната промоција на правата на лицата со инвалидност.

Оваа студија ќе биде дел од холистичкиот извештај кој во себе има уште две компоненти и тоа: Системски мониторинг на законодавството во РМ и

Медиумски мониторинг за следење на правата на лицата со попреченост и нивната застапеност во медуимите. За спроведување на мониторингот на лични искуства избрани се тројца регионални координатори: Даниела Стојановска-Џинговска од Скопје, Претседателка на Здружение на студенти и младинци со хендикеп (ЗСМХ), Биљана Маневска од Велес, член на Управниот одбор на Отворете ги прозорците, Скопје и Ифраим Љута од Тетово, Претседател на Здружението АКТИВЕН ЖИВОТ од Тетово, Здружение за правата на лицата со посебни потреби. За секој регион имаше по еден одговорен координатор кој имаше задача да состави тим од монитори на човековите права за секој регион поединечно.

Тим на монитори од Североисточен регион на Македонија: Скопје Куманово и Крива Паланка: Кирил Ѓуровски, Сандра Пешевска Мицковска, Игор Тодоровски, Бојан Грујевски, Борјана Златанова и Ванчо Чибански.

Тим на монитори од Централно-Источен Регион на Македонија: Велес, Кавадарци, Гевгелија и Струмица: Јадранка Лазаровска, Благој Трпчев, Николчо Делов, Михајло Михајлов, Богоја Јошев, Султана Јошева, Жана Дучкова и Мери Туџарова.

Тим на монитори од Западна Македонија: Махмут Изаири, Ненад Ристески, Сабри Зендели, Зендел Зулбеари, Лилјана Димитријевска, Венко Голабоски.

## ⇨ Методологија на истражувањето

Извештајот за мониторинг на личните искуства како дел од методологијата на холистичко мониторирање опфати примерок од 105 интервјуа спроведени во цела Македонија. Иако Р. Македонија официјално е поделена 8 региони за потребите на овој тип на квалитативно истражување се направи поделба на три големи региони и тоа:

- Североисточен регион: Скопје, Куманово и Крива Паланка.
- Централноисточен регион: Велес, Штип, Кавадарци, Струмица, Гевгелија и други.

- Западен регион :Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Охрид и Струга и други.

Во сите три региони се спроведоа еднаков број на интервјуа, по 35 во секој регион со координација на тројца регионални координатори. Во регионите се водеше сметка за правична застапеност меѓу половите, по етничка основа и по вид и степен на попреченост. Беа опфатени лица со физичка попреченост/на мобилност, лица со делумно и целосно оштетување на видот и лица со делумно и целосно оштетување на слухот.

Целта на квалитативното истражување преку спроведување на интервјуа беше да се стекне увид во реалните искуства на лицата со попреченост во остварувањето на нивните човекови права. Наодите од мониторингот се засновани на докази и факти и многу е значајно што тие можат да се искористат да се утврди во колкава мера лицата со попреченост се соочуваат и се изложени на дискриминација.

Податоците се прибираа со директен контакт лице в лице со испитаниците. Интервјуата ги спроведуваа претходно обучени монитори кои и самите се лица со попреченост. Мониторите одеа во пар при што се водеше сметка и покрај нивната попреченост тие да бидат фунционални парови кои меѓусебно ќе се поддржуваат, ќе си помагаат и ќе се надополнуваат.

Интервјуата се снимаа на диктафон и за снимањето и учеството во интервјуто мониторите бараа потпишана согласност од секој испитаник/чка.

Кога станува збор за селекција на испитаниците, иницијална група на испитаници беше избрана од страна на регионалните координатори додека наредните испитаници се бираа со помош на техниката „грутка снег“ која е позната по корисноста за пристап до група до која е тешко да се дојде: испитаникот предлага следен испитаник. И секако, се користеа лични познанства на испитаниците, мрежи од други организации.

Локалните координатори ги контактираа потенцијалните испитаници објаснувајќи ја целта на интервјуто. Во предвид беа земени сите потребни услови за да може да се спроведе интервјуто: соодветен простор, присуство

само на мониторите и испитаникот поради објективност во изјавите, прилагодување на материјалите, други услови земајќи ги во предвид видот на попреченоста и други барања на испитаникот или мониторот. Секое интервју траеше во просек од 1 до 2 часа, а снимениот материјал е со просечно времетраење од околу 50 минути по интервју. Интервјуата беа спроведени согласно Водичот за интервју кој е развиен согласно DRPI Меѓународната промоција на правата на лицата со инвалидност (Disability Rights Promotion International) кој пред почетокот на интервјуата беа адаптирани условите, потребите и контекстот во Р. Македонија.

Водичот содржеше полуструктурирани прашања кои ги наведуваа испитаниците да говорат за својот живот а на мониторите им служеа како потсетник за областите во кои требаше да се одвива разговорот. Испитаниците обично наведуваа две или три клучни теми во кој можеше да се одвива разговорот понатаму истражувајќи детали за состојбата со човековите права засновани на 5 принципи.

Студијата се заснова на тие 5 клучни принципи на човековите права и тоа: достоинство, самостојност, учество, инклузија и пристапност, недискриминација и еднаквост и почитување на разликите во 8 клучни области од животот на лицата со попреченост и тоа: здравје, хабилитација и рехабилитација, информации и комуникации, образование, пристап до правда, работа, семејство и приватен живот, сигурни приходи и услуги за поддршка, учество во општествениот живот. Во сите 8 области се направи компаративна анализа и класификација на искуствата на испитаниците по следните атрибути: пол, вид на попреченост и време на добивање на попреченоста вродена или стекната, регион и место на живеење, старосната група во која припаѓаат, образованието со кое се стекнале, работниот статус, користење на парични/ финансиски надоместоци по основ на попреченоста или социо-економскиот статус.

Интервјуата и нивната анализа се одвиваа паралелно во текот на 2015 година. Собраните интервјуа/звучните фајлови беа пренесени, напишани во текстуални датотеки (фајлови) и потоа кодирани со помош на шемата за кодирање по DRPI методологијата за на крај да бидат

анализирани со помош на посебен софтвер наменет за квалитативна анализа на податоците, NVivo 10.

### ➪ Предности и недостатоци на проектот

Клучна и најзначајна карактеристика на мониторингот на личните искуства, кој на некој начин е негово обележје, е вклученоста на лицата со попреченост и нивните организации во сите фази од реализација на мониторингот.

Фактот што лицата со попреченост беа интервјуирани и требаше самите да говорат пред нивните „соборци“ и „паталци“, колеги, другари, пријатели исто така лица со попреченост создаде атмосфера на меѓусебна доверба и разбирање истовремено градејќи свесност помеѓу лицата со попреченост за важноста на мониторингот и собирање на конкретни докази и искуства за кршење на човековите права. Директното вклучување на лицата со попреченост во процесот на холистички мониторинг создава основа за креирање на одржлив мониторинг кој е еден од клучните предности истакнат во Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост. Во текот на истражувањето испитаниците себеси не се доживееја само како лица кои задолжително треба да дадат одговор на прашањата на мониторите, туку разговорот прертставуваше можност да се запознаваат со некои свои права и начини на остварување на истите. Комуникацијата во текот на процесот на интервјуирање не беше „еднонасочна“, мониторите да им ги даваат информациите на испитаниците туку се работи за взаемна комуникација во која и испитаниците имаат слобода на мониторите да им дадат некои информации за нивните права до кои тие до тој момент не дошле. Преку примена на полуструктурираниот прашалник се остави простор испитаниците да говорат за теми, проблеми кои се за нив од суштинско значење отколку стриктно и кратко само да одговараа на прашања. Овој начин на интервјуирање дава јасен и детален увид во искуствата на лицата со попреченост за кршење на човековите права и принципи на човековите права со кои се соочуваат.

Освен предностите на проектот неопходно е да се нагласат и неговите недостатоци.

Се смета дека примената на техниката „грутка снег“ има за цел да го надмине ризикот од одбирање на лица со слични карактеристики. Во овој случај лицата со физичка попреченост препорачуваа најчесто исто така лица со физичка попреченост нивни роднини или пак членови од иста организација на лица со попреченост. Поради тоа локалните координатори имаа тешка задача да го балансираат примерокот земајќи ги во предвид типот/видот на попреченоста. Тие успеаја да го надминат користејќи ги своите мрежи и контакти на лица со друг вид на попреченост со кои тесно соработуваат.

Освен тоа секој испитаник требаше да потпише доброволна и информирана согласност за учество во интервју. Понекогаш лицата со попреченост непосредно пред самиот процес на интервјуирање се откажуваа од учество во истражувањето или поради несогласувањето да бидат снимени на диктафон или пак поради фактот што не сакаа да ја потпишат согласноста. Но, овие лица беа во многу мал број. Согласноста не е можно да се добие од малолетни лица со попреченост, како и лица со интелектуална попреченост, така што тие не се интервјуирани односно не се предмет на анализа во овој извештај.

Оттука се наметнува потребата за дополнителна доработка на прашалниците, водичот за интервју и целиот материјал со што тој целосно би ги задоволил потребите и на овие целни групи кои би биле предмет на анализа во некоја следна фаза на истражување, бидејќи само така ќе се добие целосна слика за кршењето на човековите права на сите граѓани со попреченост.

# МОНИТОРИНГ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ – ЛИЧНИ ИСКУСТВА


полуостров и
Главен град на Италија
Ватикан и Сан Марино се
msi

# ПРВ ДЕЛ

## Карактеристики на географското подрачје опфатено со мониторингот

## Демографски и социо-економски профил на Р. Македонија како мониторинг подрачје

Според податоците од последниот попис на население, станови и домаќинства (2002), Република Македонија брои 2.022.547 жители, што е за 3,9 отсто повеќе во однос на претходниот попис (1994), а е за 43,0 отсто повисок во однос на 1948 година. Според проценките на населението од Државниот завод за статистика (ДСЗ), вкупното население во 2006 година било 2.040.228 жители.

Според проекциите (средна варијанта) на Обединетите нации (ОН) се очекува намалување на бројот на населението и тоа во 2015 да изнесува 2.037.000, во 2025 2.001.000, а во 2050 1.746.000 жители[1]. Мерено со просечен пораст на населението, од 2010 година се очекува негативен пораст од 0,04 отсто, кој континуирано ќе продолжи и во наредниот период кога се очекува намалување на населението во периодот 2007 – 2050 година за 14,4 отсто.

Густината на населението на ниво на држава изнесува 79,3 жители на км$^2$, што ја сместува Република Македонија во релативно поволна ситуација. Меѓутоа, од аспект на регионалната поделеност, вредностите се помалку поволни.

[1] United Nations (2006) World Population Prospects The 2006 Revision

Скопскиот регион е најгусто населен со 326 жители на км$^2$, а по него следи Полошкиот регион со 128 жители на км$^2$. Наспроти нив, Вардарскиот регион е најретко населен (со 39,3 жители на км$^2$). Ваквата регионална диференцираност го наметнува проблемот на одржливост на регионите, во поглед на нивната населеност, структура на населението како и нивните економски и социјални состојби.

Ако се има предвид дека постоењето на градски населби, во одредена мерка го релативизира впечатокот за густината на населеност, фактот дека во Пелагонискиот регион се концентрирани 5 градски населби во кои живеат 67,9 отсто од населението, во Вардарскиот регион има 4 градски населби каде живеат 69,4 отсто од населението, а во Источниот регион има дури 9 градски населби во кои живеат 65,4 отсто од населението, укажува на речиси потполна депопулација на селските средини во овие региони. Спротивно на ова, во Полошкиот регион каде што се наоѓаат само две градски населби во кои се концентрирани само 28,9 отсто од населението, лесно е воочливо дека постои густа концентрација на населението во селските населби.

Иако, од вкупно 1.762 населени места само 34 имаат градски карактер, во нив се концентрирани дури 57,8 отсто од вкупното население, а само во една градска населба (градот Скопје) живее 20,5 отсто од вкупното население на државата. Од друга страна, 141 населени места со рурален карактер целосно се депопулизирани, а слична судбина, многу скоро можат да дочекаат уште 455 населени места. Наспроти ова, 240 рурални населени места имаат повеќе од 1000 жители.

Но во овој попис на населението како и точно десет години подоцна во пописот на население 2012 со континуирано лобирање на граѓанските организации и соработка со Државниот завод за статистика во пописните листи се внесе прашањето на попреченоста. Дури и попишувачите беа едуцирани како да ги поставуваат прашањата. Но пописот за жал, пропадна!

Според СЗО 10-12% од населението во секоја држава па и во РМ има попреченост.

Секоја надлежна институција во Р. Македонија води евиденција само за корисниците на одредени социјални услуги, финансиски надоместоци и сл. Но, освен податокот за висината на паричниот надоместок, не фигурираат други официјални податоци кои можат да се искористат. Според достапните статистички податоци, од 2007 година за лица со попреченост кои примаат некаков надоместок нега од друго лице (туѓа нега) или посебен додаток во Македонија има 13.063 лица со попреченост од кои 6.676 се деца и 6.387 се возрасни лица со попреченост. Според поновите податоци достапни од Државниот Завод за статистика вкупниот број на полнолетни корисници од социјална заштита во Р. Македонија за 2013 година е 35.969 лица, а за 2014 година се 37.083 корисници на социјална заштита.

Од вкупниот број на лица, лицата со попреченост поделени по категории како корисници на социјална заштита се: лица со оштетен вид 1.623 во 2013 година, а во 2014 2.374 лица со оштетен вид. Лица со оштетен слух полнолетни корисници на социјална заштита за 2013 год. се 342 а во 2014 се 1.955. Лица со телесен инвалидитет во 2013 год. се 10.533, а во 2014 овој број изнесува 11.681. Лица со пречки во менталниот развој во 2013 година изнесува 3.705 лица, а за 2014 година е 3.754. Од  лицата со комбинирани пречки полнолетните корисници на социјална заштита за  2013 год. изнесува 2.685, а за 2014 година бројот на овие лица е намален на 2.653 лица. Другите податоци отпаѓаат на категориите на лица кои се исклучени, материјално необезбедени, стари лица и други корисници. Но мора да се напомене дека овде станува збор за лица кои имаат 100% оштетување, попреченост и за оние кои административно се избориле за добивање на овој надоместок. Оние другите се невидливи за државата[2].

Според податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија вкупниот број на невработени лица со инвалидност до 31.12.2014 година изнесува 1.443. Од нив најголем број на невработени лица со инвалидност

2 http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=24, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=24-понови достапни податоци за број на лица со попреченост корисници на различни надоместоци од Државниот завод за статистика.

има на територија на Град Скопје и тоа вкупно 400 лица од кои 206 лица се на возраст од 30-34 години а по нив следуваат лицата со инвалидност кои припаѓаат на возрасната група од 35 до 38 години и тоа 196 лица[3].

И организациите на лица со попреченост поседуваат одредени бројки и факти но и тие не можат да се земат како официјални поради фактот што не сите лица со попреченост членуваат во тие организации. Уште поголем проблем е и тоа што поради правото на слобода на здружување некои лица членуваат во повеќе здруженија/организации на лица со попреченост (на пример во Сојузот на слепи лица, во Здружение на студенти и младинци со хендикеп - Скопје и во Федерацијата за спорт), што овие податоци ги прави целосно неупотребливи. Но само како илустрација за да се стекне увид во фактичката состојба ги претставуваме тие бројки.

Од поглавјето Образование од „Извештај за лицата со инвалидност во Република Македонија“ од 2006-2007, Сојузот на телесно инвалидизирани лица вкупно брои 5.884 членови. Резултатите се приближни и застарени, но може да се сметаат како прилично релевантни вредности за Република Македонија.

Во согласност со податоците со кои располага Сојузот на слепи лица, има регистрирано 2.741 член (податоците се од 2006 година). Меѓутоа, уште веднаш се забележа дека постојат некои дискрепанци помеѓу бројот на членовите и вкупниот број на лицата вклучени во истражувањето, но во недостаток на други податоци, ние ги доставивме податоците во оригинал, само ги преземавме.

Сојузот на глуви и наглуви  лица на Македонија не истакна точен број на членови но истакнува дека согласно податоците со кои располага само десет глуви лица завршиле високо образование, сите на Факултетот за уметности, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ УКИМ во Скопје. Дополнително, уште 7 глуви лица во Скопје завршиле редовно средно уметничко училиште (податоци од 2006 г.). Податоците за лицата со интелектуална попреченост се дадени според бројот на

[3] http://www.avrm.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/Dekemvri%202014/NevrabotenilnvalidiPoVozrast122014.pdf

ученици во посебните училишта, но и тие во моментот се целосно ирелевантни поради фактот дека со процесот на инклузија голем број на лица со лесна и умерена интелектуална попреченост се опфатени во редовниот образовен процес.



# ВТОР ДЕЛ

## - Наоди од истражувањето

### Примерок на истражувањето

Извештајот за мониторинг на личните искуства како дел од методологијата на холистичко мониторирање опфати примерок од 105 интервјуа спроведени на територија на Р. Македонија. Иако Р. Македонија официјално е поделена 8 региони за кои дадовме опис погоре за потребите на овој тип на квалитативно истражување се направи поделба  на три големи региони и тоа:

- Североисточен регион – Скопје, Куманово и Крива Паланка.
- Централноисточен регион – Велес, Штип, Кавадарци, Струмица, Гевгелија и други.
- Западен регион – Тетово Гостивар, Кичево, Дебар, Охрид и Струга и други.

Примерокот на истражување изнесуваше вкупно 105 испитаници претставници на двата пола машки и женски, припадници/чки на 5 различни старосни групи со различен вид и степен на попреченост во трите региони. Социо-демографските карактеристики кои се земени во предвид како истражувачки атрибути се: степенот на образование на испитаниците/чките, работниот статус, видот на финансиски надоместок кој го добиваат по основ на попреченоста, местото на живеење и времето на стекнување на попреченоста.

| Табела 1. | Социо-демографски карактеристики на испитаниците опфатени во истражувањето | | |
|---|---|---|---|
| **Атрибут** | **Опис** | **Фреквенција** | **Процент (%)** |
| Пол | мажи | 66 | 62.86% |
| | жени | 39 | 37.14% |
| Старосна група | 18-25 | 7 | 6.67% |
| | 26-40 | 33 | 31.43% |
| | 41-55 | 42 | 40.00% |
| | 56-70 | 21 | 20.00% |
| | 70+ | 2 | 1.90% |
| Вид попреченост | Телесна | 58 | 55.24% |
| | Сензорна/оштетен вид | 33 | 31.43% |
| | Сензорна/оштетен слух | 12 | 11.43% |
| | Интелектуална | 0 | 0.00% |
| | Комбинирани пречки | 2 | 1.90% |
| Подрачје на живеење | Голема урбана средина | 25 | 23.81% |
| | Мала урбана средина | 62 | 59.05% |
| | Рурална средина | 18 | 17.14% |
| Образование | Основно редовно | 14 | 13.33% |
| | Основно посебно | 1 | 0.95% |
| | Средно редовно | 44 | 41.90% |
| | Средно посебно | 23 | 21.90% |
| | Факултет | 21 | 20.00% |
| | Без образование | 2 | 1.90% |
| Финансиски примања | Плата | 25 | 23.81% |
| | Пензија | 24 | 22.86% |
| | Плата/пензија и паричен додаток | 18 | 17.14% |
| | Паричен додаток | 5 | 4.76% |
| | Невработен/а | 31 | 29.52% |
| | Издржувано лице | 2 | 1.90% |
| **Вкупно испитаници** | | **105** | **100.00%** |

Иако примерокот требаше да биде родово избалансиран сепак на крајот од истражувањето се појави доминација на испитаници од машки пол со вкупен број од 66 испитаници или 62.86%, наспроти 39 испитанички од женски пол или во проценти 37.14%.

40% од испитаниците припаѓаат на старосната група од 41-55, 31,43% отпаѓа на возрасната група од 26-40 години, 20,00% се однесуваат на испитаници/чки од возрасната група од 56-70 години, 6,67% отпаѓаат на испитаници /ки кои се на возраст од 18-25 години кои се најмладите учесници/чки во истражувањето. Најмал процент од испитаниците/чките 1,90% се припадници на најстарата група на лица на возраст над 70 години.

Во однос на попреченоста најзастапени се лицата со телесна попреченост повеќе од половина од испитаниците/чките 55,24%, по нив следуваат лицата со сензорна попреченост кои се лица со целосно или делумно оштетување на видот 31,43%, па лицата со делумно и целосно оштетување на слухот 11,43% и само незначителен процент од 1,90% им припаѓаат на лицата со комбинирани пречки. Најголем процент од испитаниците/чките завршиле средно образование и тоа 41,90% завршиле редовно средно училиште а завршиле посебно средно училиште 21,90%, 20% од испитаниците/чките завршиле високо образование, факултет. 13,33% од испитаниците/чките завршиле само основно образование, а само 2% од испитаниците се без образование.

Највисок процент од лицата со попреченост кои учествуваа во истражувањето се невработени 29,52% на кои им се додаваат и оние 1,90% кои се изјасниле како издржувани лица. Испитаниците/чките кои децидно се изјасниле дека се примател на плата се 23,81%, а примател на пензија се 22,86% од интервјуираните. Висок процент отпаѓа на оние испитаници/чки 17,14% кои или се корисници на плата односно пензија и дополнително користат некои парични надоместоци кои им следуваат по однос на попреченоста што овде се прикажани заедно како плата, пензија и паричен додаток. Како корисници пак само на одреден паричен надоместок се изјасниле 4,76% испитаници/чки.

Процентуално најзастапени се испитаниците/чките кои се жители на мала урбана средина 59,05 %, а по

нив следуваат испитаниците/чките кои живеат во голема урбана област, Градот Скопје 23,81%, а најмалку лица со попреченост живеат во рурална средина 17,14%.

**Напомена:** Податоците кои се прикажани овде се однесуваат само на карактеристиките на одредена група на поединци одбрани за интервјуирање и токму поради тоа не се однесуваат на сите лица со попреченост на географското подрачје на кое се вршел мониторингот. Важно е да се земат предвид социо-демографските карактеристики на испитаниците/чките при интерпретација на резултатите од ова истражување.

## Области на животот по принципите на човековите права

Во ова истражување прикажано е како 5 клучни принципи се почитуваат во 8 најбитни области од животот на лицата со попреченост. Студијата се заснова на тие 5 клучни принципи на човековите права и тоа: достоинство, самостојност, учество, инклузија и пристапност, недискриминација и еднаквост и почитување на разликите во 8 клучни области од животот на лицата со попреченост и тоа: здравје, хабилитација и рехабилитација, информации и комуникации, образование, пристап до правда, работа, семејство и приватен живот, сигурни приходи и услуги за поддршка, учество во општествениот живот.

Во сите 8 области се направи компаративна анализа и класификација на искуствата на испитаниците по следните атрибути: пол, вид на попреченост и време на добивање на попреченоста – вродена или стекната, регион и место на живеење, старосната група во која припаѓаат, образованието со кое се стекнале, работниот статус, користење на парични/ финансиски надоместоци по основ на попреченоста или социо-економскиот статус. За секој од споменатите области на животот анализата е направена дали се почитуваат 5-те принципи во дадената област односно позитивните односно негативните искуства дали принципот се почитува или не се почитува т.е. се крши.

**Напомена:** Во едно интервју испитаниците/чките во најголем број случаи говореа за повеќе искуства односно ситуации со кои се соочувале испитаниците/ките поради својата попреченост. Поради тоа резултатите прикажани во овие табели се однесуваат на бројот на испитаници/чки и бројот на искуства кои испитаниците/чките ги наведуваа во одредена област/и. Бројот на искуства е значително поголем бидејќи во едно интервју кај испитаниците/чките кодирани се повеќе различни ситуации со кои испитаникот бил соочен.

Табела 2. Искуства по областите на човековите права - број на испитаници и број на искуства во %

| Области на животот | Број на лица | % | Број искуства | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 : Здравје, хабилитација и рехабилитација | 58 | 55,24% | 321 | 11,33% |
| 2 : Информации и комуникации | 53 | 50,48% | 104 | 3,67% |
| 3 : Образование | 43 | 40,95% | 125 | 4,41% |
| 4: Пристап до правда | 44 | 41,90% | 107 | 3,78% |
| 5: Работа | 79 | 75,24% | 345 | 12,18% |
| 6: Семејство и приватен живот | 100 | 95,24% | 299 | 10,56% |
| 7 : Сигурни приходи и услуги за поддршка | 69 | 65,71% | 248 | 8,76% |
| 8 : Учество во општествениот живот | 105 | 100,00% | 1283 | 45,30% |
| **Вкупно:** | **105** | **100,00%** | **2.832** | **100,00%** |

Во табела 2 е прикажано колкав број на испитаници говореле за различни искуства со кои се соочиле во областите на живот. Може да се види дека испитаниците во најголем број споменува искуства од областа учество во општествениот живот каде има дури 1.283 искуства односно 45,30%. Во областа работа споделени се 345

искуства односно 12,18%. Потоа следува областа здравје, хабилитација и рехабилитација каде испитаниците/чките споделиле 321 искуство или во проценти 11,33%. Семејството и приватниот живот како област е застапена со фреквенција на застапеност од 299 искуства или 10,56%. Областа сигурни приходи и услуги за поддршка е застапена со 248 споделени искуства (8,76%). Образованието како област е застапено со 125 споделени искуства (4,41%). Најмалку искуства за кои говореле испитаниците/чките припаѓаат на областите пристап до правда со 107 искуства (3,78%) и областа информации и комуникации со најмал процент на застапеност од 4,41%.

Табела 3. Области на животот според старосните групи – број на испитаници и број на искуства

| Старосна група во години / Области на животот | 18-25 | 26-40 | 41-55 | 56-70 | 70+ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1: Здравје, хабилитација и рехабилитација | 1 (2) | 17 (68) | 27 (87) | 13 (75) | 0 |
| 2: Информации и комуникации | 5 (8) | 16 (24) | 21 (42) | 10 (18) | 1 (2) |
| 3: Образование | 7 (44) | 18 (42) | 13 (14) | 5 (10) | 0 |
| 4: Пристап до правда | 2 (4) | 12 (22) | 22 (43) | 8 (12) | 0 |
| 5: Работа | 4 (7) | 32 (144) | 30 (115) | 12 (25) | 1 (1) |
| 6: Семејство и приватен живот | 5 (16) | 33 (64) | 40 (99) | 20 (57) | 2 (9) |
| 7: Сигурни приходи и услуги за поддршка | 6 (13) | 22 (60) | 34 (93) | 19 (64) | 2 (4) |
| 8: Учество во општествениот живот | 7 (73) | 33 (294) | 42 (430) | 21 (220) | 2 (8) |
| **Вкупно:** | **7 (100,00%)** | **33 (100,00%)** | **42 (100,00%)** | **21 (100,00%)** | **2 (100,00%)** |

| Табела 4. | Области на животот според старосните групи – процент на искуства | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Старосна група во години / Области на животот | 18-25 | 26-40 | 41-55 | 56-70 | 70+ |
| 1: Здравје, хабилитација и рехабилитација | 1.36% | 10.85% | 10.82% | 16.78% | 0.00% |
| 2: Информации и комуникации | 5.44% | 3.83% | 5.22% | 4.03% | 10.53% |
| 3: Образование | 29.93% | 6.70% | 1.74% | 2.24% | 0.00% |
| 4: Пристап до правда | 2.72% | 3.51% | 5.35% | 2.68% | 0.00% |
| 5: Работа | 4.76% | 22.97% | 14.30% | 5.59% | 5.26% |
| 6: Семејство и приватен живот | 10.88% | 10.21% | 12.31% | 12.75% | 47.37% |
| 7: Сигурни приходи и услуги за поддршка | 8.84% | 9.57% | 11.57% | 14.32% | 21.05% |
| 8: Учество во општествениот живот | 49.66% | 46.89% | 53.48% | 49.22% | 42.11% |
| **Вкупно:** | **7** (100,00%) | **33** (100,00%) | **42** (100,00%) | **21** (100,00%) | **2** (100,00%) |

Во табелата 3 и табелата 4 се прикажани бројот на испитаници кои споделиле искуства по области, припадници/чки на различни возрасни групи односно процентот на споделени искуства. И овде процентуалната застапеност на сите споделени искуства во најголем дел се однесуваат на областа учество во општествениот живот каде најмногу искуства споделиле испитаниците од возрасната група 41-55 години и тоа 53,48% искуства. 47,37% од испитаниците/чките кои припаѓаат на возрасната група 70+ и тоа во областа семејство и приватен живот. Висок процент од околу 30% (29,93%) испитаниците/чките припадници на возрасната група

18-25 години ги споделиле своите искуства од областа образование.

| Табела 5. | Принципи на човековите права – број на испитаници и број на искуства во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **98** | **93.33%** | **306** | **12.86%** |
| 2 : NEGDIG | 84 | 80.00% | 184 | 7.73% |
| 3 : POSDIG | 66 | 62.86% | 122 | 5.13% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **70** | **66.67%** | **162** | **6.81%** |
| 5 : D&INEQ | 64 | 60.95% | 146 | 6.14% |
| 6 : ND&EQ | 14 | 13.33% | 16 | 0.67% |
| **7 : Почитување на разликите** | **104** | **99.05%** | **584** | **24.55%** |
| 8 : DISRESP | 97 | 92.38% | 358 | 15.05% |
| 9 : RESP | 82 | 78.10% | 226 | 9.50% |
| **10 : Самостојност** | **82** | **78.10%** | **256** | **10.76%** |
| 11 : LA | 72 | 68.57% | 221 | 9.29% |
| 12 : SD | 29 | 27.62% | 35 | 1.47% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **105** | **100.00%** | **1071** | **45.02%** |
| 14 : EXC | 103 | 98.10% | 451 | 18.96% |
| 15 : INC | 105 | 100.00% | 620 | 26.06% |
| **Вкупно:** | **105** | **100.00%** | **2379** | **100.00%** |

Во табелата 5 прикажани се петте принципи на човековите права во нивната позитивна и негативна варијанта односно даден е приказ за тоа колку лица со попреченост доживеале почитување на правото или пак кршење на правото и дискриминација. Истовремено е даден и преглед за тоа колку опишаните искуства на

лицата со попреченост се однесувале на одреден принцип. Лесно може да се забележи дека сите испитаници споделиле искуства кои се однесуваат на принципот учество, инклузија и пристапност и дека 103 испитаници доживеале кршење на овој принцип. Голем процент од испитаниците/чките доживеале кршење на принципот почитување на разликите 15,05% како и принципот достоинство 306 искуства односно 12,86% почувствувале непочитување на човечкото достоинство, губење на достоинството. Говорејќи за принципот недискриминација и еднаквост 66,67% од испитаниците/чките доживеале дискриминација и биле поставени во нерамноправна положба во однос на останатите сограѓани. Висок процент од 9,29% укажуваат на недостаток од автономија и зависност од другите по однос на одлучувањето кога станува збор за принципот самостојност. Процентот од само 1,47% од искуствата кои говорат за самостојност во донесувањето на одлуките јасно говори за зависноста на лицата со попреченост од други лица.



# Здравје, хабилитација и рехабилитација

**Кон среќата треба да се однесуваме како кон здравјето: да уживаме во неа додека е добра и да бидеме трпеливи кога е лоша.**

Ла Рошфуко

Како што покажа анализата на податоците, ова е еден од најбитните сегменти во животот на лицата со попреченост кои ги понудија своите искуства поврзани со пристапот и/или скратувањето на услугите од областа на здравството, хабилитацијата и рехабилитацијата и обезбедување на највисока можна здравствена грижа на самите лица со попреченост.

Табела 6. Здравје, хабилитација и рехабилитација според принципите на човекови права – број испитаници и број искуства

| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
|---|---|---|---|---|
| **1 : Достоинство** | **23** | **39,66%** | **32** | **9,97%** |
| 2 : NEGDIGHEALTH | 16 | 27,59% | 17 | 5,30% |
| 3 : NEGDIGHEALTH 2 | 1 | 1,72% | 1 | 0,31% |
| 4 : POSDIGHEALTH | 10 | 17,24% | 14 | 4,36% |
| **5 : Недискриминација и еднаквост** | **18** | **31,03%** | **24** | **7,48%** |
| 6 : D&INEQHEALTH | 16 | 27,59% | 21 | 6,54% |
| 7 : ND&EQHEALTH | 3 | 5,17% | 3 | 0,93% |
| **8 : Почитување на разликите** | **37** | **63,79%** | **76** | **23,68%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 : DISRESHEALTH | 32 | 55,17% | 52 | 16,20% |
| 10 : RESPHEALTH | 18 | 31,03% | 24 | 7,48% |
| **11 : Самостојност** | **25** | **43,10%** | **42** | **13,08%** |
| 12 : LAHEALTH | 24 | 41,38% | 41 | 12,77% |
| 13 : SDHEALTH | 1 | 1,72% | 1 | 0,31% |
| **14 : Учество, инклузија и пристапност** | **46** | **79,31%** | **147** | **45,79%** |
| 15 : EXCHEALTH | 39 | 67,24% | 104 | 32,40% |
| 16 : INCHEALTH | 25 | 43,10% | 43 | 13,40% |
| **Вкупно:** | **58** | **100,00%** | **321** | **100,00%** |

Како што може да се види од Табела 6. повеќе од половината од испитаниците наведуваат голем број искуства од оваа област (58 испитаници наведуваат 321 искуство) што покажува дека оваа област е исклучително значајна. Индикативно е тоа што во секој од дадените 5 основни принципи на човековите права доминира негативниот приказ односно кршењето на тој принцип. Најголем дел од испитаниците се жалат на недостапноста на здравствените услуги, а најмногу поради физичката непристапност на здравствените установи (39 испитаници односно 67,24% кои наведуваат 104 исксутва односно 32,40%), со што се крши принципот на **учество, инклузија и пристапност.**

Во однос на физичката непристапност како и степенот на пружени услуги,  испитаниците понудија повеќе различни ситуации кои на крајот се сведуваат на едно – многу е мал бројот на лица кои се задоволни од овој аспект од самите институции. Секако вреди да се спомнат неколкуте позитивни искуства од оваа област:

*М: Моментално сте на бања, како сте задоволни од условите во бањата?*

*И: Па, овдека сум 18-19 години во бањата. Условите наши се задоволителни, мислам, добро е, задоволни сме. Од Негорски Бањи сме задоволни.*

*М: Има услови, пристапно е?*

*И: Да, пристапно е.*

*М: Базенот?*

*И: Базенот пристапен.*

*М: Персоналот?*

*И: Персоналот, да, сите се супер. Немам зборови, супер е. Не би „тепала“ 200 километри да не е добро.*

(жена, 37 г., телесна попреченост)

Како што може да се види од самите резултати многу е поголем бројот на негативни искуства односно немање пристап до здравствените установи и услуги (67,24%), а ова е особено изразено кај лицата со тешка телесна попреченост, лица кои користат инвалидска количка, патерици и/или имаат сериозни тешкотии при движењето. Наведена е физичката непристапност на самите здравствени институции, бањски лечилишта, амбуланти, опрема, несоодветни тоалети и слично.

*И: Здравствената установа, кај нас е затворена амбулантата. Лекар нема, матичен лекар по Велес бараме. Тоа е најтежок проблем. Амбулантата ја затворија, нашите татковци и дедовци работеле, на крај за да се затвори, на крај клуч на врата, со овие приватизации и тоа е. Матичен лекар во Велес.*

(маж, 52 г., лице со оштетен вид)

*И: Пристапот до амбулантата е неприлагоден .. да речам непристапно .. самата амбуланта додека да дојдеш до докторката има скали .. до скоро време по скалите немаше ни ограда, додека една од докторките не беше повредена да го почувствува тоа чувство дека потребно е навистина да се има ограда на такви места. Бидејќи амбулантата нам ни треба, ако не, на пример, секој ден, два пати во месецот треба да отидеме и за лекарства да ни се препише или било што, да се консултираме, ама највеќе, нели за лекарствата, се разбира.*

(жена, 41 г., телесна попреченост)

*М: Дали сте му побарале некогаш да симне во некоја долна канцеларија, за кратко за да ве прегледа?*

*И: Не, зашто кога беше тогаш дојде Министерот за здравство да отвори овдека за уво, нос и грло тоа што е, зошто немаше едно две три години, и кога дојде јас викам, е сега ќе те начекам и со количката баш пред амбулантата овде и јас викам `господин министре да ви кажам нешто, убаво што отворивте еве веќе три четири години немаме, во град треба да одиме, само едно е големо промашување во здравството`, (кое, кое?) `кое да ви кажам кое: Јане Сандански, Чаир, Ѓорче Петров, Сингелиќ има поликлиники? А на втори спрат како ќе се качиме викам, а јас како ќе се качам сега на втори, нема лифт овде` (готово ќе средиме и тоа) оооо тоа ќе е идно несвршено време.*

(маж, 64 г., телесна попреченост)

*М2: А како е до клиничкиот центар кај вас, во болницата?*

*И: Клиничкиот центар .. има рампа, ама е многу остра, стрмна е.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

*И: Па немам таков проблем, прво јас претежно сум на клиника, лифтови има, има пристапи, пристапни рампи ... проблем имам таму што нема ни еден тоалет направено за инвалиди и тоа одамна ме ... затоа што имам бубрежна слабост два пати месечно одам на терапија, во лабораторија сум нон стоп. Принуден сум, можеби ќе звучи глупаво, да зимам мокрача од дома да носам затоа што во ни еден тоалет не можам да влезам за да однесам во лабораторија ... е тоа е голем проблем.*

(маж, 67 г., телесна попреченост)

*И: ... но последниов случај беше доста интересен, кога на факултет не натераа да одиме на систематски преглед во една амбуланта која во суштина беше непристапна. Пристигнав пред амбулантата и не*

*можев да ги искачам скалите затоа што беше горе на кат а немаа лифт. И не можев да отидам, после тоа ми завршија работа со тоа што не ме проверија, не ми направија систематски преглед, ми ставија печат во индексот ама не ја направивме потребната процедура. Тоа беше само процедурално завршена работа ама систематски преглед не ми направија.* (маж, 33 г., телесна попреченост)

Со последните измени на законот за здравствена заштита, прописите за услуги во здравството, обезбедувањето правовремена и соодветна услуга, и остварувањето на правото на бањско лекување и рехабилитација станаа многу рестриктивни поради што лицата со попреченост најчесто не се во ситуација да го остварат ова право и се изложени на дополнителни трошоци затоа што мора приватно да си ги плаќаат трошоците за помагалата или престојот на бања:

*И: Да, лежев во болница, нели требаше решение, мора да поминеш на физикална терапија еден извесен период за да ти одобри комисија лекување во бања, меѓутоа, после четири дена мое лежење иде докторката на визита и ми кажува: „Б. ништо од бања!" Донесен е нов закон да може само да одат, да речеме од ортопедија оперирани со вештачки колкови, колена и преломи тешки кои од болница одат директно ... а за нас со реуми, со шилци нема лекување ... има лекување ама за пари ... 20 евра ти е пансион на ден... ако можеш плати, ако немаш – трпи.*

(маж, 61 г., телесна попреченост)

*И: Јас како лице со инвалидитет имам потреба повеќе пати во годината да одам на бањско лекување – двапати, да речеме. Тука се наидува на некој проблем- да мора да лежиш во болница па да ти дадат некој документ дека навистина имаш потреба од бања, а дали ќе одиш на бања или не тоа е знак прашалник, бидејќи секој не може да лежи во болница или да го извади тој документ ... така што ни е скратено тоа право за климатско бањско лекување, а нам како на*

*инвалиди многу, многу ни треба таа бања, на пример како терапија за да можеш да функционираш нормално.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

И: *И третата работа што е најболна велат бесплатно здравство. Верувате или не и јас така и ќе се изразам, кога бев на Комисија за преку Фондот да одам на бања, докторката ми вика `па има многу баби што одат со ишијас па бараат преку леб погача па мора и од вас да кратиме`. Верувате или не да имав бомба тогаш ќе се прежалев и себе и докторката и сите.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)

Набавката на лекови како и медицинско-технички помагала, а особено квалитетот на истите се едни од најгорливите проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост. И овде наидуваме на позитивни но исто така повеќе негативни искуства:

М: *Дали цените се пишани на големина на која може да се види или не?*

И: *90 посто не. Добро е тоа за слепите лица што државните институции почнаа да го користат Браевото писмо по лекарства, по тие работи, кај што може да има амбалажа кај што може да се отпечати, тоа е добро, тоа е за пофалба, порано тоа го немаше. Ти треба да земеш било какви апчиња може да ти даде какви сака, а друго е кога е на Браево писмо па ќе си прочиташ сам. Е тоа е добро што го направија .. а за другите, за цени, за маркетите – не.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

И: *Да ставам апартче, апаратче ... ставив апаратчето не го носам бунило имам со тоа, а скапо е. Оригиналниот апарат е 500 евра со пензија не можам да го купам оригиналот ... фондот тие што ги плаќа не се баш квалитетни. Кога го ставив тоа што го дава фондот, ме бунеше многу и кола ќе ме згазеше.*

(жена, 70 г., лице со оштетен слух)

*М: Гледам користиш и штаки. Како се снаоѓаш со помагала?*

*И: Со помагала, за штаките се снаоѓам многу тешко бидејќи има усвоено некој закон во Република Македонија, телесен инвалид со штаки, да може ако земе еден пар штаки сега, за друг пар му следуваат дури после 4 или пет години. Значи, јас сум инвалид што морам да се движам, да одам на работа. Се кинат гумите, пукаат цевките, бидејќи се алуминиумски, и кога одам во социјалното ми викаат дечко, не ти се следуваат тебе, дури на пет години ти се следуваат. Морам сам да си ги земам, со мои средства.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*М2: Помагалата сам си ги плаќаш или имаш помош?*

*И: Помагалата сам си ги плаќам, никој не ми помага. Сè е на приватно, помош немам никаква. Засега на пример, за тие ортопедски помагала, леќи, течности, сè ми е на приватно тоа.*

*М: Колку време ти е потребно, на пример, да ставиш леќи?*

*И: Па, добро, малку време ми треба бидејќи веќе со години го правам тоа и стекнав рутина.*

*М: Скапи ли се тие средства?*

*И: Скапи се. Леќите чинат 7.000, течноста кошта 1.000 ден.*

*М: На колку време ги менуваш?*

*И: Годишно еднаш. Односно на шест месеци.*

*М: Државата ти одобрува ли некакви средства?*

*И: Не. Не ми одобрува. На секои шест месеци ги земам. Течност купувам секој месец. Тоа се е на приватно.*

*М: А некои лекарства?*

*И: Користам витамини за очите, а плус ги имам и оние што морам секој ден да ги ставам за кои имам потреба ...*

*М: На рецепта ли се или?*

И: *Не, и тие се на приватно. И тие се доста скапи, 700 денари, секој месец ги купувам тие.*

(маж, 40 г., лице со оштетен вид)

М: *А каква е ситуацијата со здравството? Дали сте задоволни како лице со попреченост од оние услови што се пружаат во самиот здравствен систем во Република Македонија?*

И: *Не би рекла дека сум, не сум задоволна.*

М: *Што фали?*

И: *Бидејќи сум над 80% инвалид би требало да бидам ослободена од партиципацијата, но јас не сум ослободена.*

(жена, 62 г., телесна попреченост)

М: *Количката што е од 12.000 сте ја користеле некогаш?*

И: *Можеш да ја користиш, ние како што сме параплегии и квадриплегии можеш да ја користиш активно 3-4 месеци после се сокршува и не баш. Дали може еден параплегичар да живее со една количка четири и пол години, да биде без количка или секој треба сам да се снаоѓа и да си купи количка. Значи сите што сме со параплегии и квадриплегии едно 50 насто веќе си имаат купено колички надвор од државата, што кошта на пример 2.000 евра.*

М: *Проблемот е во материјалот на количката?*

И: *Сигурно е во материјалот, зошто сите тие колички што ги даваат се за геријатрија. Не се тие активни колички ... Значи мораш да собираш пари и да си купиш количка над 2.000 евра, оти државата тоа не ти го овозможува. Па да си купиш перниче, ако не секоја, на секоја втора година. А после некој ќе се чука во гради ние даваме на инвалидите. Не даваат они ништо.*

М: *Сметате дека кај нас недостига подобра услуга околу ортопедските помагала?*

И: *Немаме ние никаква услуга во ортопедските помагала. Одиш во ортопедска продавница, тие сакаат да*

*продадат, како и колонијална продавница, но не можат оти се многу големи цените, а стандардот кај нас е таков да не можеме ние да ги купиме тие помагала, даречеме дали ќе е за рака или за нога, дали ќе е количка или перниче, дали ќе е за WC шолја. Никој не можеме да си го дозволиме тоа, ако не ни го дозволи државата. Значи одиш во ортопедска продавница, ти покажува нешто фалш што оди преку фондот, а другото на приватно.*

*И: Може да ти донесат стандардна количка, а не да ти зема мерка. Таа количка што јас сега ја имам е многу полесна, околу 8 кг. и можам многу полесно да си ја ставам и извадам од кола. А тие тука што ни ги даваат се над 20 кг. Сакав уште нешто да кажам уште претходно. Дали некој висок функционер менува патики на 5 години? Значи истите патики да ги носи 5 години. Или ги менува на секој месец. Значи јас дадов 100 евра за гуми, и ќе треба после 6 месеци пак да ги сменам. Тие се моите патики.*

(маж, 38 г., телесна попреченост)

*Самостојноста* односно зависноста од придружба од друго лице во поглед на движењето, обезбедувањето здравствени услуги како и немањето можност за избор освен она што е предвидено со постојните закони, се потврдија и со исказите на голем број од испитаниците (24 односно 41,38%) со што значително се нарушува *приватноста и достоинството* на лицата со попреченост кои имаат потреба од некаква здравствена услуга (16 испитаници односно 27,59%).

*М: Дали се услужливи луѓето таму кај што одите?*

*И: Да, во бањите и во хотелите – да, услужливи се. Ама за во амбуланта, треба да молиш некој за да ти помогне да се качиш.*

(жена, 41 г., телесна попреченост)

*М: Што би промениле кога би се вратиле нешто назад?*

*И: Би го променила односот во болницата. Јас сум порасната по болници и таму, нормално, знаеш има сестри,*

*доктори, има придружба. На никој не му дозволуваат ниту придружба ниту ништо, а се случувало, на пример, да бидам во соба каде сите други можат да станат, само јас не можам да станам, а сестра не можеш да викнеш, нема шанси да повикаш сестра. Во такви ситуации треба да имаат обѕир спрема лицата со инвалидитет бидејќи, јас мислам дека ние сепак не сме исти како другите, затоа што .. јас знам дека во болницата сите се болни и на сите им треба нешто, на сите им треба помош и сето тоа, ама кога сме во ваква ситуација со инвалидитет и плус нешто друго ти се случува,мора да го имаат во обѕир сите и да дозволат да имаш лице покрај тебе, кога веќе можеш да имаш лице покрај себе, а тие не ти го дозволуваат Зошто е тоа така? Многу е неубаво, многу непријатно кога треба да се молиш на некој болен што е во кревет до тебе, а не знае тој како да постапи и не знае како да ти помогне бидејќи не ја знае твојата дијагноза. Има луѓе што ја знаат, блиски, роднини, сестри, што знаат каква ти е ситуацијата и знаат како адекватно да ти помогнат. Јас за тоа имам многу негативни искуства од болниците и ми е многу криво што е така. Не знам зошто не дозволуваат, стварно не ми е јасно зошто не дозволуваат.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

*М2: Кога велите дека секаде има скали, како се снаоѓате со болниците? Еве конкретно во вашиот град.*

*И: Па, со болниците .. со помош од друго лице. Мора да имаш друго лице па да отидеш до болница. Тоа.*

*М: Имате право на придружник?*

*И: Немам.*

*М: Немате?*

*И: Иако имам потреба, немам право на придружник. Ни по болници, никаде.*

*М: Имаш побарано?*

*И: Немам .. односно прашавме кога бев оперирана, немав право, ми рекоа дека само деца до две години имале право на придружник.*

(жена, 45 г., телесна попреченост)

*И: ... мене тоа најмногу ме иритира и многу ми пречи што во последно време се прави маркетинг, се перат многу пари и самите здравствени установи препорачуваат приватни фирми овој е добар, многу добри апаратчиња има кај него, таа и таа фирма. оди кај него. Нема потреба, јас сум таа која ќе одлучи каде е подобро, кај има квалитет. Тие меѓу себе си прават бизниси ги препраќаат од една во друга установа, од една во друга приватна фирма. Тој начин не ми се допаѓа. Едноставно ти немаш избор, ќе го послушаш ќе ја направиш грешката, така јас многу пати се зафркнав, отидов кај што ме препорачаа и не сум задоволна од услугата, не сум задоволна.*

(жена, 29 г., лице со оштетен слух)

*И: Најголема пречка ми е кога одам на лекар и не можам да комуницирам. Посебно со администрацијата не можеме да се разбереме. Никогаш не можам да идам сама, мора некој од семејството или секретарот бидејки не можам да остварам контакт со админстрациата или да се разберем на доктор за мојата болест или за кои лекови ми требаат. А со матичниот лекар колку толку можам да се разберам со потешкоти, а посебно на друг доктор или специјалист кога треба да одам никако не можам да се разберем. Глувоста ми е пречка.*

(жена, 61 г., лице со оштетен слух)

*М. Како се чувствувате поради ова искуство? Дали се чувствувате непочитуван, игнориран, безвреден дека не се грижат за вас?*

*И. Се чувствувам навреден. А зашто да не игнорираат, бидејќи тешко е тоа кога некој ќе ја чувствува на своја кожа.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

Во однос на тоа дали и колку здравствените работници имаат слух за проблемите на лицата со попреченост, за среќа испитаниците наведоа и неколку позитивни примери.

*М: Институцијата гинекологија – како се справувате со тоа во вашиот нов град?*

*И: Тоа уште го правам во стариот град има една амбуланта што е ниско и таму .. веќе ме знаат луѓето во тој град и полесно е .. полесно е .. веќе фактички таму сум се изборила и ме знаат сите, кога треба и телефонски многу работи ги завршувам, ќе излезат, ќе ме пречекаат или било што, а тука е малку потешко.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

*М: Дали сте задоволни од условите во Негорски Бањи?*

*И: Премногу. И од персоналот .. мислам .. не ги разликуваат тие дали се инвалидизирани или не, сите се овде исти луѓе .. обични .. мислам, јас така ги гледам*

*М: Пристапни се?*

*И: Да, јас така гледам дека кон сите исто се однесуваат. Не само спрема мене или спрема нејзе. Спрема сите се исти.*

(жена, 37 г., телесна попреченост)

*И: Кога се повредив бев во Скопје во болница, таму бев добро третиран, пречекан од тие луѓе, од докторите, докторката што ме оперираше, персоналот во Државна болница во Скопје исто така ... секогаш со насмевки, со шеги кога ме прегледуваа, ме правеа среќен, да не бидам тажен .. навреме сè .. многу .. немам зборови со кои можам да ги пофалам луѓето во Државната болница.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

*И: Со персоналот се знам 15 години, пациент на исто одделение, 10 години сум под терапија сите ме знаат и доктори и сестри немам никаков проблем одам, примам терапии за 5 минути завршувам. Во лабараторија веќе ме научија, и сопругата ако треба не зима бројче да се чека. Немам никаков проблем со*

*тоа, ама јас сум само еден од тие, а има многу луѓе што не ги знаат. Јас лично немам таков проблем.*

(маж, 67 г., телесна попреченост)

М: *Дали ви беше потребна некоја асистенција за да влезете?*

И: *Да да ви кажам и не ќе влезев ако не беше една сестра. Кога ме виде ми рече: уште чекаш? и ме викна и ми помогна бидејки ме знаеше од друг пат кога сум била на преглед.*

(жена, 67 г., телесна попреченост)

Многу е битно да се потенцира присуството на *непочитување на разликите* во однос на пациентите од страна на медицинскиот персонал како и високиот степен на неразбирање и омаловажување на пациентите со попреченост што го потврдија 32 лица со попреченост односно 55,17%. Особено е симптоматична појавата кога лицата со тешка телесна попреченост, односно оние што користат инвалидска количка или помагало за движење, немаат право на првенство при преглед кај лекарот и принудени се да чекаат на ред со останатите пациенти. Ако во контекст на ова се потенцира непостоењето на прилагодени тоалети во самите медицински установи, тогаш состојбата е уште поалармантна. Сето ова секако придонесува и за нарушување на достоинството, приватноста и влијае многу понижувачки на пациентите.

М: *Што ви беше потребно во конкретниот случај, каква помош?*

И: *Физичка помош да се симнам покрај скалите со количката.*

М: *Не можеше некој да ја фати количката за 2 скали да ви помогне таму од околината, немаше други?*

И: *Се нафатија од надвор луѓе, Одкога ми рекоа од медицинскиот персонал дека нема да можат да ми помогнат, јас се упатив надвор од зградата да побарам луѓе кои што ќе ми помогнат да се симнам по скалите.*

М: *Тие ви излегоа во пресрет?*

*И: Да, и почекаа да заврши снимањето и истите тие луѓе ми помогнаа да се качам по скаличките.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

*И: На лекар одам, имам закажано Мој термин, а јас чекам повеќе од 40 минути таму. Значи, испаѓа сестрата и вика ќе почекате, докторката кафе пие, не може сега. Јас им викам имам термин, таа вика да заврши со кафето.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*И: ... стриктно да кажам ми се има случено кога имаше еден закон дека инвалидите не треба да плаќаат партиципација, не треба. Кај некои од службите, од установите наидуваш на неразбирање – не знам јас, ти прво плати па врати си ги – или – плати, јас не знам како да го направам тоа – и така.*

(маж, 59 г., телесна попреченост)

*М2: Дали досега сте наишле на некаков проблем со медицинските лица?*

*И: Па, сум бил, да имало.*

*М2: И, која беше вашата реакција?*

*И: Мојата реакција налево круг – друг доктор.*

*М2: Значи, не сте опонирале, не сте навлегувале во дебати?*

*И: Не.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

*И: Значи некојпат сме зависни, дали сестрата те познава или не ќе ти заврши работа, ако не те познава нема да ти заврши работа. Значи ти си инвалид, ама нема ни толку хуманост кај нив да каже - чекај не се мачи по скалите, бидејќи лифтовите кај нас се службени, јас ќе ги однесам горе кај директорката документите на потпис.* (жена, 45 г., телесна попреченост)

И: *А еве во Скопје, бидејќи одам на контроли во Скопје, не се одговорни, барем сестрите, викаат по нас ако стоиме од сабајле и цел ден чекаме за еден потпис или за една заверка и уште ќе ти се развикаат по шалтерите. Сме извикани, сме омаловажени. Ги немаме оние права како здравите лица што можат да чекаат со саати.*

(жена, 45 г., телесна попреченост)

М: *Дали во здравствените институции сте задоволни од односот?*

И: *Не, не дури не ни приметуваат. Буквално тоа е за комплетно ремонтирање. Зборувам од аспект на помош на инвалид, нема врска.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)

За жал, *дискриминацијата* постои и во овој сегмент од животот на лицата со попреченост (16 лица односно 27,59%) што загрижува исто како и односот на здравствените работници кон лицата со попреченост.

И: *На пример, кога требаше да одам на операција во Москва, врвен доктор од Државна болница ми ги фрли документите затоа што сум сакал да пробам .. се работеше нели за моето здравје, за моите очи, ми ги фрли буквално во неговата канцеларија или кабинет како да кажам, ми ги фрли сите документи и се разлетаа .. бев со мајка ми .. и ми кажува, вика што се поспособни Русите од нас кога тебе болеста ти е атрофија ...за таа болест нема лек, ти си дошол уште тука и пари да бараш ... буквално на тој начин се изрази и јас во Македонија оттогаш наваму не сум отишол на државен очен лекар.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

М: *Значи сметате дека во остварување на правата во врска со ортопедските помагала сме дискриминирани, сме ограничени?*

И: *Не да сме дискриминирани, многу сме дискриминирани. Пак ќе повторам, гумите ми се од лани, скоро купив по 25 евра надворешни и внатрешни. Тука ги нема, оти ако ги купам од тука ми прават црнила по дома. Значи морам да одам од Ниш да купам гуми за 100 евра и плус уште 100 евра за пат, тоа се 200 евра, тоа е за една количка. Како прво, не седиш удобно на тие што ги дава нашата држава, како второ се искривуваш. Ги земам за пример параплегија и квадриплегија оти тие најчесто користат количка, има и други болести, но тие се најчести што страдаат од рани и декубити.*

(маж, 38 г., телесна попреченост)

*И: Еднаш месечно се земаа од Скопје и после ги прекинаа .. и тоа донација беше.*

*М2: А зошто ги прекинаа?*

*И: Оти имало други на ред што чекаат.*

*М2: А не ви препорачаа да ги земате и понатаму?*

*И: Да, ми препорачаа, ама сама да си ги набавиш. Тие се многу скапи, сто евра е една инјекција.*

*М2: Месечно една?*

*И: Да.*

*М2: А не одат преку Фондот?*

*И: Не, не преку Фондот.*

*М2: Значи, преку Фондот немаме лекарства за дадената дијагноза?*

*И: Не, нема.*

(жена, 37 г., телесна попреченост)

*И: Апропо количката, автомоторизираната количка која ми ја дадоа театарџиите. Немав право да аплицирам за количка како пензионер, имаат право да аплицираат студенти и луѓе што работат, а пензионери немаа право. Што се пензионерите инвалиди, некоја посебна група на инвалиди, посебен изданок на инвалидите?Тоа е*

*степен на дискриминација која е вон од умот, надвор од умот.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)

М: *Дали се сеќавате на уште некое искуство во последните 5 години во кои сте биле изолирани, третирани лошо, сте биле спречени да учествувате поради својата попреченост?*

И: *Да, значи пред неколку месеци закажав термин за преглед и се јавив во поликлиниката Јане Сандански за да прашам дали има пристап. Ми беше одговорено дека имаат пристап и затоа закажав термин за снимање таму. На денот кога отидов за преглед, имаше рампа надвор за да се влезе во зградата, меѓутоа за да се отиде во ординацијата имаше две скалила надоле за кои што немаше рампа. Медицинската сестра дојде и не праша за што сме, од кога и кажав рече:„ ама не ми е пристапно“. Јас кажав дека сум се јавила и дека ми кажале дека е пристапно, да ја викнат докторката. Иако јас бев присутна една со друга си разговараа каде да ме упатат на друго место, значи од ново да закажувам термин не знам дали на Битпазар дали на друга поликлиника каде што е пристапно. Јас им кажав дека веќе еден месец чекам за терминот, дека сум организирала превоз и дека денеска ќе се снимам. Прашањето беше дали ќе ми помогнат тие за да се симнам по тие две скали или ќе побарам лица од надвор, затоа што сакам денес да се снимам. Одбија да ми помогнат за да се симнам, јас си побарав други лица од надвор за да ми помогнат, се симнав со нивна помош и го направија снимањето.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

М: *Како се почувствувавте во тој момент?*

И: *Дискриминирано.*

М: *Зошто?*

И: *Затоа што не можев, всушност можев ... да ... сепак го направив снимањето но... на начин на кој што требаше*

*да барам помош од други лица, а не од лицата кои што се должни да дадат услуга.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

И: *И сега им барам електрична количка, тие од социјално викаат не ти следува. Викам чекај бе, тука пишува електромоторна, а електромоторна количка мислат дека е скутерот. Скутерот е друго им викам. Мене ми треба количка зошто веќе не можам со раката тоа обрачите да ги....*

(маж, 64 г., телесна попреченост)

Сите горенаведени примери се само потврда на неповолната состојба на здравствените институции, услуги и третмани што ги добиваат лицата со попреченост во Р. Македонија. Тргнувајќи од физичката непристапност на самите медицински објекти, преку несоодветните услуги и третмани, па сè до непримерниот третман на самите вработени лица во овие установи и институции, лицата со попреченост се изложени и се соочуваат со секојдневни проблеми во остварувањето на своите потреби од областа на здравјето, хабилитацијата и рехабилитацијата со што сериозно се нарушува правото на остварување правилна, правовремена и квалитетна здравствена заштита.

# Информации и комуникации

**Секогаш борете се за она што го сакате, не откажувајте се од тоа без разлика колку изгледа безнадежно. И кога ќе немате веќе надеж, запрашајте се дали после 10 години би посакале да се обидевте уште еднаш, бидејќи најубавите работи во животот не се случуваат „бесплатно“.**

Досонс Крик

Областа информации и комуникации ги подразбираше ситуациите и искуствата кои се однесуваат на функционирањето на информациските и комуникациските системи и можноста лицата со пореченост да добијат информации во пристапен формат зависно и во согласност со видот и степенот на попреченост. Со цел да се обезбедат и да постојат соодветни канали за комуникација (комуникациски системи) за непречено општење со околината, но и да можат да располагаат со точни и релевантни информации кои се однесуваат на начините за остварување на одредни нивни права, гарантирани на национално и на локално ниво.

| Табела 7. | Информации и комуникации по принципите на човековите права - број на испитаници и искуства во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број лица | % | Број искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **3** | **5.66%** | **3** | **2.88%** |
| 2 : NEGDIGINF | 3 | 5.66% | 3 | 2.88% |
| 3 : POSDIGINF | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **0** | **0.00%** | **0** | **0.00%** |
| 5 : D&INEQINF | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| 6 : ND&EQINF | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **7 : Почитување на разликите** | **5** | **9.43%** | **6** | **5.77%** |
| 8 : DISRESINF | 5 | 9.43% | 6 | 5.77% |
| 9 : RESPINF | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **10 : Самостојност** | **4** | **7.55%** | **4** | **3.85%** |
| 11 : LAINF | 4 | 7.55% | 4 | 3.85% |
| 12 : SDINF | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **53** | **100.00%** | **91** | **87.50%** |
| 14 : EXCINF | 41 | 77.36% | 70 | 67.31% |
| 15 : INCINF | 18 | 33.96% | 21 | 20.19% |
| **Вкупно:** | **53** | **100.00%** | **104** | **100.00%** |

Од Табела 7. Информации и комуникации по принципите на човековите права- број на испитаници и број на искуства во проценти може да се заклучи дека проблемите во оваа област не ги засегаат во толкава мера лицата со попреченост како во неки други области од животот на овие лица. Меѓутоа, од друга страна, пак, значаен е и податокот што скоро половина од испитаниците/ничките, 53 лица споделиле 104 искуства и тоа сите по принципот учество, инклузија и пристапност

односно сметале дека во одреден момент им бил оневозможен пристап до одредена информација или им било скратено правото да дојдат до информации. Беше истакнато непостоење на соодветен формат за пренос на информациииите, на пример, непостоење на одредени аудио формати или непостоење на соодветни сервиси за поддршка за адекватен пренос на информациите, толкувачи на знаковен јазик. Во анализата од вкупниот број на испитаници/ки кои изнесуваше 105, лицата со сензорна попреченост беа застапени со 33 испитаници/чки со оштетен вид и 12 испитаници/чки со оштетен слух што е вкупно 45 испитаници/чки, односно 42,86%. Ова е близу половина од испитаниците/чките, така што анализата дава доволно репрезентативни факти согласно примерокот. Ако детално ги набљудуваме само овие две групи на испитаници/чки со сензорна попреченост ќе видиме дека сите испитаници/чки наведувале искуства од областа информации и комуникации. Се покажа дека лицата со сензорна попреченост најчесто немаат вистински информации за остварување на одредени права и немаат кому да се обратат за да добијат точна, соодветна и прецизна информација што во најголема мерка се одразува во кршењето на принципот учество, инклузија и пристапност што го покажуваат следните цитати од интервјуата.

Лицата со попреченост, особено оние со сензорна попреченост, често воопшто не ги знаат своите права и не располагаат со соодветни информации за начинот на кои одредени права можат да се остварат што во многу поголем процент доаѓаат до израз, особено кога се зборува за лица од рурални средини.

Најчесто соочени и со фактот дека не секогаш можат да имаат толкувач на знаковен јазик во нивно присуство, иако ова право е загарантирано со Законот за знаковен јазик или информациите не се достапни во соодветен алтернативен формат на лицата со сензорна попреченост им е ускратено правото за добивање на соодветни информации за остварување на истото.

*И: Еве за телевизијата .. вика, зошто локалните вести да не се титлуваат, да ни ги пишат со текст .. знаете што сака да каже ...*

М: *Да, да.*

Т: *Да ни ги титлуваат, да се стави текст .. не е којзнае што, но вообичаено .. да launch речеме .. петок да биде напишано што се случило во текот на изминатата недела, значи во рамките на вестите да го има и тој дел за да можат да го прочитаат тие. Еднаш во неделата .. да, точно .. да .. што сѐ се случило во општината да напишат .. да .. така кажав .. и тие ќе си прочитаат*

(маж, 52 години со сензорна попреченост –оштетен слух)

И: *А имав и една друга потешкотија!На некој од изборите што беа, државните избори, при гласањето, имав потешкотија да гласам, бидејќи јас како слепо лице, лице со оштетен вид, имам проблем со заокружувањето на гласачкото ливче и со мене морам да носам, нели, придружник. Тоа беше една огромна потешкотија и за мене доста незгодна .. при влезот во објектот или во собата за гласање лицето го отстранија, мојот придружник и ме оставија сам на сред соба и сите како со далечинско, јас бидејќи слеп на сред соба стојам ме управуваат лево-десно, напред-назад, да се движиш така како еден вид на инструмент се наоѓав. Тоа е една голема потешкотија за едно слепо лице*

(маж, 48 години со сензорна попреченост-лице со целосно оштетување на видот)

М: *Дали можеби познавате други лица со попреченост кои биле во такви и слични ситуации?*

И: *Па да еден мој пријател баш ми кажуваше.Значи вика треба да оди за Тетово, оди на автобуска и го качуваат на автобус за Куманово. Наместо во Тетово тој иде во Куманово*

М: *Има исто попреченост на видот?*

И: *Да исто, целосно оштетување на видот. Никаква интелектуална, значи со типичен развој е. И човекот си стига во Куманово, наместо во Тетово. Стигнал во Куманово а мислел дека е во Тетово. УПС ти Тетово ли ми рече?...Јас повеќе пати ако треба ќе препрашам:*

*За Тетово ли одиме? Значи може и да звучи смешно и непријатно сето тоа, но јас за моја безбедност си имам обичај повеќе пати ќе препрашам. Пријателот, можеби тој незгодно му било, можеби не препрашал или не знам како било но имало такви ситуации.*

*М: Дали сметате дека луѓето така реагираат зошто немаат доволно информации за вашиот хеникеп или?*

*И: Па да. Така е да. Да кажеме ајде општата популација многу малку ги гледа тие луѓе секојдневно, незнае со какви предивици се соочуваат, како живеат. Тоа е тоа поради неинформираност, поради незнаење така да се реагира воопшто. Затоа велам дека не реагирам бурно ако чујам нешто такво, напротив им објаснувам.*

(жена, 27 години со сензорна попреченост, целосно оштетување на видот)

*М: Како се снаоѓа кога има непознат збор? Дали кога ќе наиде на некој непознат збор истражува, прашува што значи тој збор на интернет или во лексикон да го провери зборот.*

*И: Да, значи се консултира со луѓе, ќе ја праша ете мајка му за што се работи.*

*М: А во однос на читањето дали би го разбрал било кој текст?*

*И: Па не доколку има вакви непознати зборови. Гестовниот јазик е ограничен, тој нема толку гестови со кои би се објасниле сите зборови.*

*М: Дали гледа телевизија? Дали тоа му вреди нешто?*

*И: Да, гледа.*

*М: Што смета дали сите емисии треба да имаат превод на гестовен јазик?*

*И: Да, да, тоа би било најдобро а филмот нели е титлуван и читам доле, нама проблем, а турските серии не можам, не можам и не сакам да ги гледам бидејќи не можам ништо да разберам.*

(маж, 49 г., лице со целосно оштетување на слухот, комуницира со користење на знаковен јазик)

*М: Што мисли за медиумите дали они посветуват доволно внимание на лицата со оштетен слух? Дали има титлувано секогаш?*

*И: Би сакал на Македонската Телевизија кога се толкува, кога се толкуваат вестите малку да е поголем толкувачот. Многу е мала коцката кај што се сместени. Би требало на пола мислам да биде. Како што е во Србија пола на пола. Многу брзо е, многу и вика...*

*М: Дали интернетот е повеќе од полза во споредба со телевизијата пошто таму е со текст?*

*И: Да, да секакви информации има на интернет. Информацијата брзо тече на телевизија, а на интернет можеш да си прочиташ кога и како сакаш.*

*М: Како најчесто доаѓа до информациите што му се потребни? Чита на интернет, прашува луѓе...?*

*И: Баба ми најмногу ме информира повеќе зошто тука блиску живеат она ги информира.*

*М: А што е со сите оние помагала што ги користи рековте ѕвончето е со сијаличка, телефонот исто? Како ги набавуваат? Дали има некои други помагала кои би му го олесниле животот?*

*И: Ништо тоа е светлото значи и ѕвоно и светло.*

*М: Само тоа е тоа му е доволно, не му е потребно нешто друго?*

*И:... сака да каже дека државата треба да овозможи специјални апарати телефонски како Skype-от што е да има и визуелна комуникација зошто нас многу ни е тешка комуникацијата.*

*М: Значи користи Skype преку мобилниот телефон преку интернет за визуелно да комуницира така?*

*И: Да има глуви лица кои сакаат да си купат таков телефон софистициран, но сепак немаат средства. Треба државата да обрне малку внимание и на тоа. Специјални мобилни пакети да имаат за да бидат рамноправни.*

(маж, 42 г., лице со целосно оштетување на слухот, користи знаковен јазик)

*М: Дали другите ученици реагираа нешто на тоа или тогаш кога..?*

*И: Бидејки јас во таа ситуација многу лошо се почувствував, они тогаш се трудеа мене да ме утешат, да разговараат со мене. Едноставно не треба толку да се повредувам затоа што ете, има такви луѓе и ете секогаш ќе ги има најверојатно. Можеби некои злонамерно, некои не злонамерно ќе ти направи потег кој ќе те повреди.*

*М: Како се чувствувавте поради овој настан со матурава?*

*И: ...Најверојатно да дознаев тој ден, не знам како, можеби ќе ја паднев матурата како бев нервозна. Меѓутоа после тоа, кога се раскажа се, јас искрено да ви кажам, од една страна и не бев многу изненадена затоа сум свесна на кое ниво ни се условите. Меѓутоа очекував малку поорганизирани дека ќе бидат во тој поглед затоа што знаат, затоа што беа информирани дека има случај за кој што треба да се погрижат. Затоа што тоа е нивна работа да ми го спроведуваат испитот.*

*М: Поради вашето мислење зошто луѓето ве третираат така или во конкретниот случај што мислите зошто постапиле така?*

*И: ...Мислам дека овде кај нас таков е менталитетот, да луѓето не се информирани и не знаат како треба да се постапува со лице со попреченост.... мислам дека кога се организираат некакви обуки ете за луѓе со посебни потреби или нешто, пред се треба тоа да биде прво за родителите, затоа што мислам дека за жал многу голем дел од родителите на лицата со посебни потреби не знаат како треба да се однесуваат со своите деца. И не знаат кои се правата и кои се можностите на нивните деца, за жал кај нас условите се такви и мора на некој начин крвнички да се бориш за права кои што ти следуваат како човек во општеството. Меѓутоа ете тоа е тоа, сме се родиле тука.*

*М: Сакав да прашам на факултет, тие професори што се таму дали они ве разбираат?*

*И: Па знаете како тоа е исто проблем. Ние купивме од Америка имаат еден програм кој што исчитува ноти, приспособен за лица со оштетен вид. Ние го купивме*

*тој програм. Е сега, бидејќи нотите треба да се скенираат, па да се префрлат во тој програм – доста комплициран процес. При скенирањето има некои грешки кои што се појавуваат кои што треба да се поправат и сега ние бараме човек кој што ќе знае тоа да го направи... Овдека никој не го познава, од луѓето што сме ги прашале што работат и со програми и со музика не го познаваат тој програм и тешко ни оди. Се надевам дека ќе го средиме некако, и дека ќе можам сама независно да ги исчитувам нотите, бидејќи се работи за доста обемни и тешки дела, кои што се по десет петнаесет страни. А тоа го решаваме така што плаќаме - ни доаѓа професорка ...која што ме познава и со нејзе ги исчитувам нотите и тоа ми е можеби и најтешкиот дел во моментов.*

*М: Дали таа професорка ви ги задоволува потребите?*

*И: Значи да, таа дава се од себе исто така и менторката која што ми е на факултет под која што се водам.*

*М: Дали мислите дека треба да се работи на подобрување на правата на лицата со попреченост?*

*И: Па да, треба да се работи. Сметам дека многу лица, можеби не со оштетен вид, меѓутоа и другите категории се на некој начин дискриминирани и за жал луѓето не се толку информирани, се ограничени во тој поглед. Било кое дете, со било која категорија и оштетен вид или било која попреченост, не е прифатено онака како што треба да биде прифатено во една средина, во едно демократско општество.*

(жена, 21 година со сетилна попреченост, целосно оштетување на видот)

# Образование

**Во образованието, корените се горки, а плодовите слатки**

Аристотел

Искуствата од оваа област се однесуваат на личните и животните искуства на поединецот, а кои го опфаќаат периодот на тинејџерството и младоста, односно испитаниците од повозрасните групи се навраќаа на искуствата доживеани во текот на образовниот процес кои значително го определиле животот на лицето со попреченост.

| Табела 8. | Образование по принципите на човековите права – број на испитаници и број на искуства | | | |
|---|---|---|---|---|
| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **8** | **18.60%** | **11** | **8.80%** |
| 2 : NEGDIGEDU | 6 | 13.95% | 8 | 6.40% |
| 3 : POSDIGEDU | 3 | 6.98% | 3 | 2.40% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **9** | **20.93%** | **11** | **8.80%** |
| 5 : D&INEQEDU | 7 | 16.28% | 9 | 7.20% |
| 6 : ND&EQEDU | 2 | 4.65% | 2 | 1.60% |
| **7 : Почитување на разликите** | **13** | **30.23%** | **24** | **19.20%** |
| 8 : DISRESEDU | 7 | 16.28% | 13 | 10.40% |
| 9 : RESPEDU | 8 | 18.60% | 11 | 8.80% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10 : Самостојност** | **4** | **9.30%** | **4** | **3.20%** |
| 11 : LAEDU | 3 | 6.98% | 3 | 2.40% |
| 12 : SDEDU | 1 | 2.33% | 1 | 0.80% |
| **13 : Учество, инклузија пристапност** | **41** | **95.35%** | **75** | **60.00%** |
| 14 : EXCEDU | 14 | 32.56% | 21 | 16.80% |
| 15 : EXCEDU 2 | 2 | 4.65% | 2 | 1.60% |
| 16 : INCEDU | 33 | 76.74% | 52 | 41.60% |
| **Вкупно:** | **43** | **100.00%** | **125** | **100.00%** |

Четириесет и тројца испитаници наведуваат 125 искуства од оваа област, главно во негативна смисла наведувајќи го образованието како клучен сегмент во животот на лицата со попреченост кој од различни аспекти е недоволно достапен/пристапен за овие лица. Недостатокот од соодветно образование за лицата со попреченост значи стекнување на двојна попреченост/хендикеп бидејќи, по автоматизам, без образование лицата со попреченост остануваат надвор од можноста за конкурентност на пазарот на труд. Сепак, треба да се забележи дека постојат и одреден број позитивни искуства со кои се соочиле некои од испитаниците. Во однос на принципот на *учество, инклузија и пристапност* на лицето со попреченост во образование забележителен е бројот на лица кои иако се наоѓаат или се наоѓале во образовниот процес независно дали станува збор за редовен образовен процес или образование во рамките на посебните основни или средни училишта сепак се соочуваат со исклученост поради различи сериозни причини предизвикани од непристапноста на општеството, па со тоа и непристапност на образованието.

*М: Не си учен школо, зошто?*

*И: Па, не у село нема услови далеко ми беше.*

*М: А зошто дојдовте во Скопје да живеете?*

*И:* *За да нема проблеми, заради болеста.*

*М:* *Мислеше дека во Скопје ќе биде подобро?*

*И:* *Подобро.*

*М:* *И?*

*И:* *И тако застануваме у Скопје еве. И порано јас сум живеел по болници со години, у Козле, у Мајчин дом, не знам дури не ги памтим тие више.*

(маж, 32 г., лице со телесна попреченост)

*М:* *Дали одевте на училиште?*

*И:* *Да.*

*М:* *Во каков вид на училиште во основно, средно, гимназија, послебно основно, посебно средно, виша школа, факултет?*

*И:* *Значи мојата инвалидност настана на крајот на завршувањето на основно одделение... Сега кога ми дојде време за прва година гимназија да се запишеме бев спречен од работа што гимназијата моја не била толку блиску и дека јас не можам да стигнам до нејзе. Значи тука јавен превоз за инвалидни лица немало, во градот не се сеќавам дали имаше тогаш и такси за да плаќаш.... заради тоа бев спречен да се школувам..... тоа е директна причина. Не ми било спорно учење и такви работи, туку ми беше спорно пристапот до училиште.*

(маж, 40 г, лице со телесна попреченост)

*И:* *Сака да посочи во однос на образованието за нас глувите образованието е на многу пониско ниво, додека луѓето и ако се во количка можат да завршуваат факултети, додека кај нас глувите тоа не може да се случи.*

(маж, 49 г., лице со целосно оштетување на слухот, користи знаковен јазик)

М: *На родителските средби одиш?*

И: *Исклучиво само на родителските средби. Се трудам да отидам. Училиштето е со многу скали и детето ми помага до училницата. А со многу скали е, дури на трети спрат е, ама јас како родител, како мајка сакам да бидам присутна на родителската средба, да слушнам што и како се ... Инаку, јас сакам да одам и многу почесто и многу родители одат .. да речам, не секојдневно, ама почесто и јас сакам .. јас сум активен родител, го следам како учи и што учи, контактирам и со наставниците, ама пристапот е многу неприлагоден за мене.*

(жена, 42 г., лице со телесна попреченост)

М: *А кога одеше на училиште како ти беше видот, ако смеам да прашам? Беше ли подобро тогаш?*

И: *А и на училиште кога одев имав многу маки, уште тогаш слабо гледав. Што е нормално, професорот ќе напише на таблата прашања за писмена сите да ги препишуваме па да ги одговориме... Јас не ги гледав.*

(маж, 40 г, лице со делумно оштетен вид/слабовид)

М: *Дали мислите дека наставниците имаат доволно разбирање за вашите потреби, доволно информации?*

И: *Па, сега дали е. Значи некои се, некои не се, ама наставнициве се свесни дека некаде немам како да отидам, ама не можат нешто многу тука да помогнат. Еве на ПМФ кога имав предавања таму се скали, таму нема лифт ама одев и по скали не е проблем сега, не знам. Али знаеа на пример ете ако падне снег, ако нешто не, разбираа дека ако некогаш стварно не можам да отидам на предавања, дека стварно имало зашто, така да излагаа во сусрет и затоа.*

(жена, 28 г., телесна попреченост)

М: *Во однос на студиите дали ви се потребни дополнителни помагала за разлика од стандардната*

*ете материја, дали снимки или некои реквизити или работи од факултетот?*

*И: Па, малку тешко ми иде затоа што студирам како програмер и малку повеќе тешко ми иде куцањето значи на програмите затоа што имам потреба тастатурата да биде малку подоле затоа што клупите ни се доста високи, а за друг некој проблем па и немам на факултетот.*

*М: Потребни ви се некои други технички помагала поразлично од тастатура или стандардната ви одговара?*

*И: Стандардната ми одговара но едноставно морам некако да станам за да куцам.*

*М: Значи висината..*

(маж, 21 г., телесна попреченост)

*М: Како порано ете рековте дека не сте можеле да го полагате тој пробен тест, така?*

*И: Да.*

*М: Како порано сте ги полагале тестовите?*

*И: Па, со 90% од професорите и во средно и сега на факултет ги полагам усно. Се договараме дали кога ќе завршат другите, дали пред да почнат другите, се договараме со секој професор инвидуално.*

*М: Значи усно?*

*И: Да, а што се однесува до матурата, тоа беше така многу неорганизиран процес во однос на полагањето на екстерните предмети бидејки нели за екстерните предмети доаѓаат од други училишта, а за интерните немаше проблем затоа што беа тука луѓе кои што ме познаваат, за екстерните беше проблем. За македонски пратија професорка една од училиштето за слепи што е тука, која што ми го читаше тестот, а за тестот по англиски излезе многу голем проблем бидејки сакаа истата професорка да ми ја пратат која што не знае англиски. Тогаш тоа беше еден ден пред испитот кога класната и се јави на мајка ми и и ја кажа ситуацијата... Јас после дознав дека на мајка ми*

*тогаш можеби и се скратил животот 20 години во тој момент, затоа што не може во последен момент.. тоа не е мала работа, за на крај да се јави мајка ми во тој државен испитен центар кој што нели ја организира матурата.... значи матурата во јуни се полага, она уште во октомври отиде да ги спреми дека ќе има дете што не гледа, што треба да полага матура во редовно образование. Имаше предлог, бидејќи јас работам на компјутер со читач, имаше предлог да го донесам лап топот и они да ми го префрлат тестот и јас да си го решавам на компјутер и да има човек кој што ќе седи ќе ме гледа како го решавам и ќе ме чува. Меѓутоа они тоа не го прифатија. Ден пред испитот кога мајка ми се јавила и кажала - како сметате тоа да го изведете со професорка која не знае англиски , како ќе го чита тестот, тие рекле – па добро, ако не ајде нека го донесе она компјутерот, нека го напише само есејот, колку да ја помине матурата. Тоа беше многу омаловажувачки за мене, затоа што мене не ми е целта само да ја поминам матурата, јас сакам да покажам знаење .*

*М: Дали работите со браево писмо?*

*И: Да работам и со браево писмо меѓутоа сега ми е веќе многу полесно на компјутер бидејки нели технологијата...*

*М: Дали сте побарале - да ви испратат тест на браево писмо?*

*И: И таква алтернатива имам побарано меѓутоа тоа ништо не било прифатено до сега бидејки..*

*М: Во однос на теоретскиот предмети, материјалите дали ви се достапни?*

*И: Па, материјали многу слабо се достапни бидејќи имаме проблем со книгите, имаме предмети што ги учевме по белешки од тетратка што е многу глупаво. Морам да копирам од другарите, што они пишувале, па тоа што ќе го ископираме мајка ми ми го чита на диктафон, па така ги учам. Но имаме и некои предмети кои што по меил ми ги испраќаат материјалите, тоа е на некој начин да кажам олеснителна околност...*

*М: Дали сте побарале помош, ете во Сојузот за слепи или на друго место, тие материјали да ви бидат во аудио формат?*

*И: Уште во средно преку Црвен крст тогаш пробувавме да добиеме аудио материјали преку Министерство за образование. Меѓутоа они не се нафатија да го направат тоа затоа што јас бев тогаш единствен ученик во средно редовно образование. Рекоа дека не можат такво нешто да ми направат затоа што не знаеле, ние сме можеле да ги злоупотребиме снимките и така.*

*М: Како се чувствувавте поради тоа?*

*И: Па знаете како - веќе толку глупави работи и глупави одговори се имам изнаслушано од институции кои што први треба да се борат за правата на сите, што веќе искрено ми се смешни кога ќе слушнам нешто такво ... кога ќе видам на колку ниско ниво сме ние за некои работи, за некакви онакви прости работи, материјали не знам што. Кога бев пред три години во Белгија и кога видов таму колку се напред отидени и колку усвари сè може да функционира, не дека не може, си викам – не знам што сум згрешила што сум се родила овдека! Се надевам треба да се работи на тоа да се оди напред, мора од негде да се почне, па да ви кажам мора ние самите да си ја водиме таа борба затоа што не можеме да чекаме некој друг.*

*М: Дали пријавивте некаде дека ете вас не ви се достапни материјалите, на факултетот на кој студирате?*

*И: Па знаете како - тие материјали на факултет кој што и мене не ми се достапни во принцип не се достапни на никој бидејќи таков ни е факултетот специфичен, ете немаме книги, немаме ништо и ако за другите студенти тешко за мене е дупло потешко, пошто они и нешто ќе напишат и ќе се снајдат некако а јас треба, пак зависам од нив.*

*М: Значи се случува професорот на предавање да диктира во основа, место да предава. Дали можете тогаш на лаптоп да си пишувате?*

*И: Можам, да постои таа алтернатива можам. Јас едно време ги снимав предавањата на диктафон, меѓутоа сега тоа ми е малку потешко затоа што има многу луѓе*

*во група, сите нешто зборуваат од различна страна, најмалку се слуша тоа што треба да се слуша, тоа со лаптопот да е решение и разговарав за тоа баш сега дека следната година може дека ќе пробам и такво нешто, на таков начин да го олеснам тој дел.*

(жена, 20 г. со целосно оштетување на видот)

По ***принципот самостојност*** се изјасниле 3 испитаници/чки споделувајќи 3 негативни искуства за отсуство на автономија и самостојност во донесување на одлуки во однос на образованието. Ова најчесто произлегува повторно од непристапноста на училиштата/факултетитене не само во физичка смисла туку и од аспект на наставни средства и помагала. Тука исто така треба да се напомене и отсуството на услугата за поддршка персонална асистенција која би го олеснила процесот на учење/студирање на лицата со сензорна и телесна попреченост и би ја намалиле зависноста од семејството во текот на целиот процес на едукација.

И: *Нејзините деца, иако е таа глува, се трудела да ги воспита .. таа постојана контрола .. дури јас ќе ви кажам во контекст на тоа, значи таа ги има телефоните од наставниците, значи често пати знае да дојде и да каже јави се на професорот на синот, детето и е шесто одделение, девојчето е во средно училиште. Јави се кај наставниците, запрашај како се значи, зборот ми е таа е една ретка*

(жена, 37 години со оштетување на слухот)

М: *Во текот на вашето образование дали ви биле тие достапни или сте имале некои потешкотии?*

И: *Во времето еве кога студирав немаше пристапен транспорт и затоа морав да студирам вонредно. Кабинетите на професорите беа секогаш горе, премногу високо за мене мораше татко ми да оди да се консултира, да праша нешто за книги и за други работи. За испитите исто што значи морав да се качувам на катови.*

М: *Иначи ви нудеа да ви помогне..?*

*И: Не, значи кога има држач самата ги совладувам скалите. Меѓутоа зависев од татко ми да ме однесе на факултет, да ме чека, да ме врати дома. Значи не функционираме независно.*

*М: Како се чувствувавте поради тоа?*

*И: Па од една страна изолирано бидејки не можеш како вонреден студент. Не можеш да ги совладаш нештата како на ист начин како редовен студент некогаш талкав со материјали непотребно.*

*М: Дали пријавивте на некој да се отстранат овие административни бариери?*

*И: На факултетот си беше свесно за нашето присуство таму исто и они беа отворени за соработка, меѓутоа немаше воља за големи промени. Сепак значи тоа се огромни инвестиции и се направија после на неколку факлутети ама ние веќе завршивме.*

(жена, 36 години со телесна попреченост)

Во сите овие споделени искуства не станува збор само за физичката непристапност на образовните институции туку се зборува и за непристапност на материјалите со кои располагаат училиштата односно високо образовните институции. Сè уште не постои доволно едуциран и обучен стручен кадар кој во секое време ќе му понуди поддршка и помош на лицето со различен вид и степен на попреченост.

Од сето ова изнесено досега може да се каже дека и во однос на ***принципот почитување на разликите*** испитаниците/чките споделија 13 негативни искуства наспроти 11 позитивни искуства. И трендот на непочитување на разликите произлегува од неинформираниоста, необученоста на стручните образовни профили на кадри било да се работи за професорите во средните училишта или пак на факултетите ситуацијата е сосема идентична. Промените треба да почнат од системот но од базата на системот уште во основното училиште, а и уште подобро уште во предучилишните установи каде децата ќе бидат во контакт со деца со попреченост и ќе се навикнат да ја респектираат различноста.

*М: Рековте дека во средното училиште ви се влошил видот, како го продолживте образованието имавте ли потешкотии во учењето?*

*И: Па да, значи во почетокот беше многу тешко што тоа беше една нагла и непозната промена, беше тешко затоа што не можев веднаш да навикнам, значи тоа беа неколку месеци нон стоп по контроли, по испитувања, додека да се утврди, исто тоа малку влиаеше на мојата психичка состојба затоа што сепак нешто се менува, не нешто туку се се менува. Меѓутоа со помош на моите родители, пријателите, лесно, не лесно меѓутоа успеав да го надминам тоа. Во училиште ми беше потешко. Не можев да препишувам од табла, не можев да гледам, препишував од соученикот малку ми беше така... Меѓутоа јас уште од самиот почеток кога веќе се случи ова, уште од првиот ден кога отидов јас на сите им кажав дека имам проблем и не најдов никаква значи никаков потсмев или нешто слично, туку сите го прифатија тоа и најнормално ми помагаа во сите ситуации кога ми беше потребно.*

*М: Имавте ли некој настан каде што ете ви беше потребна помош, а не сте ја добиле?*

*И: Не, значи јас секогаш, еве и сега на факултет и во средно училиште кога имав потреба од некои скрипти, од некои книги коишто не можам неможев сама да го зголемам фонтот одев кај професорот, го барав во електронска форма и секогаш наидував на нивна солидарност и тие секогаш ми го даваа, и така да немав никакви проблеми, значи секогаш знаеа да разберат и да ми помогнат.*

*М: А дали во текот на образованието имавте потреба од некои помагала да ви се олесни?*

*И: Немав, значи само го зголемував фонтот ништо друго, не користев лупи, не користев наочари бидејќи немав диоптер исто така леќи не користев единствено тоа, значи друго не или пак кога имавме на пример некои презентации или некоии во електронска форма предавања како сега или лекции јас не можам да ги учам од лаптоп или од компјутер ми пречи, ме боли глава многу кога седам и затоа јас си ги принтам си го подесувам фонтот и немам проблем.*

(жена 20 години со делумно оштетување на видот)

*М: Во текот на образованието, бевте во редовно школо претпоставувам основно, средно така?*

*И: Да, одев во редовно школо но тоа не беше благодарение на тоа што системот беше добар него туку благодарение на мојата мајка и мојот татко и јас самиот кој што издржавме прво да бидам примен во редовно школо што беше драматичен процес на убедување. Среќа што живеев во самиот центар на градот кој што е главен град и каде што луѓето имаа повише капацитети да прифатат луѓе со хендикеп, па некако успеав да влезам за да при првото тестирање, значи моите искуства е следно и е многу интересно, најпрвин не сакаа да ме прифатат во нормално школо сакаа да ме стават во специјално школо, после извесна борба по игра на случајности по добра воља на директорот бев примен за да по препорака на педагозите бидам препорачан за веднаш за 3 одделение, значи пошто ми направија тестови за интелигенција ја ова не го ни лажам ниту го кријам, ниту пак сакам да се фалам со него, значи во моментот ова е многу интересен момент на... ќе стави пример за стигматизација... значи првин не сакаа да ме примат, а потоа сакаа да ме стават директно во 3 одделение, каде што моите родители повторно покажаа едно ниво на поголема свест каде што рекоа не тој ќе оди редовно во забавиште и прво одделение бидејќи нема научено како да се социјализира со други деца бидејќи беше во болница цело детство, така да јас не ниту каснев ниту пак бев напред во мојата генерација за што сум им многу благодарен на моите родители.*

(маж 34 години со телесна попреченост)

Искуствата околу почитување/непочитување на принципот ***недискриминација и еднаквост*** може да се третираат како искуства каде дискриминацијата врз основа на попреченост е очигледна. Искуствата каде дискриминацијата и нееднаквоста е присутна со 7.20% наспроти 1.60% јасно говори за тоа дека лицата со попреченост се нееднакво третирани во образовниот процес односно во целиот образовен систем.

М: *А како бевте прифатен од професорите, наставниците?*

И: *Па бев прифатен добро, обично можам да кажам дека како да ме сожалуваа, некогаш и намерно ми попуштаа во однос на оцените и на другото.*

М: *Дали мислите дека тоа е во ред?*

И: *Тоа не е во ред, тоа ми пречеше искрено и сега ми пречи затоа што мислам дека и сега нешто се случува слично.*

М: *Мислите дека е во ред тоа што ве сожалувале?*

И: *Не, не е во ред.*

*Па мислам дека и беше поради мојата попреченост. Ме гледаше така чудно како да се прашува Што бараш ти тука?*

(маж, 21 г., телесна попреченост)

М: *Дали мислите дека лицата без попреченост би биле третирани на ист начин како и Вие?*

И: *Па мислам дека не.*

(маж, 21 година со целосно оштетување на видот)

Во **Член 24** од Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, усвоена од страна на Генералното Собрание на Организацијата на Обединетите нации (ООН) на 13.12.2006 година, а ратификувана од Собранието на Р. Македонија на 05.12.2011 година, **се уредува Образованието**. Конвенцијата ги утврдува следните обврски:

- Државите потписнички, врз основа на еднаквост со другите и без дискриминација да го признаат правото на образование на лицата со попреченост и да обезбедат инклузивно образование на сите нивоа.
- За таа цел државите потписнички треба да обезбедат и осигураат разумни адаптации, помош и поддршка на лицата со попреченост, во рамките на општиот образовен систем, да се олесни учењето на Браевото писмо и алтернативните писма и

знаковниот јазик, да се вработат наставници кои се квалификувани за Браево писмо и знаковен јазик (гестовен), да се обезбеди пристап на лицата со попреченост до општото високо образование, вокациона/стручна обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација.

Сепак, и покрај тоа што Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, учениците/ студентите со попрееченост се уште се соочуваат со низа бариери и тоа:

- Најголем дел од најмладите испитаници кои припаѓаа на старосната група испитаници од 18-25 години, како и групата од 26-40 години кои сè уште се наоѓаа во образовниот процес се соочуваат со неадекватни услуги на сите нивоа на образование.
- Комплетна физичка непристапност на образовните институции на сите нивоа, физички непристапни училници, тоалети, трпезарии, сали како и собите за спиење во студентските домови.
- Недостаток на сервис/служба за лична асистенција во рамките на образовниот процен на сите нивоа.
- Недостаток на образовните материјали во алтернативни формати, како што се учебници во електронска, аудио формати „зголемен печатен формат" или печатени на Браево писмо.
- Непостоење на доволен број адекватни асистивни уреди и нивна примена на сите нивоа на образование.
- Непостоење на прилагодени наставни програми во редовните училишта за сите лица со попреченост.
- Недоволна обученост на наставниот кадар за работа со лица со попреченост и предрасуди за нивните образовни можности, способности и капацитети.
- Недостаток на организиран превоз за корисниците/чките на инвалидски колички во Р. Македонија, освен во Градот Скопје каде веќе 6 години организирано функционира.

- Недостаток на толкувач на знаковен јазик за студентите/ките со оштетен слух.
- Недостаток за препознавање на одделни видови на попреченост, како што се некои тешкотии во учењето.
- Сегрегација на учениците/студентите со попреченост во специјални ученички односно студентски домови или во останатите студентски домови, но во најнесоодветни услови.
- Сето ова кулминира не само со непостоење на статистички податоци за вкупниот број на лица со попреченост во Република Македонија, туку не постојат дури ни официјални статистички податоци за тоа колкав е бројот на ученици и студенти со попреченост.
- Всушност, на ниту еден државен универзитет во Република Македонија не постои **административна Служба за студенти со попреченост** која ги регулира сите прашања поврзани со студентите со попреченост.

Оттука произлегуваат и неколку значајни препораки кои се однесуваат на унапредувањето на образовниот систем. Препораките ќе им служат на сите наставници, професори, дефектолози, психолози, целокупниот академски и административен кадар, како и на сите ученици студенти и родители чии деца со попреченост се денес дел од овој процес или пак во иднина ќе бидат дел од него. Но, препораките најмногу ќе ги засега Владата, надлежното министерство - Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието локалните самоуправи и сите релевантни чинители кои посредно или непосредно се испреплетуваат во синџирот на образованието.

За да се обезбеди целосна инклузија и реална вклученост на лицата со попреченост во образовниот систем со акцент на редовното образование, пред сè, државата треба да ги промени гледиштата во пристапот кон попреченоста, но и полека но сигурно да чекори кон обезбедување на сите потребни услови и предуслови за реализација на тој процес.

- Државата треба да изврши системски промени во законската регулатива и да развие нови форми за стекнување на нови образовни квалификации.
- Подигнување на јавната свест и капацитетот кај наставниот кадар.
- Трансформација на посебните училишта во рехабилитациони центри или уште подобро во ресурсни центри кои ќе даваат поддршка на сите засегнати страни на сите нивоа на образование.
- Изготвување на програми за стекнување на неформално образование за лицата со попреченост кои соодветно ќе ги задоволуваат индивидуалните потреби на различните категории на лица со попреченост.


www.cod.rs
Inovacija
Innovation
Ljudska prava
Human Rights
Отворете ги прозорците
Слушнете го нашиот глас
Проектот е финансиран од Европска Унија
Проект за следење на правата на лицата со попреченост

# Пристап до правда

| Табела 9. | Пристап до правда според принципите на човековите права – број на испитаници и искуства во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **13** | **29.55%** | **15** | **14.02%** |
| 2 : NEGDIGJUS | 10 | 22.73% | 11 | 10.28% |
| 3 : POSDIGJUS | 4 | 9.09% | 4 | 3.74% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **11** | **25.00%** | **12** | **11.21%** |
| 5 : D&INEQJUS | 11 | 25.00% | 12 | 11.21% |
| 6 : ND&EQJUS | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **7 : Почитување на разликите** | **17** | **38.64%** | **19** | **17.76%** |
| 8 : DISRESJUS | 12 | 27.27% | 14 | 13.08% |
| 9 : RESPJUS | 5 | 11.36% | 5 | 4.67% |
| **10 : Самостојност** | **10** | **22.73%** | **10** | **9.35%** |
| 11 : LAJUS | 9 | 20.45% | 9 | 8.41% |
| 12 : SDJUS | 1 | 2.27% | 1 | 0.93% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **30** | **68.18%** | **51** | **47.66%** |
| 14 : EXCJUS | 22 | 50.00% | 37 | 34.58% |
| 15 : EXCJUS 2 | 3 | 6.82% | 3 | 2.80% |
| 16 : INCJUS | 10 | 22.73% | 11 | 10.28% |
| **Вкупно:** | **44** | **100.00%** | **107** | **100.00%** |

Примери од испитаниците кога се чувствуваат непочитувани и безвредни во сопствените искуства и мислења пред законите и во системот на правдата.

*М: Како се чувствувавте вие во тој момент?*

*И: Па, јас лично се чувствувам, да率 речеме, многу навреден ... бидејќи иако сум инвалид, нели и јас сум човек како и сите други и тоа е тоа. Нели, како инвалид не можеш да се браниш .. шефот како ќе каже, така ќе биде, нема тука што.*

*М: Што придонесе да се чувствувате така?*

*И: Па, придонесе самото однесување на овластеното лице ... бидејќи тоа ми го кажа на еден многу неубав начин ... и одма се чувствуваш на душата малку неубаво.*

(маж, 51 г. лице со оштетен вид)

*И: Значи инертноста на институциите многу ме нервира и не само што ме нервира ме фрустрира ме прави да се чувствувам нерасположен, а јас по природа сум ведар, весел човек покрај се поминувам и со смеење има и тажни моменти нормално како и кај секој човек што размислува.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)

*М: И како тоа влјиаше на вас?*

*И: Разочаран тотално, разочаран тотално, да отиду на лекар у Скопје, обично они не тераат, ајде у Скопје ајде овам, ајде онам се путарината мене повеќе ме кошта путарината неголи да отидеш на гости или у град. У Струмица имам, добро за Струмица не плаќам повеќе, ама имам брат у Кавадарци, ја у Кавадарци ме повеќе кошта путарината неголи нафта што отиде, најголем проблем ми е путарината, не сакав да слушнат, не сакав да слушнат за путарината, порано година, година и пол немаше проблем, сега како го донесоа новиот закон за патишта не доаѓа во обзир да заминеш некаде ако не платиш.*

(маж, 40 г., телесна попреченост)

*М: А како се чувствувавте кога ви донесоа негативно решение?*

*И: Па негативно решение се знае. Никој не се чувствува добро зашто што како прво ја имам 5 деца, 3 ми се дома каде што учат, каде што ова. Ми се скратува правото значи, тие ме гледаат, тие ме шетаат ме носат секаде, ме дури понекогаш и ме хранат што се вика. Нормално све ова и бев доста револтиран, доста бев нервозен.*

(маж, 51 г., комбинирани пречки)

*М: Како се чувствувавте поради ова искуство?*

*И: Нормално дека не добро чуство бидејки индирекно си исклучен од општеството поради економската состојба.*

(маж, 31 г., лице со оштетен вид)

*М: Дали бевте под притисок да реагирате на тој начин кој реагиравте таму или самата инвалидност ве притискаше да реагирате?*

*И: Самата инвалидност, самото времетраење на односот на лугето има многу факти за да реагираш на тој начин*

*М: Како се чуствувавте поради тоа?*

*И: Тоа е неописиво, многу тешко, после таква траума доживена човек подолго време не сака да контактира со никого.*

(маж, 40 г., телесна попреченост)

Во однос на позитивниот принцип на достоинство, испитаниците наведуваат примери каде се чувствуваат почитувани и ценети во сопственото искуство и мислења пред законот и во системот на правдата.

*М: Како се чувствувавте кога го добивте позитивното мислење на народниот правобранител?*

*И: Богами да ви кажам право многу бев, пошто и не верував, бев изненеден и стварно бев радосен што*

*успеа народниот правобранител да ми помогне во тоа.*

(маж, 51 г., комбинирани пречки)

И: *Па, за случајот за кој сега разговараме најмногу ми помогна работникот од Заводот за социјални работи каде што ги поднесуваме документите каде што не испраќаат на конзилијарни мислења, каде што ни исплаќаат парични средства ... тој човек, тоа лице ми помогна многу кога дојде дома и ми рече – спремај се да одиш уште еднаш на конзилијарно мислење, затоа што твојата работа е така сериозна и не смеат да те вратат назад да не добиваш додаток -*

М: *Дали беше ти задоволен од тоа лице?*

И: *Презадоволен.*

(маж, 66 г., лице со оштетен вид)

Во поглед на дискриминацијата испитаниците ги наведуваат ситуациите кога имаат искусено разлики и ограничување врз основа на попреченоста, со што се негира ефективно признавање, уживање или пристап до законот и системот на правдата, на еднаква основа со другите. Индикативно е што нема позитивни примери во овој дел од страна на испитаниците.

И: *Целата јавна служба да се промени!Во врска со тоа што кажавте претходно значи на дискриминација се случувало при вработувањето. Тоа можам да го спомнам бидејки 7 години не дека јас не работам ама не сум вклучена на официално да работам. Значи 7 години аплицирам никако да се примам со два факултети и магистратура. Тоа е малце чудно за мене ама за другиве не е, да го знам законот и викат дека го спроведуват ама многу прават дискриминации значи тоа што беше со министерството за шумартство и водостопанство тоа што беше што вработува бев листава е беа избрани со основно школо а јас значи бев дискриминирана и многу такви слични случаи. Не каде ке направиш жалба испадна дека тоа било лотарија после јас се јавив во социјални и ми кажа*

*дека после тоа можете да се жалите, каде ке се жалиш не можеш и така е кога партиски систем.*

(жена, 30 г., лице со оштетен вид)

И: *Исто така, не се задоволни со одредбата што ја донесоа во владата, нели, за тој закон да не важи за постарите членови, односно постарите членови да бидат иземени од тоа, туку наредните генерации што ќе дојдат и ќе поднесуваат документи за нив ќе има такви остварувања месечни приходи над просекот, за нив да важи тоа да немаат право на додаток за слепило или туѓа нега. Тоа е чиста државна дискриминација. И јас во целост се согласувам со тоа дека тоа е буквално државна дискриминација, затоа што утре кога едно слепо дете ќе заврши образование, ќе се вработи било каде, на пример правник или било што заврши, ќе се вработи на работно место каде што ќе остварува личен доход поголем од просекот и да не ги добива тие додатоци, а некој друг пред него кој што го работи истото и го ужива тоа право само заради тоа што е постар, а овој да не го користи тоа право, така да тоа е еден вид државна дискриминација.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

М: *Имаш ли некогаш поддадено документи за пензија?*

М2: *Дали досега сте побарале пензија?*

И: *Мене во Скопје ми дадоа .. бев на ИПК комисија*

М2: *Значи, сепак сте биле на ИПК?*

И: *Ми дадоа решение за семејната пензија од мајка ми, оти од рано детство јас боледувам, од две години ми е инвалидна ногата. И тука решението ми го поништија..*

М: *Зошто?*

И: *Нашето социјално .. нашиот суд ги врати документите од Скопје .. оти немав пари да се пожалам, а имав адвокат од Велес кој ми беше адвокат после сообраќајката, тој рече јас ќе потерам, тебе ти се следува да земеш .. тука се прекинати и поради тоа тие биле навредени*

*.. а зошто да бидат навредени кога никој од џебот .. цела година одам во нашето социјално во Неготино, му викам вака и вака комисијата реши, имаме писмо добиено дека вашата пензија од 2005 .. 2006-та од 27 десетти ви важи решението, само да се одреди висината .. цела година тоа го чуваме и јас викам што ќе чекам друго писмо. Одам во Социјалното и ми викаат мене што бараш, наместо да почастиш да речеш имам пензија, а ти ништо. И викам абе немам, таа ми вика имаш семејна пензија усвоено, како немаш! Само криете нејќете да кажете дека ја земаш семејната пензија. Абе, викам не ја земам, само тие 80 денара или како беа како доплата што беа на пензионерите, тие дојдоа само на мое име два месеца и решението ми го поништија тука во социјалното.*

(жена, 59 г., телесна попреченост)

И: *Притисок ти прави самиот директор на социјалното. Јас ги барам тие права што имам потреба, тие ми викат не. А зашто не? Зашто отишла жена ти инвалид во пензија – што има врска со тоа?Значи лично јас сум дискриминиран од страна на установата, не можам да добијам своето право.*

(маж, 49 г., телесна попреченост)

М: *Што се случило со таа одлука, дали се потполно одземени бенефициите или се намалени?*

И: *На нас со повисоки примања што сме дали пензија дали плата над оној минимален од 9000 денари, целосно се одземени тие бенифиции.*

(жена, 49 г., телесна попреченост)

И: *Има доста незадоволство, значи зборувам конкретно за слепите лица, а не за другите инвалиди, бидејќи јас само со слепи се сретнувам .. Има доста незадоволство коешто се однесува на законските прописи, на правните норми што се во оваа држава ... дека сите закони кои што се донесени, а во врска со нашата*

*категорија на граѓани се од парцијален карактер. Не се задоволни од повеќе работи конкретно. Измените на законот што е, еве на пример за додаток за слепило, кај што кажаа дека сите оние што имаат над просекот на месечни остварувања ќе им се скине тој износ, значи ќе прекине да се исплаќа тоа право и на додатокот за слепило и туѓа нега. Реагираат членовите кај нас, затоа што тоа право не се дава затоа што некој е сиромав или богат, туку, пред сè, се дава затоа што лицето е хендикепирано. Или тоа е како дел од правата за изедначување на можностите на слепите со, да речам, условно кажано, здравите лица.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

Во поглед на принципот *почитување на разликите*, испитаниците наведуваат примери каде се чувствуваат почитувани независно од личноста, во пристапот до законот и системот на правда и соодветно да бидат задоволени потребите кои произлегуваат од попреченоста.

*И: Јас делувам здраво кога ќе ме видат не делувам како да сум со посебни потреби мислат дека сум здрава. Инаку кога сум сама си чекам ред ме гледаат се потам пребледувам дека не можам да стојам, не ти дозволуваат да ја завршиш побрзо работата.*

*Инаку ми беше добро каде што се пријавувам во Агенцијата за вработување зошто јас сакам да работам, не сакам да бидам зависна во државата зошто сум способна за работа, имаше посебен шалтер кај што се пријавуваат инвалидите и таму завршувам работа за пет минути. Влегувам-излегувам. И одам последен пат и еден ми вика: „Е повеќе го нема тој шалтер“ и одам морам да чекам во тоа гужвите, сите кај што чекаа. Па среќа една жена ме пушти па така некако завршив работа иначе нема шанси секаде чекам, нема шанси преку ред да завршиш работа.*

(жена, 46 г., телесна попреченост)

Но постојат и случаи кога лицата чувствувале непочитување и/или етикетирање врз основа на попреченоста, во пристапот до законот и системот на правда или несоодветно задоволување на потребите кои произлегуваат од попречноста.

*М: Дали имало некогаш проблем, да мора да нешто потпишете, а Вие не можете да потпишете па прават проблем со тоа?*

*И: Па имаше такви скоро.*

*М: И како го решивте тоа и дали го решавате?*

*И: Па види сега, на пример потписник ми е сопругата во сите банки, пошто јас нели со кредити, со картички, ваму-таму, а и кога одиме она се потпишува во една банка, во друга не мора. Тоа е непознавање на некои луѓе и мора јас да реагирам.*

*М: Не користите факсимил, печат?*

*И: Не е валиден тој печат за банките. Тој печат секој може да го земе и да го користи. Не е валиден.*

*М: Дали тие работи сега се подобрени за разлика од порано или сеуште е исто?*

*И: Сеуште е таква ситуацијата, за жал.*

(маж, 54 г., лице со оштетен вид)

Принципот на *самостојност* го забележуваат 10 лица кои наведуваат 9 негативни искуства на отсуство на автономија за носење одлуки за прашања кој влијаат на пристапот до првда или присилување на ситуции по основ на попреченост во тој контекст и, за жал, само едно позитивно.

*М: Јасно. На пример, еве кога ви треба некоја документација, значи тоа е процес. Ви треба да извадите некоја документација за нешто, да речеме извод или било што и таму имате проблеми?*

*И: Па проблеми има, таму има скали, нема шанса јас сама да се качам и тоа го работи детево.*

(жена, 55 г., телесна попречност)

*И: Друга бариера се уште оној систем на банкарството јас реално не можам да појдам и сам да располагам со трансакциона сметка, со сретствата они бараат придружник што ќе биде како сведок, така што и тука ние сме лимитирани. Тоа ни е еден вид на бариера, ја морам да обврзам некој да дојде со мене а и покрај тоа што сум на што сум си дозволил сам да направам чекор на улица, сам да се движам и кога ќе стигнам до саканата дестинација, еве да подигнам пари мене ми е оневозможено тоа да го направам.*

*М: А зошто ви бараат придружник?*

*И: Значи бараат придружник тоест човек кој што ќе биде сведок на таа трансакција што ќе ми се направи, на тоа подигање да кажам на сретства кои што ги имам а на сметката и тој да потпише документ – да, тоа се случило.*

(маж, 32 г., лице со оштетен вид)

*И: Сум барал во општина документи па сум чекал времиња па дојди на ред па дојди утре дојди друг ден друг месец што многу лошо влијаело према еден инвалид. Исто така кога одиш да вадиш пасош, лична карта треба да чекаш времиња а еден инвалид треба да има приоритет кој што не може секој дневно да ја брка таа работа, да дојде до таа ситуациа треба да има некој привилегија за секој инвалид.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

Испитаниците во голем процент (68,18%) наведуваат примери според принципот на учество, инклузија и пристапност, при што доминира негативниот пристап кога лицата доживуваат искуства на сегрегација и изолација врз основа на отсуството на пристапноста, со што се оневозможува учество во системот на правда.

*И: Апсолутно, во Општина, кај и да одам проблеми има со физички бариери. Дури ми се има случено во Општина - да вадам некои документи за земјоделие ... таканаречен некој инспектор ... му јавиле дека треба да го земам тој документ, а канцелариите се наоѓаат на 4-ти спрат... Тоа е физичка бариера, не можеш да завршиш работа.*

(маж, 61 г., телесна попреченост)

*И: Нема доволен инвалидитет. Значи, после тужев на судот, кој пресуди во моја корист, пак поднесов барање па по автоматизам пак отидов на комисија, комисијата пак ме одби пак ми кажа дека немам доволен инвалидитет и второ сега имам поднесено жалба и уште се жалиме. Веќе негде околу 3 години се води тоа дело.*

(маж, 38 г., телесна инвалидност)

*М: Тебе, инвалидизирано лице ти побараа да одиш да извадиш лична карта во МТВ?*

*И: Да.*

*М: Зошто, па нели постои мобилна екипа?*

*И: Па кај мене никогаш не доваѓат.*

*М: Зошто? Не ги викна ти или не знаеше?*

*И: Не, не ги викнав, не ги знам и не ги викнав.*

(маж, 32 г., комбинирани пречки)

*М: Што ви беше најголем предизвик кога почнувавте?*

*И: Најголем предзвик кој што ми донесе многу емотивно страдање е тоа стигматизацијата каде што одговорните лица во заводот за вработување не можеа да сфататт дека јас не сакам да бидам работник во картонажа во индустрија за кутии туку сакам да бидам директор на сопствено претпријатие, Значи сега каков управител ќе бидеш ти кога ние сега сме навикнати да гледаме луѓе кои што работат на шишиња стаклени, на картонски кутии и така. Дополнителен проблем е завидливоста на луѓето без хендикеп.Значи морам со срам да им кажам дека сум управител на фирма не со гордост. И тука мислам постојат голем број на невидливи бариери.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

Секако вреди да се спомнат и позитивните примери кога испитаниците доживуваат дека се вклучени во системот на правдата, особено преку општествена и физичка средина без бариеи, со што се овомoжува учество.

М: *Спомна дека си шофер, возиш. Колку време возиш?*

И: *Возам и од пред повредата кога ми е настаната во 1994-та. А кога се повредив во 1994 после продолжив со возењето од крајот на 1995 година.*

М: *Немаше проблем со институциите?*

И: *Не, бев на тестирање за рефлекси, тоа се обави нормално како што треба со сите услови, тогаш се заврши без никакви опструкции сѐ се заврши и во нормала и ми дозволија да продолжам да возам.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

И: *Среќа и за гелендер чекавме 2-3 години, па општината ми направи гелендер. Бидејќи сме на први спрат Општина сега ќа ми направи лифтче, елеваторче за да ја качувам електронската количка и да ја оставам на тераса и да ја спуштам.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)


DHOLLANDIA

# Работа

**Ако си успешен во нешто,**
**тогаш луѓето или ќе те копираат,**
**или ќе ти завидуваат или ќе те мразат.**

Достоевски

Табела 10. Работа според принципите на човековите права – број на лица и број на искуства во проценти

| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
|---|---|---|---|---|
| **1 : Достоинство** | **22** | **27.85%** | **27** | **7.83%** |
| 2 : NEGDIGWK | 12 | 15.19% | 15 | 4.35% |
| 3 : POSDIGWK | 10 | 12.66% | 12 | 3.48% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **28** | **35.44%** | **52** | **15.07%** |
| 5 : D&INEQWK | 25 | 31.65% | 47 | 13.62% |
| 6 : ND&EQWK | 5 | 6.33% | 5 | 1.45% |
| **7 : Почитување на разликите** | **39** | **49.37%** | **88** | **25.51%** |
| 8 : DISRESWK | 23 | 29.11% | 52 | 15.07% |
| 9 : RESPWK | 25 | 31.65% | 36 | 10.43% |
| **10 : Самостојност** | **9** | **11.39%** | **11** | **3.19%** |
| 11 : LAWK | 7 | 8.86% | 8 | 2.32% |
| 12 : SDWK | 3 | 3.80% | 3 | 0.87% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **75** | **94.94%** | **167** | **48.41%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 : EXCWK | 43 | 54.43% | 80 | 23.19% |
| 15 : EXCWK 2 | 1 | 1.27% | 1 | 0.29% |
| 16 : INCWK | 43 | 54.43% | 86 | 24.93% |
| **Вкупно:** | **79** | **100.00%** | **345** | **100.00%** |

Вкупно 79 лица споделуваат 345 свои искуства и ситуации поврзани со областа *работа*, што секако не е мала бројка. Во поглед на принципот на достинство, поголем е процентот на негативни искуства кога лицата се чуствувале непочитувани и безвредни во сопствените искуства и не биле во можност да формираат мислење за работата, или пристапност до пазарот на трудот.

*И: Па, се чувствував тогаш многу понижена и сѐ уште се чувствувам така. Тоа за мене е многу голема болка. Зошто кај нас во Македонија така се манипулира со нас инвалидните лица? Толку сум разочарана и никогаш не би отишла некаде како инвалидно лице да работам. Многу се чувствував навредена, омаловажена, понижена, игнорирана.*

(жена, 53 г., лице со оштетен вид)

*И: Лут, многу лут, затоа што не можеш да работиш. Не бараш социјална помош, се трудиш да постигнеш нешто самиот, меѓутоа тука има опструкции на милион страни.* (маж, 33 г., телесна попреченост)

Радува податокот дека 10 лица имаат наведено позитивни примери кога се чувствуваат почитувани и ценети во сопственото искуство и мислења и способни да формират мислење за работат, или на пазарот на трудот.

*М: А сега, на твоето ново работно место, дали има пропусти, дали се соочуваш со некои ситни проблеми?*

*И: Засега – не. Работам, колку време, еве скоро една година, не ми се случил таков проблем. Сега засега е добро. Мислам, коректни се луѓето, ми помагаат што треба и ако не знам нешто, ќе се јавам ќе ги прашам –*

*ќе ми кажат. Не ме одбил никој досега - не можам да ти кажам, сега не може, не смее или нешто друго.*

(жена, 29 г., лице со оштетен вид)

И: *Не, значи среќа имам што колегите ми се прекрасни. Од таа страна не. Не се осеќам, како да кажам нешто помалку вредна од нив, и немам проблем ако некогаш треба да ги замолам за нешто, ама самите се свесни кога треба да ми помогнат нема тука потреба од некоја дискусија, супер свесни луѓе.*

(жена, 45 г., телесна попреченост)

Загрижува податокот на дискриминација и нееднаквост, со висок процент на негативни искуства. Имено, 25 испитаници односно 31,65% навеле дека искусиле разлики и ограничување врз основа на попреченост, со што се негира ефективното признавање, уживање и остварување на човековите права и основи слободи на еднаква основа со другите, на работа или на пзарот на трудот.

И: *Од аспект на вработувањето, ветуваат вака ќе биде, така ќе биде, ќе ве земеме на работа како инвалиди, а откако ќе ве земат на работа само гледаат да ги искористат средствата за инвалидите. Да ги искористат тие поволности што им се следуваат на работодавците, додека инвалидот не се прашува воопшто дали е задоволен со платата, со работно место... значи, инвалидот се гледа само да се искористи максимално колку што може.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

И: *Јас, како млада личност сум била вработена многупати. Сум искусила многу лоши работи, значи ... каде не даваат плата, каде не ти оди стаж .. едно, друго.*

*Бев вработена во заштитни друштва, точно е тоа. За жал, тие заштитни друштва работеа како заштитни друштва, но ние немавме услови. Значи, халата е неадекватна како за лица со инвалидитет. На пример,*

*имаше ситуации каде што мора да работиш на плочки, наидуваш на лизгав простор. Значи, не можеш слободно да се движиш. Наидуваш на проблем во самиот тоалет што не одговара, еве за мене. Значи, едноставно не можеш да извршиш нужда.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

*М: Може да ни опишете некоја конкретна ситуација каде што сте биле дискриминирани во таа организација?*

*И: Значи единствено за мене каснеше платата од целата организација, единствено јас морав да се јавам на работа во 1-2 часот по полноќ, обавував задачи кои што не се во мојот опис на работни задачи така.*

*М: Што мислите зошто ви се случува ова?*

*И: Тоа се случува пред се затоа што овие работодавачи знаат дека луѓето со посебни потреби се во подредена состојба во споредба со другите лица во општеството.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*И: Јас 3 години работев во заштитно друштво од 2010 до 2013. Првата година добро беше, не можам да се пожалам, имаше редовно плата. После почна со неплаќање на придонеси и плата. Последната година имав и проблем - не сакаше да ме одјави, бидејки имат интерес од законот за вработување на инвалидите* (маж, 32 г., телесна попреченост)

За среќа постојат и позитивни примери од испитаниците, иако во многу помала застапеност, кога имале загарантирани права на еднаква основа со другите, без никаква разлика, исклучување, или ограничување врз основа на попреченост и решавање на недостатоците кој се однесуват на работата, или на пазарот на трудот.

*И: Немав такви ситуации за да бидам отстранет заради мојот хендикеп. Напротив јас со мојот хендикеп сум добро. Луѓето доаѓаат кај мене зошто знаат дека ние слепите масери сме специјалисти за масажа.*

(маж, 54 г., лице со оштетен вид)

Интересен е податокот кај принципот *почитување на разликите*. Помал е бројот на лица (23 односно 29,11%) кои пријавиле негативни искуства, додека поголем број односно 52 или 15,07% искусиле неопчитување и/или етикетирање врз основа на попреченоста, на работата или на пазарот на трудот, и/или несоодветно задоволување на потребите кој произлегуват од попреченоста.

*М: А работното место таму ти беше ли прилагодено според инвалидноста?*

*И: Според инвалидноста – не. Јас во таа фирма работев околу 11 години, значи 11 години јас стоев на нога .. на сите машини. Никогаш не седнав. Единаесет години стоев на една нога. Ама таков дојде животот.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

Поголем е бројот на лица кои наведуваат позитивни искуства, значи да се биде почитуван и незвисен од различноста, на работа и на пазарот на трудот, и содветно да бидат задоволени потребите кои произлегуват од попречноста.

*М: А сега, на твоето ново работно место, дали има такви пропусти, пак дали се соочуваш со такви некои ситни проблеми?*

*И: Засега – не. Работам, колку време, еве скоро една година, не ми се случил таков проблем. Сега засега е добро. Мислам, коректни се луѓето, ми помагаат што треба и ако не знам нешто, ќе се јавам ќе ги прашам – ќе ми кажат. Не ме одбил никој досега - не можам да ти кажам, сега не може, не смее или нешто друго.*

(жена, 29 г., лице со оштетен вид)

*И: Само што си дојде по неколку месеци почна во друга фирма. Максимално прифатена. Во фирмата само таа е глува, другите се со телесно оштетување, уште два-тројца. Меѓутоа, од сите е примена добро*

*Од колегите, од сите. Од газдите, си имаат разбирање, сè, сè. Значи, луѓе со широко срце. Тоа е реткост.*

(жена, 37 г., лице со оштетен слух)

*М: А како е прифатен од претпоставените? Од шефот, од газдата?*

*И: Добар е, многу е добар.*

*М: А дали смета дека поради хендикепот му даваат повеќе работа? Го експлоатираат повеќе?*

*И: Со налог, пред да почне работното време ми дава работа кои работи треба да ги завршам и доколку не можам, ми дава друго лице за помош, а доколку пак тоа лице има работа тогаш јас одам на испомош.*

*М: Дали поради хендикепот некогаш се случило да не може да ја заврши работата баш поради хендикепот?*

*И: Не, не поради хендикепот не се случило, туку поради обемот на работата.*

(маж, 42 г., лице со оштетен слух)

*М: Какво е вашето работно искуство?*

*И: Во моментов работам со невладини, во невладина организација за лица со попреченост, пред тоа работев како телефонски оператор во приватна компанија четири години.*

*М: Како сте биле третирани во таа компанија?*

*И: Многу пријатно, значи многу убаво искуство ми е тоа беше прво работно искуство за мене. Стануваше збор за заштитно друштво меѓутоа еден голем дел од вработените, беа лица без попреченост.*

*М: Како бевте прифатена од колегите?*

*И: Многу добро.*

*М: Од газдите од сопствениците како регираа?*

*И: Имам чувство дека бевме многу почитувани, значи сите лица со попреченост, многу убав амбиент за работа.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

Седум испитаници наведуваат 8 искуства во негативниот принципи на самостојност односно отсуство на автономија за носење одлуки за прашања кои влијаат

на работата или на пристап до пазарот на трудот и/или присилување на ситуаци по основ на попреченост во истиот контекст.

М: *Како стасуваш на работа или од работа назад?*

И: *Па работното место ми е блиску од моето живеалиште, но за тоа со придружба. За до работа, и од работа ми помага мајка ми.*

(жена, 29 г., лице со оштетен вид)

М: *На почетокот нешто спомнавте дека сте нововработена. Како се снаоѓате до работата?*

И: *Па, сега во овој момент мојот татко ми помага, ме носи на работа. Моментално сум на боледување, ама досега тој ми помагаше, а сега се обидувам, во фаза сум да тргнам сама и така.*

(жена, 43 г., лице со оштетен вид)

Само тројца испитаници наведуваат три искуства кога почувствувале способност за носење одлуки за прашања кои се однеуват на работата и пристапот на пазарот на трудот (вклучувајќи избор на подршка при одлучувањето).

М: *Рековте сте работеле 3 години, што беше причината да ја напуштите работата?*

И: *Причината беше комбинирана. Од една страна бидејќи јас боледувам од мускулна дистрофија, а во тоа време не користев инвалидска количка. Местото беше со скали и како што ситуацијата мене физички ми се влошуваше морав да одам во инвалидска количка. Меѓутоа во исто време и јас лично почувствував како работењето како телефонски оператор не ми беше кариерата за која сонував. Некако сите коцки се вклопија за да дојде до таа фаза.*

*(жена, 36 г., телесна попреченост)*

75 лица односно 94,94% наведуваат свои искуства во поглед на принципот на *учество, инклузија и*

пристапност, при што 43 лица наведуваат 80 негативни примери кога имале искуство на сегрециja и изолациja врз основ на попреченоста и/или отсуство на поддршка за потребите, вклучувajки отсуство на пристапност на работа или на пазарот на трудот.

*М: Има ли работни места што сметаш ти дека се прилагодени?*

*И: Не, во оваа фирма нема такво работно место..*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*М2: По завршувањето на школото дали сте нашле соодветно работно место?*

*И: Не.*

*М2: Не. Дали сте се обиделе да најдете такво место?*

*И: Сум се обидувал и сѐ уште се обидувам, еве моментално не работам .. и нема работа .. мислам, не да нема работа, има работа, ама работата ми ја нудат како за здрав човек.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

*И: Таков директно случај не сум имал, меѓутоа индиректна дискриминација сум почувствувал. Минатата година кога мојата фирма требаше да биде конкурент за работа во владина институција, не можевме да го поминеме првиот чекор во аплицирањето, затоа што не беше пристапно местото.*

*(маж, 33 г., телесна попреченост)*

*М: Кажете ми кој се најтешките бариери или предизвици со кој се сочувате во животот?*

*И: Па претежно во ова општество за инвалидите има многу бариери - нема пристапност, има дискриминација и има проблеми и во вработувањето. Во општината скоро во сите главни институции нема пристапност – скоро се е на кат, нема семафори, новите институции што се градат не се пристапни. . При вработување лицата*

*со иналидност немаат никде предност, не се создават услови за нивно вработубање- тие се игнорирани и покрај законот кој нуди предности.* (маж, 57 г., телесна попреченост)

Треба да се забележи и податокот дека 43 лица пријавиле позитивни искуства од овој принцип, односно кога испитаникот се чувствувал признаен како рамноправен учесник, вклучувајќи општествена и физичка средина без бариери, со што се овозможува целосно и ефективно учество на лицата со попреченост на работа или на пазарот на трудот.

*И: А исто така морам да кажам дека оваа година добив и вработување коешто долго го очекував, дваесет и пет години чекам за вработување и оваа година почнав на работа. И тоа е една добра работа што се случи во мојот живот.*

(жена, 43 г., лице со оштетн вид)

*И: Имам сопствена фирма, управител сум на фирма за информатичка технологијаи работам во (името на организацијата познато на авторите), студент сум на прва година. Тоа би било она што се има случено последниве неколку години.*

(маж, 33 г., телесна попреченост)

*И: Тука на работа, мојата работна организација ми набави се: и лаптоп и читач на екран и мобилен телефон со Андроид оперативен систем кој што има вграден бесплатен читач на екран да можам да го користам. Можеби зошто таква е организацијата а можеби зошто таква ми е позицијата, се грижат секое помагало да ми го обезбедат и не сум имала никакви проблеми.*

(жена, 28 г., лице со оштетен вид)

*М: Дали сте вработен?*

*И: Да, во сопствена фирма.*

*М: Што работите?*

*И: Програмер.*

(маж, 28 г., лице со оштетен слух)

*И: Формирав моја фирма при што ги искористив бенифициите кои ги нуди законот за вработување на инвалидни лица, но не да бидам вработен, туку ја да се самовработам. После некои си 7-8 години од моето функционирање, вработив едно лице со хендикеп. Сега не дозволувам работи кои што ми се случувале на мене, да му се случуваат на лицето, бидејќи ја знам дискриминацијата. Ова е многу битен момент навидум е обичен меѓутоа е битен затоа што кога работодавачот не е инвалидно лице тој помалку има свест и осет за потребите и за можноста да биде едно лице дискриминирано.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

# Семејство и приватен живот

**Секое семејство е среќно на ист начин,
а несреќно на сопствен начин.**

Толстој

Искуствата од оваа област се однесуваат на личните и животните искуства на поединецот, а кои го опфаќаат семејниот живот, односите помеѓу членовите во семејството како и приватноста и самостојноста на лицето со попреченост.

Табела 11. Приватност и семеен живот според принципите на човековите права – испитаници и искуства во %

| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
|---|---|---|---|---|
| **1 : Достоинство** | **32** | **32,00%** | **46** | **15,38%** |
| 2 : NEGDIGFAM | 6 | 6,00% | 10 | 3,34% |
| 3 : POSDIGFAM | 28 | 28,00% | 36 | 12,04% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **4** | **4,00%** | **4** | **1,34%** |
| 5 : D&INEQFAM | 2 | 2,00% | 2 | 0,67% |
| 6 : ND&EQFAM | 2 | 2,00% | 2 | 0,67% |
| **7 : Почитување на разликите** | **33** | **33,00%** | **43** | **14,38%** |
| 8 : DISRESFAM | 8 | 8,00% | 13 | 4,35% |
| 9 : RESPFAM | 25 | 25,00% | 30 | 10,03% |
| **10 : Самостојност** | **45** | **45,00%** | **65** | **21,74%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 : LAFAM | 35 | 35,00% | 53 | 17,73% |
| 12 : LAFAM 2 | 1 | 1,00% | 1 | 0,33% |
| 13 : SDFAM | 10 | 10,00% | 11 | 3,68% |
| **14 : Учество, инклузија и пристапност** | **90** | **90,00%** | **141** | **47,16%** |
| 15 : EXCFAM | 15 | 15,00% | 21 | 7,02% |
| 16 : INCFAM | 81 | 81,00% | 120 | 40,13% |
| **Вкупно:** | **100** | **100,00%** | **299** | **100,00%** |

Сто испитаници наведуваат 299 искуства од оваа област, главно во позитивна смисла наведувајќи го семејството како основна и најголема помош и поткрепа и извор на поддршка во справувањето со проблемите со кои се соочуваат секојдневно лицата со попреченост. Сепак, треба да се забележи дека постои и одреден број негативни искуства со кои се соочиле некои од испитаниците, а дел од причините се дистанцирање, а во некои примери дури и исклучување од семејството. Во однос на принципот на *учество, инклузија и пристапност* на лицето со попреченост во семејство забележителен е бројот на лица кои не се во брак и живеат сами или со друг член од семејството (брат/сестра, дете, родители) или пак се исклучени од страна на своите деца и/или од родителите на партнерот.

*М2: Кој живее со вас?*

*И: Јас сум овде сам, а брат ми доаѓа.*

*М2: Никој друг?*

*И: Никој, сам.*

*М2: Сопруга, деца, други? Пријатели?*

*И: Не, не. Ништо, ништо. Никој друг.*

(маж, 52 г., лице со целосно оштетување на видот)

*М: Е сега да Ве прашам нешто за семејството рековте дека не сте баш задоволна?*

*И: Ништо, ништо не ми помагаат. Само нервоза ме јаде во овие 5 години.*

(жена, 69 г., телесна попреченост)

*И: За да биде подобро, сакам да си живеам со моите родители во (градот познат на авторите).*

*М: Биолошките родители?*

*И: Да, биолошките родители.*

*М: А што мислиш зошто те оставиле твоите родители, има врска твојот хендикеп?*

*И: Сигурно поради тоа, дека мислеле дека сум слепо лице.*

(маж, 24 г., лице со оштетен вид)

*М. Дали сте биле изоставени или сте биле лошо третирани да не учествувате поради својата попреченост?*

*И. Сум била игнорирана не сум можела да идам нигде, посебно тоа ми го нанесол синот. И имало многу расправии.*

*М. Дали ова сѐ уште се случува ?*

*И. Да и повеќе пати.*

(жена, 71 г., телесна попреченост)

Охрабрува податокот дека најголем број од испитаниците се *вклучени* во семејството. 81 испитаник односно 81,00%, се чувствуваат *почитувани* од другите членови од семејството, убаво се сложуваат и се активни учесници во семејниот живот што секако придонесува за нивната самодоверба, задоволство и исполнетост.

*М: Кој ви помага највише?*

*И: Највише – мојата фамилија.*

*М: Женет сте?*

*И: Женет сум и мојата сопруга е исто така инвалидно лице, и таа е слабовидна како мене. Ние двајцата сме така родени. Децата, фала Богу, здрави прави. Тие сега се нараснати .. тие се локомотивата, тие не носат сегде кај што треба.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

*М: Спомнавте дека сте фамилијарна личност.*

И: Да.

*М: Нешто да кажете повеќе околу тоа, значи самата домашна атмосфера со кој живеете, како сте прифатени во кругот на фамилијата?*

И: *Да. Јас сум 15 години во брак. Мажена. Имам две деца – машко и женско. Живеам со сопругот, свекорот и свекрва ми. Исто така јас сум со инвалидитет и мојот маж е со хендикеп. И имаме две здрави прави деца, но со многу голема помош од мојата свекрва и свекорот.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

*М: Каква е вашата фамилијарна поддршка, од најблиските?*

*И: Па, имам доста голема поддршка. Мислам .. ме прифатиле како таков .. исто и моето најблиско семејство, жена ми, детето. Мислам, и детето знае и чувствува кога треба нешто да ми помогне, одма ми подава лупа. Тоа .. така некако .. дури и јас се чудам како тој го има како инстинкт некој.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

*И: Што се однесува до мене, моите деца се пораснати со родител со хендикеп. Моите деца се воспитувани во духот да ги почитуваат инвалидите, да сакаат да знаат што значи инвалидност.*

(маж, 59, телесна попреченост)

Сè уште може да се најдат примери на стереотипи, предрасуди, стигматизација и *непочитување на разликите*, но за среќа тие ги има во мал број, додека поголем е бројот на оние семејства каде постои *почитување на разликите* (25 испитаници односно 25,00%).

*И: Но, од негова страна имав проблеми, прво, не ме сакаа бидејќи инвалид.*

*М2: Кој?*

*И: Па свекрвата, свекорот, сите таму. Бидејќи тој е од село и од земјоделско семејство. Но потоа, свекрвата ме прифати, свекорот.*

(жена, 60 г., телесна попреченост)

*И: Сакам да кажам дека .. може тоа ќе звучи грубо, дека ние инвалидите не можеме даземеме здрав и прав човек. Дали е маж дали е жена. Тоа малку .. во околината .. како кај нив да има некаков револт .. прво нешто те гледаат накриво, ама .. тој ја зел таа, еј, што нашол во неа, а не нѐ сфаќаат дека ние во душата сме исто како нив, така добри, може и многу подобри од нив .. и по карактер и по сѐ. Но отпосле го сфаќаат тоа. Прво ќе направат грешка, а потоа ќе сфатат.*

(жена, 60 г., телесна попреченост)

*И: Бабата, не знам .. има некаков лош табиет, и до ден денеска вика `Остај го мори, што ќе ти е тој`.*

(маж, 51, телесна попреченост)

Иако со прашалникот не беше опфатено како конкретно прашање, при анализата на разговорите од испитаниците произлегоа неколку многу битни показатели. Од 105 испитаници, 21 лице односно 20% од испитаниците живеат во семејства со две и повеќе лица со попреченост.

*М: Колку долго имате попреченост?*

*И: Од самото раѓање. Фамилијарно, наследно ни е, значи мајка, татко, брат, сестра.*

(маж, 32 г., лице со оштетен вид)

*И: ... бидејќи имам и брат глув и сестра глува, така што .. нели .. судбината не погодила нас многу, односно моите родители. Имам само една сестра што слуша.*

(маж, 52 г., лице со оштетен слух)

Бројот на лица кои се изјасниле дека се во брак или живеат сами, односно не се во брак е скоро изедначен 53 наспроти 52 (или во проценти 50,48% односно 49,52%). Но, индикативен е фактот дека голем дел од оние испитаници кои се во брак и нивниот сопружник е исто така лице со попреченост. Ова е особено битно кога се земе предвид фактот дека во РМ не постои услугата персонална асистенција или служби/ услуги за поддршка и тука доаѓа до израз нивната зависност, неможноста на овие лица да функционираат сами без помош од други, а тоа се најчесто членови од потесното семејство или нивните деца кои и самите се малолетни, а честопати и во периоди на тешки временски услови лицата со попреченост се принудени да седат дома изолирани од останатиот свет. Исто така е битно да се напомне дека во вакви случаи лицата со попреченост обично немаат можност за избор, а особено загрижува моментот што со ова во голем степен се нарушува приватноста, а со самото тоа и достоинството на личноста. Постојат многубројни примери што го потврдуваат ова (35 лица или 35,00%), од кои дел се дадени во продолжение:

*И: Секогаш .. така некако се снаоѓаме ... со животот, со проблемите се снаоѓаме. Еве, на пример, јас имам и сопруг, имам и дете. Заедно се снаоѓаме во животот. Мора да се бориме. Детето доста работи ми помага – за дрва, за во дуќан, секојдневно купува леб, основни работи со него ... качување на дрва во зимскиот период.*

*М: Во продавница? На школо?*

*И: Тој мора да стаса .. во продавница и на школо .. мислам да отиде на школо и да донесе од продавница сѐ што ни треба.*

(жена, 41 г., телесна попреченост)

*И: ... додека е жива мајка ми ќе ги врши работите. Ако не е она, мора на некој да му платиш да ти заврши работа, или ќе мораш ти да му завршиш некоја работа, оти никој не си ја остава својата работа да ја заврши твојата. Значи мора да платиш.*

(маж, 38 г., телесна попреченост)

*И. Јас без родителите не можам да се движам сам, ако тие ме однесат надвор јас ќе бидам изваден ако не, не. Јас принуден сум да седам дома, психичката поддршка е многу битна бидејќи малку се тие што соработуваат со нас, а ние тоа ја добиваме само од родителите. Испаѓа тоа дека ние цел живот сме зависни од родителите.*

(маж, 40 г., телесна попреченост)

*М: А кој ја врши сега задачата што би требало да ја врши тој персонален асистент? Кој ти помага сега моментално?*

*И: Моите родители воглавно.*

(маж, 21 г., телесна попреченост)

*М: А ако сакаш да пополниш некој формулар во администрација како те третираат?*

*И: Па други ми помагаат за пополнување на формулари.*

*М: Кои други? Некој што го носиш со тебе или..*

*И: Да, некој близок или пријател*

*М: А се случило ли некогаш сам да треба да отидеш да пополниш?*

*И: Не.*

*М: Секогаш имаш потреба од некој друг?*

*И: Да, да.*

(маж, 21, лице со оштетен вид)

*М: А на пример на лекар дали оди секогаш со придружба или сам?*

*И: Да, тоа е голем проблем. Јас морам да имам придружба за на лекар.*

*М: А како се чувствува поради тоа?*

*И: Да, да, морам со придружник, зошто нема да сфатам што ќе ми кажат за што се работи на пример доколку е нешто посериозно.*

(маж, 49 г., лице со оштетен слух)

М: *Кои се најтешките бариери или предизвици со кои се соочил во животот?*

И: *Комуникацијата. Најтешка ми е комуникацијата значи многу ми е тешко ... не можам ништо да разберам значи ако не дојдам со некого од моите или толкувач, не можам ништо да разберам. Пробав еднаш ама ништо не успеав, ден и пол изгубив и ништо не завршив работа. Ме препраќаа таму-ваму не можев ништо да се снајдам.*

(маж, 42 г., лице со оштетен слух)

И: *Знаете како ... не ми е убаво, не се чувствувам воопшто убаво во таква ситуација некогаш. Еве, на пример, моите никогаш не ми пререкле дека треба негде да ме носат. Меѓутоа, некогаш осеќам дека мајка ми е преморена, а јас сум се договорила негде да излезам вечерта. Она нема да ми каже ништо она ќе ме однесе ама јас се чувствувам лошо, затоа што ја малтретирам, ја малтретирам ... нејзе не и е проблем да ме однесе ... меѓутоа, приметувам кога е уморна, жал ми е не сакам да ја малтретирам баш, ама тоа е единствениот начин за жал да стигнам до местото каде што сакам да стигнам.*

(жена, 20 г., лице со целосно оштетување на видот)

Охрабрува тоа што постојат и многубројни позитивни примери на *самостојност* односно кога лицата со попреченост се со висок степен на самосвест и самите инсистираат на самостојност или пак нивните семејства не дозволиле тие да останат зависни, повлечени и ги поттикнувале на осамостојување, со што лицата со попреченост стекнуваат самодоверба и се чувствуваат подготвени за соочување со проблемите со кои се соочуваат секојдневно.

И: *Моето семејство ми помага многу со... ах како да Ви објаснам, во битката со хендикепот, затоа што не ми помагаа, затоа што ми дозволија сам да се борам за сѐ и сешто, Нормално имав поддршка, но не директна туку индиректна. Не пооддршка кај што те држи некој за рака постојано во животот ...*

(маж, 33 г., телесна попреченост)

*И: Бидејќи многу е значајно .. нели .. јас сум се школувала, меѓутоа, за разлика од другите глуви, моите родители во летниот период вложуваа многу во мене, во моето образование значи. Ме учеа и ме подготвуваа за самостоен живот. Заради тоа јас секогаш во денешни услови каде и да одам немам никаков проблем .. можам и секогаш за многу работи да се снајдам за многу работи и без толкувач.*

(жена, 37 г., лице со оштетен слух)

*И: И на моите исто тоа им го кажувам. Дека јас сум таа што одлучувам, без разлика за што и да се работи, за дома, за донесување одлуки, за детето, за семејството, сопругот .. за било што .. или да се купува нешто, било што и да е нешто во секојдневниот живот јас им давам до знаење и на моите и на луѓето околу мене дека јас иако сум со оштетен вид, иако имам своја попреченост, дека сепак здраво размислувам и треба да ги почитуваат моите одлуки, нели, моите барања и само тогаш да реагираат доколку јас од нив побарам помош, а не тие сами да ми кажуваат – јас треба ова да направам, јас треба она да направам. Иако сме попречени во видот, јас мислам дека здраво размислуваме и многу добро знаеме што одлуки да донесеме во нашиот живот.*

(жена, 43 г., оштетен вид)

*И: ... можеби моите родители секако биле шокирани кога сум се родила затоа што не очекувале ќе се случи тоа што се случило. Меѓутоа, се бореле и сфатиле дека треба да ме воспитуваат и да ме третираат дома исто како што ја третираат и сестра ми која што е постара од мене.*

(жена, 20 г., лице со целосно оштетување на видот)

Зависноста од семејството се гледа и во фактот што поради лошата материјална состојба на лицата со попреченост тие се принудени да бараат помош од своите родители или дури и да живеат во заедница со нив, што

од една страна претставува и еден вид *дискриминација*, а со што се нарушува на некој начин и приватноста на овие лица, а не по нивен избор.

*И: Не мој е станот, подарок од татко ми. Сакав да кажам не можев да конкурирам за отпишување на долгови бидејќи имам долгови во банка. Не можев да конкурирам бидејќи живеам со моите, со родителите. Се бара вкупни примања на домаќинство. Јас и мојата сопруга сме семејство, татко ми и мајка ми се семејство ... ние сме фамилија. Но бидејќи надминувавме некои 10.000 над тоа лимитот не можевме да ги отпишеме долговите. Не можев да конкурирам ни да помислам да конкурирам. Еве ако сакате и апел до државата: `Не можете да калкулирате со бројки кога се работи за живи луѓе. Ме разбирате. Кога се работи за живи луѓе не може да се калкулра со бројки`.*

(маж, 46 г., телесна попреченост)

*М: Каков е вашиот станбен статус?*

*И: Под кирија.*

*М: Под кирија, а дали тој ја плаќа киријата?*

*И: Не, јас не ја плаќам киријата, мајка ми и татко ми ја плаќаат.*

(маж, 49 г., лице со оштетен слух)

Семејството, по традиција, е основната клетка на општеството во нашата држава. Тоа, се чини, е добро, кога се погледнат најчесто тешките услови и сериозните проблеми со кои се соочуваат секојдневно лицата со попреченост во сите сфери на своето живеење. Убаво е кога се слушне дека сè уште постои взаемна почит меѓу членовите на семејството, особено кога станува збор на семејства каде има и лице или лица со попреченост. Но, факт е дека државата затаила во голем дел во обезбедувањето соодветни услови како овие лица би се чувствувале рамноправни учесници и чинители во активностите што една личност чувствува и има потреба да ги спроведе, исполни или да присуствува.

# Сигурни приходи и услуги за поддршка

**„Самостојниот живот како можност за избор во одредување на начинот на живот и контрола над личниот живот“**

Агнес Флечер

Оваа област за лицата со попреченост вклучени во истражувањето се покажа како втора по значење: искуствата на испитаниците/чките поврзани со кршење на правото за остварување на сигурни приходи и услуги за поддршка.

Во оваа област се опфатени искуства кои се однесуваат на остварување на правата од областа на социјалната заштита, правата на парични надоместоци кои на овие лица им следуваат врз основа на попреченоста како што се: социјалните давања и социјалните услуги како видови на поддршка за самостојно живеење и вклученост во живот во заедницата.

| Табела 12. | Искуства по принципите на човековите права во областа Сигурни приходи и услуги за поддршка – број на лица и број на искуства во проценти | | | |
|---|---|---|---|---|
| Принципи на човекови права Област Сигурни приходи и услуги а поддршка | Број на лица | % | Број на искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **11** | **13.25%** | **16** | **6.45%** |
| 2 : NEGDIGSUP | 11 | 13.25% | 14 | 5.65% |
| 3 : POSDIGSUP | 2 | 2.41% | 2 | 0.81% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **7** | **8.43%** | **9** | **3.63%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 : D&INEQSUP | 7 | 8.43% | 9 | 3.63% |
| 6 : ND&EQSUP | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **7 : Почитување на разликите** | **9** | **10.84%** | **11** | **4.44%** |
| 8 : DISRESUP | 8 | 9.64% | 9 | 3.63% |
| 9 : RESPSUP | 2 | 2.41% | 2 | 0.81% |
| **10 : Самостојност** | **6** | **7.23%** | **7** | **2.82%** |
| 11 : LASUP | 6 | 7.23% | 7 | 2.82% |
| 12 : SDSUP | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **79** | **95.18%** | **205** | **82.66%** |
| 14 : EXCSUP | 57 | 68.67% | 112 | 45.16% |
| 15 : INCSUP | 53 | 63.86% | 92 | 37.10% |
| 16 : INCSUP 2 | 1 | 1.20% | 1 | 0.40% |
| **Вкупно:** | **83** | **100.00%** | **248** | **100.00%** |

Во табелата погоре е прикажан обемот на почитување на петте клучни принципи на човековите права како и обемот на кршење на овие принципи во областа сигурни приходи и услуги за поддршка, прикажани преку бројот на лица кои говореле за своите искуства и бројот на нивните искуствата за оваа област. Согласно добиените резултати дури 95.18% од вкупниот број на испитаници/чки наведуваа искуства од областа на социјалната заштита и неопходните сервиси, односно услуги за поддршка. Ова, пред сè се однесува на рестриктивниот и дискриминирачки пристап при остварувањето на правото за финансиски надоместок по основ на попреченост како што е надоместокот, додатокот за нега од друго лице (туѓа нега) како и паричните надоместоци – како што се додатокот за мобилност и додатокот за слепило. Овде, секако најзначаен сегмент е и системскиот недостаток од постоење на соодветните сервиси и услуги за поддршка, како што се: персоналната/личната асистенција во сите сегменти од општественото живеење на лицата со попреченост и тоа: асистенција во домашни услови, во образование, на работно место како и во семејството и во приватниот живот. Освен персоналната/личната

асистенција овде спаѓаат и услугата за превоз која системски е решена и постои само во градот Скопје, како и услугата за домување. Недостатокот од постоење на соодветните услуги за поддрршка директно се рефлектира кон кршење на принципот учество, инклузија и пристапност.

Критериумите за остварување на правата за одредени сервиси за поддршка или финансиски надоместоци врз основа на попреченост често се премногу рестриктивни, па и лицата со попреченост кои имаат право на одредени услуги и финансиски средства се оневозможени за остварување на тие права.

Недостатокот од одржливи услуги за поддршка на локално ниво претставува голем проблем за активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот:

*И: Проблемот е во тоа што на пример една година чекам за мобилност... Нема комисија ... не може да нема комисија. Ние не сме малку, ние сме околу 30.000 народ јас колку што знам. Тоа е 1,5% од населението и после се лутат кога ќе кажеме дека инвалидите се на маргините. Се на маргините.*

*М: Дали имате доволно финансиски средства за некаков асистент или дали ви понудиле за да не биде само сопругата.*

*И: Еве реторичко прашање на вашето прашање. А дали би имале вие доволно средства кога би имале 8.300 денари пензија со стартна основа 5.900 МКД мислам дека се ви одговорив.*

*М: Спомнавте дека колегите ви донирале количка. Дали некоја инстутуција што тоа и е работа ви помогнала за нешто?*

*И: Не не.*

*М: Дали земате мобилност, надоместок за мобилност тие 7.000 денари.*

*И: Не, не, па тоа ви кажав чекам веќе една година и не може никој да ме убеди дека нема комисија. Не може да нема комисија. И мислам дека е нефер и неправда таков однос. Ако ништо друго со тие 7.000 МКД, лебот*

*и млекото ќе го имаме па ќе има и за некоја паштета. Сега ова фигуративно го кажувам и малку иронично, но така е.*

(маж, 46 години, со телесна попреченост)

И: *Значи јас дома не можам да исчистам како што треба.... Ми треба помош за пазарење. ... И не знам дали воопшто може да се најде некое решение, на пример, да доаѓа некоја жена дома 4,5 дена во неделата да ни готви да ни чисти, кај што сме на пример две лица болни дома. Или едно кое не може да се помага само. На пример, на две недели да чисти жената.*

(жена, 46 години, со телесна попреченост)

М: *Сакам да те прашам во врска со бариерите на лицата со хендикеп во вашата заедница, дали имате некое искуство?*

И: *Јас се сретнувам значи секојдневно, ...на прво место е јавниот превоз.... По институциите не се секаде регулирани овие бариери, има многу бариери.*

М: *Кажи конкретно?*

И: *Конкретно кај нас е: тука спадат Фондот за здравство, Фондот за пензионо инвалидско, Општина, дали во Оштина тие институции што фигурираат таму у општината и таму исто Центар за социјала и социјални работи, секако што тамо најповеќе гравитираат.*

М: *Што недостасува таму во тие институции?*

И: *Пристапот на прво место, пристапот до самата институција е, тек после со односот со службени лица.*

(маж, 40 години, со телесна попреченост)

Од испитаниците/чките кои наведуваaа позитивни искуства за почитување на овој принцип поголемиот број од лицата со попреченост добиле финансиски надомест, најчесто надоместокот за нега од друго лице (туѓа нега) кога критериумите биле поинакви односно, не биле толку рестриктивни или надоместокот за мобилност и

слепило кои се доделува од неодамна. Но и оваа група на испитаници/чки немаат адекватни сервиси за поддршка кои би им овозможиле комлетна независност и самостојност. Немаше ниту една ситуација или споделено искуство кое говори за самостојна одлука на испитаникот за видот и обемот на потребната услуга.

*М: Спомна дека моментално си пензионер. Дали тоа значи дека имаш пензија од времен карактер?*

*И: Не, трајна пензија од 1995-та година.*

*М: Значи, не е од времен карактер.*

*И: Не е од времен карактер.*

*М: Дали мислиш дека е доволна таа пензија?*

*И: Во секој случај не е доволна за нашите потреби.*

*М: Други некои додатоци примаш? Туѓа нега, мобилност?*

*И: Туѓа нега.*

*М: Туѓа нега. Исто, дали мислиш дека и таа не ги задоволува стандардите?*

*И: Јас мислам дека треба да се зголеми.*

(маж, 43 години, со телесна попреченост)

*М: Дали имате потреба од тифло технички помагала?*

*И: Да. Во секој момент ние имаме потреба од такви звучни помагала. Отсекогаш сум имала потреба од нив.*

*М: Како стигнувате до нив?*

*И: Па, тешко се стигнува до нив, а треба да бидат подостапни до нас затоа што ние имаме потреба од секакви помагала – рачни часовници, топломери, кујнски ваги, апарати за притисок, буквално сѐ и нашиот живот зависи од тие звучни помагала.*

(жена, 43 години, со сензорна попреченост, оштетување на видот)

И: *Но што е со тие кои се вразани за кревет кои се социјални случаи, што е тоа „туѓа нега" од 3.800 денари тоа е 100 денари дневно, а 100 денари дневно не е ни леб и јогурт, па не е само животот леб и јогурт.*

(маж, 46 години, со телесна попреченост)

И: *Да, од друг човек. Да имаме, на пример, институции кај што можеме да се обратиме или да се јавиш телефонски, како во Англија, да се јавиш, имаш потреба денеска да отидеш во маркет да пазариш, ти доаѓа човекот, те придружува до кај што треба, си пазариш, тоа си го покрива државата и чао пријатно. А не да го чекаш брат ти, жена ти или татко ти на 60 – 70 години. Значи, општо зборувам, не само за слепите лица, за било кој што има потреба. Значи, тоа е служба што се користи по светот.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

М: *Јас кога аплицирав за туѓа нега .... вика да туѓата нега ја даваме за придружник ако идеш на работа.. .викам најдете ми човек кој за 4.000 ден. ќе дојде во 05 часот, зошто во 05.10 имав автобус и што ќе ме носи на работа и да дојде да ме земе во 03 часот (15 часот) за овие пари. ОК ја давам туѓата нега. Значи смешна е цената.... државата сака да ни помогне. Она сака ама не е доволно.*

(маж, 54 г., лице со оштетен вид)

Лицата со попреченост корисници на некој сервис за поддршка, живееат во неизвесност дали тој сервис ќе продолжи да функционира во иднина токму поради фактот што не се воспоставени одржливи механизми за финансирање на истиот/те.

Негативен показател е и тоа што 7.23% од испитаниците/чките навеле 7 искуства, ситуации во кои немале можност за избор на соодветена услуга која комплетно одговара на нивната попреченост и дека воопшто немале никакво влијание во донесувањето на одлуките за тоа

каква услуга за поддршка ќе добијат.што претставува директно кршење на принципот **самостојност.**

Лицата со попреченост не можат да влијаат на видот обемот и квалитетот на услугата која ќе ја добијат. Често се случува наместо лицето со попреченост кое ќе биде директен корисник на одредена услуга за истата воопшто да не биде прашано самото лице туку неговиот родител/старател, друг член од семејството, асистентот или придружникот. Ова влијаае на губење **на достоинството** на лицата со попреченост за што се изјаснија 13.25% од испитаниците/чките споделувајќи 16 негативни искуства (6,45%). И да станале корисници на одредена услуга за поддршка, испораката на таа поддршка не се одвива на соодветен начин.

*М: На кој начин еве да се подигне свеста на луѓето според твоја идеја?*

*И: Со реклами - да пуштат на телевизија. Наместо да кажују мрсната храна е штетна, треба да се кажуе да инвалидот треба да се почитува, индивидуа како сите луѓе, да не бидеме од втор ред од трет ред.*

(жена, 40 години, со телесна попреченост)

*И: ... јас ја барам шансата да отидам во Европа не заради тоа што Европа нуди подобри социјални политики него бидејќи повеќе ги вреднуваат животите на сите.*

*М: Порамноправни така?*

*И: Да, порамноправни, понормални, поцивилизирани.*

*М: А како околината гледа на тоа?*

*И: Со зборови секогаш имам подршка али на дело никогаш*

*М: Бидејќи не ја добиваш таквата помош, како се чуствуваш?*

*И: Тоа е многу тешко, не може да се опише. Со ова одлука прв пат во животот почнав да чуствувам некоја несигурност рачунајќи на моите години, пошто и староста иде а секој инвалид со годините си носи свои*

*други проблеми. Укинувањето на овие бенефиции за мене лично се штетни, што значи во постари години кога ќе требат поголеми потреби, тогаш и трошоците ќе бидат зголемени.*

*М: Што придонесе да се чуствувате така?*

*И: Еве самата таа одлука чуствувам дека сум деградиран,*

*М. Во случај да не сте ја добиле како што велите како тоа влиаеше на вас?*

*И. Многу тешко и навредливо кога бараш и да не добиеш.*

(маж 40 години,телесна попреченост)

8,43% од испитаниците/чките **биле дискриминирани** споделувајќи 3,63% негативни искуства кои ја илустрираат дискриминацијата во оваа област и го потврдуваат кршењето на принципот ***недискриминација и еднаквост.*** Многу често и критериумите за остварување на некоја услуга за поддршка се дискриминирачки по однос на видот на попреченост кој има право да добие услуга или по обемот за добивање на услугата.

Самиот недостаток од постоење на сервиси за поддршка ги става лицата со попреченост во нерамноправна положба во однос на другите луѓе.

*И: Јас сум направила толку години, не сум оздравела – сега ќе оздравувам .. така? И сега секоја година јас морам да носам документи, да собирам, дали земам пензија, дали сум имала имот .. кој ќе ми го остави имотот? Ако имам имот, тешки да имам, ќе го продадам и ќе имам пари. Не ми требаат 3.000 да ми даваш ти .. така?*

(жена 55 години со телесна попреченост)

Висок процент од 9.64% од испитаниците/чките споделија 9 негативни искуства односно 3,63% од искуствата кои се однесува на кршење на принципот **почитување на разликите**. Многу често државните институции каде се остварува одредено право за добивање на паричен надоместок или сервис за поддршка се целосно непристапни за лицата со попреченост.

*И: Па, што знам. Не знам, нема право на детски додаток зошто студира. Тоа е. Мене тоа ми е интересно и чудно ми е како може на еден родител со инвалидитет да не му се признае детскиот додаток ....*

*М: Побаравте ли образложение?*

*И: Па од кого да побараш образложение, вика – толку, вика ти следува!*

*М: Колку? Колку е?*

*И: Па сега моментално земам дечки додаток 1.800 денари за три деца. Тоа е. Значи 1.800 денари на факултет, средно и основно, што знам. Ако може некој да ги издржи три деца со 1.800 денари, па нека дојде, ја ќе му ги дадам моите.*

(маж 51 година со телесна попреченост)

Како добра практика во РМ **може** да го наведеме сервисот – персонална асистенција за студентите и младинците со инвалидност, кој е се реализираше во рамките на Информативно – услужната служба на Здружението на студенти со хендикеп (ЗСМХ) – Скопје. Оваа услуга им е потребна на многу од лицата припадници на различни возрасни групи и во различни облици. За жал, персоналната асистенција понудена од здружението, сеуште се заснова само на ад-хок проекти со временски ограничен карактер, при што најмногу страдаат корисниците кои имаат потреба за оваа услуга.



# Учество во општествениот живот

Анализата на овој дел потврди дека областа на учеството во општествениот живот е еден од најбитните, ако не и најбитен дел во животот и функционирањето на лицата со попреченост во нашата држава.

Сите 105 испитаници со попреченост наведуваат искуства од областа на учеството во општествениот живот, како што може да се види од приложената Табела 13. Вкупниот број на ситуации спомнати од страна на лицата со попреченост опфатени со ова истражување изнесува 2,832 што е само уште еден показател дека оваа област има огромно значење за лицата со попреченост. За потребите на ова истражување учеството во општествениот живот се однесуваше на искуства во поглед на учеството во поширока смисла при што се опфатени културно - забавниот живот, спортот и рекреацијата, слободните активности, пристапноста во поширока и потесна смисла и други активности. Учеството, односно почесто неможноста од учество во овие активности претставува битен сегмент во секојдневниот живот што може да даде јасна слика за околностите во кои живеат лицата со попреченост како и со проблемите со кои тие се соочуваат во секој момент од својот живот.

| Табела 13. | Учество во општественост живот според принципите на човековите права – број на испитаници и искуства | | | |
|---|---|---|---|---|
| Принципи на човековите права | Број лица | % | Број искуства | % |
| **1 : Достоинство** | **80** | **76,19%** | **166** | **5,86%** |
| 2 : NEGDIGPART | 65 | 61,90% | 110 | 3,88% |
| 3 : NEGDIGPART 2 | 3 | 2,86% | 3 | 0,11% |
| 4 : POSDIGPART | 39 | 37,14% | 53 | 1,87% |
| **5 : Недискриминација и еднаквост** | **31** | **29,52%** | **51** | **1,80%** |
| 6 : D&INEQPART | 28 | 26,67% | 46 | 1,62% |
| 7 : D&INEQPART 2 | 1 | 0,95% | 1 | 0,04% |
| 8 : ND&EQPART | 4 | 3,81% | 4 | 0,14% |
| **9 : Почитување на разликите** | **100** | **95,24%** | **350** | **12,36%** |
| 10 : DISRESPART | 87 | 82,86% | 205 | 7,24% |
| 11 : DISRESPART 2 | 5 | 4,76% | 6 | 0,21% |
| 12 : RESPART | 67 | 63,81% | 139 | 4,91% |
| **13 : Самостојност** | **66** | **62,86%** | **146** | **5,16%** |
| 14 : LAPART | 60 | 57,14% | 125 | 4,41% |
| 15 : SDPART | 20 | 19,05% | 21 | 0,74% |
| **16 : Учество, инклузија и пристапност** | **105** | **100,00%** | **570** | **20,13%** |
| 17 : EXCPART | 102 | 97,14% | 318 | 11,23% |
| 18 : EXCPART 2 | 6 | 5,71% | 10 | 0,35% |
| 19 : INCPART | 100 | 95,24% | 242 | 8,55% |
| **Вкупно:** | **105** | **100,00%** | **2832** | **100,00%** |

Според податоците од Табела 13. во која се прикажани искуствата од областа на учество во општествениот живот според принципите на човековите права, може да се забележи дека преовладува негативната страна од принципите, при што најголемиот број на дадени искуства се однесува на принципот на *учество, инклузија и пристапност*. Огромен процент од дури (97,14%) од испитаниците (102 лица) се сочиле со кршењето на овој

принцип, а причините за ова првенствено се во физичката непристапност на повеќето објекти од јавен интерес, архитектонските бариери во самото окружување каде испитаниците живеат и се движат, непосредниот пристап до и од нивното место на живеење како и јавниот превоз со што директно им е оневозможено да учествуваат во одредени активности од оваа област што изнесува 11,23% од вкупниот број наведни искуства. Најголем дел од испитаниците (100 односно 95,24%) се изјасниле дека се вклучени во општествениот живот, но ова претежно се однесува на нивното членство во локалните или национални здруженија, сојузи и организации (во прв ред тука се Мобилност Македонија, Здружението на слепи и слабовиди, Сојузот на глуви и наглуви, Здружение на цивилни инвалиди и сл.)

*И: Прво зградата кај што живеам, друго што ќе ми се случи .. што не можам да излегувам и да се враќам ...*

*М: Значи, сметате дека зградава не е поволна за твоите услови?*

*И: Е, па не е. Тоа се гледа дека не е. Друго .. и да сакаш да отидеш некаде, не можеш, во пошта да влезеш – не можеш .. ќе отидеш таму ќе дремеш кај скалите .. има скали .. ако некој дојде да те праша нешто ако ти треба, а ти си сам - ќе седиш со саати таму...*

*М: Значи, почесто се сретнуваш со тоа?*

*И: Такви работи .. во социјалното да отидеш, не можеш и таму да се качиш ако ти треба нешто.*

(жена, 55 г., телесна попреченост)

*М: А некое друго искуство, еве во град кога ќе отидете?*

*И: Па, сега не сум ишол скоро во град. Во град – необележени тротоари, непристапни рампи, скали по три пара, и во лифтови, па комплицирано кај да отидеш и тоа е. Во село селски патишта, лоши... во град необележани тротоари,семафори нема и така. Тоа можам да го кажам.*

(маж, 52 г., лице со целосно оштетување на видот)

*М: Преку улица кога преминувате, дали е безбедно или ..*

*И: Не е безбедно, но обично чекам кога има повеќе луѓе тогаш со нив. А сам не.*

*М: Семафори имате во вашата средина?*

*И: Да, има. Сега скоро ги ставија и звучни, порано ги немаше, беше уште потешко. Сега ставија звучни семафори, но само на едно место.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

*М: А дали, додека се движиш низ градот, се соочуваш со некои бариери што ти сметаат, некои препреки?*

*И: Да, се соочувам. Ми сметаат колите на пример оставени на тротоар. Ми се има случено да се удрам во кола паркирана на тротоар.*

(маж, 40 г., лице со оштетен вид)

*И: Тротоарите и вичњаците не се направени затоа секаде каде што одам морам да скокам со количка.*

(маж, 67 г., телесна попреченост)

Голем број испитаници ја нагласија непристапноста на институциите и објектите од јавен интерес кои што се битни во секојдневното функционирање на лицата со попреченост.

*М: Кога одите, на пример во банка, во социјално?*

*И: Сегде има скали па потешко ми е и качувањето, во последно време и движењето. Сепак болеста си го прави своето, ама и пристапните места се доста „непристапни“ .. самиот влез е доста непристапен за нас.*

(жена, 41 г., телесна попреченост)

*М: А пристапот во социјалното како е?*

*И: Пристапот исто така лош.*

М: *Има ли лифт?*

И: *Нема лифт за инвалиди. Има скали кои што се толку мазни што мора да пазиш да не се лизнеш, оти има многу, може да се дваесетина скали, ако се лизнеш ќе паднеш и нема после кој па да те крене.*

М: *А има ли ограда?*

И: *Нема и ограда.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

И: *Банкоматите исто, не се поставени на соодветна висина, сите се на високо и прво има скаличка па после тоа да дојдеш до нив. Полицијата исто – за да правиш лична карта треба да се симнеш доле по скалите каде што нема ракофат ни од левата ни од десната страна. А скалите се стари, стари изглодани целите, нерамни .. за друго пак, треба да се качиш горе. Значи, никаде, никаде нема никаде прилагоден .. никаде .. и таму каде што има рампи, и таму каде што има рампи нема ракофати за да се фатиш и да се качиш по рампата и рампата е стрмна. Јас сепак мислам дека во помалите градови ништо не се прави за инвалидите, ништо не се прави.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

И: *Значи, јас живеам во едно мало место каде што ништо не е приспособено за едно инвалидизирано лице. Значи, болницата е со скали, социјалното е со скали, полицијата е со скали, банката е со скали, поштата е со скали .. значи, сегде кај што треба да одиме, ние одиме со тешкотии.*

(жена, 45 г., телесна попреченост)

М: *Дали сте задоволни од пристапноста во институциите?*

И: *Пристапноста мислиш на рампи, скали, такви работи?*

М: *Да, да. Дали има доволно изградено такви...*

И: *Не сум, не сум и рампите се многу чудно изградени да некогаш скалите ми се подобар избор. Тоа се стрмни,*

*значи буквално скалите ми се подобар избор отколку рампата затоа што е чудна геометрија. Апелирам кога веќе ги прават да бидат у точните димензии пошто и бездруго се направени, не знам зошто не се како што треба направени.*

(жена, 32 г., телесна попреченост)

*И: Не сакам .. јас барам да можам да гласам како и сите други граѓани, да имам пристап до гласачко место...*

(маж, 67 г. телесна попреченост)

Испитаниците наидуваат на несоодветен пристап и приод кои ги спречуваат во нивното непречено учество во општествениот живот по свој избор и во сферата на културно-забавниот живот, рекреацијата, одмор и туризам, па дури и исполнување на својата религиозна посветеност и слични активности.

*И: Но имам проблем на пример со кафеани, цркви. Значи јас сум верник и ние со сопругот често одиме во црква за празници сега за Велигден. Но да ви кажам и во црква е тешко да се влезе. Ние како религиозни луѓе треба да имаме пристап. ... Да немаш ти рампа да влезеш. Или имај рампа која ќе ја ставиш, па ќе ја извадиш...*

(жена, 46 г., телесна попреченост)

*И: На пример во битолскиот театар нема пристап за инвалиди од никаде. За мене е ок, јас можам да одам. Но мојот сопруг го кревале по пет луѓе за да гледа претстава. Значи тие ни излегуваат во пресрет не ни викаат „не доаѓајте на претстава“ како што кај нас обично луѓето викаат, туку тие го чекаат него да дојде па ја креваат количката преку сцена излегуваме и секогаш сме биле добро пречекани. Нормално кога би имало пристап ние нормално би влегувале и излегувале.*

(жена, 46 г. телесна попреченост)

*И: Во библиотеката немам отидено многу одамна заради тоа што не е добар пристапот за нас.*

*М: Така. Некаде имаш реагирано на таа тема? Или кај го наоѓаш одговорот, што би требало да се среди таму за да биде пристапно за лица со инвалидност?*

*И: Па, би требало да се направи пристап за телесни инвалиди. Значи, треба помагала, треба фаќало за раце, да има елеватори, рампа ако не друго за лица во колички и ред други работи што ни се потребни.*

*М: Библиотеката е во склоп на домот на културата, претпоставувам како што е секаде.*

*И: Да, да.*

*М: А домот на културата ги задоволува ли условите, киносалите како се адаптирани?*

*И: И тие не се адаптирани за телесни инвалиди.*

*М2: И таму значи нема услови.*

*И: Не, никако.*

*М: Ти одиш на кино, театар?*

*И: Не сум бил.*

*М: Претпоставувам од истите причини.*

*И: Па, најмногу од тие причини, да.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

Многу е мал бројот на туристички објекти и локалитетите во целина во Р. Македонија кои нудат соодветни услови за сместување на лица со попреченост, особено за оние лица кои користат инвалидска количка.

*М2: Рековте пред малку кога разговаравме за одморот, дали мислите дека кај нас се делумно адаптирани плажите за приод на лица со вашиот статус?*

*И: Не, не се.*

*М2: И тука нема пристап?*

*И: Нема, нема. Еве на пример некакви помагала, што би дошол до водата.*

*М2: Значи, некој гелендер да има да може слободно да се влезе.*

*И: Да има помагала да може да се влезе во водата. Некој што не може да оди самостојно, користи штаки, да има за што да се држи и да влезе и да излезе безбедно од водата. Или .. ајде не знам за други како е, јас сум со патерици, би требало да ги оставам, оти со патерици не се влегува во вода. А ако нема гелендер треба двајца да ме држат да влезам.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

Со самата физичка непристапност на околината и немањето прилагоден ниту железнички ниту автобуски меѓуградски јавен превоз, особено за лицата со потешка физичка попреченост, односно оние што користат инвалидска количка или ортопедски помагала за движење, овие лица се изложени на дополнителни трошоци затоа што се принудени да користат друг вид превоз, такси, приватни или позајмени возила.

*И: Многу тешко, еве сега кога треба да одам во Катлановска Бања од Велес… нема шанса да се префрлиш со некој превоз јавен … единствено треба да платиш такси … линија некоја нема … како што има на пример према Скопје.*

(маж, 61 г., телесна попреченост)

*И: Со автобус никогаш не сме патувале бидејќи не ни е прилагодено. Ние секогаш патуваме со кола, со возило. Си имаме .. мажот ми има сопствено возило и со возилото одиме.*

(жена, 41 г., телесна попреченост)

*И: Новите автобуси се пристапни во Скопје, би требало да бидат пристапни бидејќи имаат пристапни рампи, меѓутоа после само една година откако беа во функција автобусите, рампите почнаа да не бидат функционални и се случува многу често кога чекам на автобуска станица да не работи рампата, значи*

*шоферот само ме извести рампата не е во функција, жал ми е....*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

Архитектонските бариери во форма на високи тротоари, несоодветни пристапни патеки, присуството на скали се првенствено проблем и пречка за лицата со потешка телесна попреченост, но и лицата со оштетен вид се сретнуваат со проблеми при движењето на улица во однос на немање посебни патеки за движење со означени гумени ленти, звучни семафори, немањето соодветни ознаки (звучни или браево писмо) по лифтовите, несоодветно означени автобуси или разглас на автобуските станици и постојки, непостоењето на толкувачи на знаковен јазик и слично. Лицата со оштетен вид се соочуваат не само со физичките бариери, туку и со проблеми при користењето на факсимил или слобода во располагање со свои парични средства во банките:

*И: Друга бариера се уште оној систем на банкарството ... јас реално не можам да појдам и сам да располагам со трансакциона сметка, со средствата. Они бараат придружник што ќе биде како сведок.....*

(маж, 32 г., лице со оштетен вид)

*И: ....Кога ќе влезам во лифтот тие копчиња не се означени, јас на кој кат да одам?*

(маж, 32, лице со оштетен вид)

*М: Дали постојат некои други работи кои би ви го олесниле животот и движењето, ете ги спомнавме автобусите, звучната сигнализација на семафорите, дали постои уште нешто што би ви олеснило?*

*И: ...на пример да се слуша, да има на автобуските да кажуваат гласно кој автобус трга, за колку минути..... вака, додека не дојдам до него немам начин на кој можам да знам за кој автобус се работи.*

(жена, 20 г., лице со оштетен вид)

*И: Плус, можам да кажам, околу градот, кога работат, мислам дека уште не се научени да си бележат кога работат. Ископале нешто, избетонирале, тоа е една од поголемите забелешки за мене... не ја асфалтирале улицата, ами само ја затрупале со земја и утре ќе пропаднеш... тие не размислуваат дека секој... дете што не размислува може да падне, а не ние што не гледаме.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

Заеднички проблем за сите видови попреченост претставуваат колите паркирани по тротоарите, улиците, узурпирање на паркинг местата обележани за лица со попреченост, со што се покажува ниската свест и личната некултура на останатите граѓани. Ова претставува еден голем проблем што истовремено влијае и врз учеството на лицата со попреченост во општествениот живот како и *непочитувањето на разликите* при што 87 испитаници (82,86%) наведоа 205 такви ситуации.

*И: Условите за возење се исти како за секој друг човек, ама паркинзите се никакви.*

*М: Е, тоа ми е прашањето.*

*И: Паркинзи немаме доволно обележани пред сите установи, а и тие што се обележени, да речеме, се стално узурпирани од други лица што се неинвалиди и, на пример, по мое видување никој не презема мерка за ова.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

Во неколку наврати беше наведен некоректниот однос на вработени службени лица во институциите, како и возачите на автобусите, кој честопати е и понижувачки за лицата со попреченост.

*И: Па честопати, на пример кога одиме во банка, во јавни администрации, да речеме во општина, во полиција, било што кај што треба документи одредени да потпишеме или било што ние не ја гледаме таа документација, тие ни викаат потпиши тука и многу*

*пати наидуваме на недоразбирање. И на вработениот од таа страна му се обраќаме ако може да ни помогне и пополни - сега немам време, јас имам работа, пополни си го ти сам - а позади нас гужва огромна, и кога ќе ти го фатат редот, па после чекаш со саати. Тука во тие јавни администрации наидуваме навистина на многу големи проблеми. Луѓево не нѐ сфаќаат, не нѐ разбираат едноставно.*

(жена, 53 г., лице со оштетен вид)

*И: Па, имаме секакви. Бидејќи низ сите институции ние мора да се влечеме насекаде и не може никој да заврши работа за мене .. има секакви институции. Мене само ме нервира, на пример, кога знам треба да одам во фондот за здравство или некаде каде знам дека има милион скали до таму. Тие ставиле долу на вратата ѕвонче само за инвалиди - џабе ти е колку и да ѕвониш, тие не се симнуваат доле, значи пак тоа те чека.... ама, и се фини и се трудат колку толку да помогнат, ама работата е тоа што тешко се доаѓа до местото каде што треба да завршиш работа.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

*И: Не само што се пониски, туку сите автобуси што се двоспратниве новите имаат рампи. Пред неколку месеци имавме состанок во градско собрание, дојде и директорот на градски сообраќај и се пожаливме за тоа што шоферите, односно возачите не сакаат рампите да ги спуштат. Се случува на 5-6 пати еден од возачите да ти спушти рампа, не само мене него на сите. Директорот наводно рече дека сите рампи се исправни освен 5. Кога му кажавме што се случува, вика - дајте ми вие податоци од сите, па што треба да правиме ние да се расправаме..*

(маж, 67 г., телесна попреченост)

*И: Повеќе пати сум се обраќал до надлежите за автобус-киот превоз, за барем возачите што ги возат да бидат трпливи и повеке да нѐ чекат. Но они бегат, не сакат*

*да не примат во автобусите, бидејќи каснат ако не качат нас.*

(маж, 40 г., телесна попреченост)

Нарушување на принципот на *достоинство* е забележано од страна на 80 лица со попреченост (76,19%), од кои 65 (61,90%) се изјасниле за негативно достоинство кога се повредени личните чувства на лицето со попреченост поради несоодветни услови или несоодветен однос од страна на други лица.

М: *Дали поради овие бариери со кои што се сретнуваш секојдневно се чувствуваш малку помалку вреден?*

И: *Како граѓанин од 4 ред, не од втор...*

(маж, 52 г., телесна попреченост)

И: *Стражарите го обавестиле, инвалид е човекот не може да се качи, да испратите службеник. Јас барав да ми испратат службеник, да се потпишам и да ми го издадат документот. На што тој вулгарно реагираше - вие двајцата снајдете се и качете го на раце на 4-ти спрат. Среќа негова што јас не го слушнав, би отишол по ѓаволите... . .. е тоа ме погоди страшно, кога дознав кој човек е, ме погоди страшно и го чекам, тој е политички ангажиран ... негде да дојде...убаво да му кажам...*

(маж, 61 г., телесна попреченост)

М: *Како гледаат тие на вас?*

И: *Како со сожалување, некогаш .. како некој кој е за греови или така некако. А кога ќе ми рече некој така, ми иде да му врзам една шлаканица.*

(жена, 55 г., телесна попреченост)

*И: Ние ако сме слепи, не сме неписмени. Но, ете така, дрско настапи и страшно сум револтиран од тие такви постапки и реакции, ама нема што да се прави.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

*И: Што да кажам, не знам. По шалтери што ми се има случено, во пошта. Незадоволен од тоа што сакам да пополнам уплатница, а не можам, не гледам, не сакаат да ме услужат, придружник немаше со мене. Од тоа сум незадоволен.*

*М: Дали ти помогна некој? Дали побара помош?*

*И: Побарав од еден случаен човек што влезе таму до мене да ми помогне и тој ми помогна. Тие на шалтер не.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

*И: .. одма, уште наредниот ден може човек да се стекне со инвалидитет, нагло се станува инвалид. Не треба да нè гледаат како луѓе со инвалидитет .. како инвалидизирани луѓе .. бидејќи и нам ни е тешко, ние секојдневно се соочуваме со некој таков и што ни паѓа тешко, уште повеќе ни ја отежнува психата со тоа. И онака се соочуваме со физичкиот хендикеп, а со тие погледи за греота, сожалување, ова, она, со тоа нè оптоваруваат и психички.*

(жена, 45 г., телесна попреченост)

*И: Негативно .. многу пати се случило, по пат одам да паднам и .. се смеат .. кај нас, еве види онаа падна. Или пак децата, оти со штака на училиште одев, и на училиште децава, другарчињата од син ми - мајка ти има штака – ама морав, одев со штака, и морав дома да седам .. мислам, не морав, се срамев, децава се срамеа. А и тие другиве што се, другарчињава, велат, мајка ти со штака оди.*

(жена, 37 г., телесна попреченост)

И: *Како сега да му речам? Да не ме одбие? Некој кажува дека го боли кичмата или ногата, па не може да помогне па ми вика - извини ама не можам да ти помогнам. И нив ги ставам во незгодна ситуација и сама си се ставам во незгодна ситуација. Еден куп проблеми имам такви.*

(жена, 46 г., телесна попреченост)

За жал, сè уште наидуваме на ситуации каде не е проблемот само во ниската свест или личната некултура на граѓаните, туку и постоењето на традиционалните предрасуди, стигматизирање, игнорирање па дури и негирање на лицата со попреченост.

И: *... како да кажам, секојпат кога ќе отидеш некаде каде што не те знаат има некои погледи чудни, сè некој нешто... исмевање има, одбивност има, подбивање, значи сето тоа е многу тешко кога ќе се сретнуваш со такво нешто. И уште се сретнувам со такво нешто. Значи во било која средина каде што не ме знаат мене ми е тоа многу тешко, затоа што секојпат некој ќе те загледува па во главата со милион прашалници ќе се постави спрема тебе... зошто сега така, зошто и е толку голема ногата или зошто ова, зошто она... тоа ми е многу тешко.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

М: *На кој начин ве гледаат како поинакви?*

И: *Па, има две групи на луѓе, едни кои што ве гледаат како шанса и едни како што ве гледаат спремни на сожалување. Тие што ве гледаат како шанса, тие не ве сожалуваат туку гледаат калкулативно да на било каква можност преку вас да се оттшлепаат, а тие што ве гледаат со сожалување тие секогаш на ум ја имаат мислата дека вие не можете, не знаете, нешто ве боли постојано, имате некоја болка внатре во организмот, вие сте со намалени чувства, слабо разбирате, слабо чувствувате немате потреби и така, некој вид на растение во саксија кое што ете му треба малку водичка и така.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*И: Така најлошо е во ова општество е една клетва која што се повторува, а тоа е да ве третираат како здрава особа ... особа без хендикеп, до оној момент додека не разберат дека имате хендикеп и тогаш настанува најголемиот проблем внатре во себе. Затоа што во услови кога седите во кафич со некоја девојка или со некој деловен партнер тој не знае дека имате хендикеп, работите се одвиваат повеќе од совршено и до оној момент додека  немате потреба да станете да одите во тоалет да ве видат дека имате хендикеп. Тогаш се случува една трансформација која што се должи на нашата неспремност да ги прифатиме луѓето со хендикеп, некогаш и мене лично ми се случува, значи тука е мојот најголем проблем моментално што го имам.*

*М: Дали тие го променуваат своето мислење од тогаш кога дознале дека..?*

*И: Не само своето мислење, туку генерално третманот одма го менуваат тоа е видливо тоа се гледа низ гестикулации на нивните лица и веднаш станувате поневреден во нивните очи.*

*М: Дали потоа се менуваат нештата во односот на соговорникот?*

*И: Да, да се менуваат, се намалуваат шансите многу повеќе, дали да се работи за деловна активност или за емотивно нешто.*

(маж, 34 г., телесна попреченост)

*И: Па еден настан ... не знам пред неколку месеци мислам дека беше тоа, се враќав од факултет и веќе доцнев две три минути, знаев дека ако продолжам да појдам откај автобуската ќе ми излезе автобусот јас сакав да го пресретнам на рампа, меѓутоа тој беше веќе тргнат и стоеше на семафори кои беа затворени и требаше повеќе време да се чека, јас имав шанса да дојдам до него  тропнав на вратата, тој ми отвори, меѓутоа јас не прочитав дека пишува Виница и прашав за Куманово ли, тој рече као ти не знаеш да читаш, си пишува убаво, читај да не ме стопираш, да не ти отварам, јас ништо само се повлеков тоа беше.*

(жена, 20 г., слепо лице)

Од друга страна пак, многу е тенка линијата помеѓу непочитувањето на разликите, предрасудите и непочитување на личноста и многу лесно ова доведува до чувство на *дискриминација* кога лицето со попреченост доживува поинаков третман во однос на другите граѓани, а врз основа на својата попреченост со што се оневозможува соодветното учество на тоа лице во општествениот живот. Нарушувањето на овој принцип го наведуваат 28 лица (26,67%) што секако не е бројка за потценување.

*И: Не можам да одам на гласање затоа што гласањето е во училиште на втори спрат. 10 години веќе не одам, затоа што ми е за мене е малтретирање да ме качуваат и симнуваат по скали.*

*(маж, 67 г., телесна попреченост)*

*И: .. еве конкретно ќе ти кажам за УЈП, тоа е државна институција која сите ние како граѓани имаме обврска да го плаќаме годишниот персонален данок .. ГДП што го викаат тие .. годишна даночна пријава ..Одам во УЈП, земам формулар .. што да му правам? Ја замолив учтиво службеничката на шалтер: „Ќе ве молам, јас сум слепо лице и доколку сакате да ми помогнете да го пополниме формуларот". Таа дрска, подрска не можеше да биде: „Ако си слеп, оди да си најдеш придружник, не ме интересира, што ќе биде ако јас тука им пополнувам на сите"*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

*И: Мое мислење лично дека инвалидите, без разлика која категорија во Македонија и понатаму се маргинализирана група. Некако државата .. нас не спомнуваат само за денот на инвалидите дали се работи за 3 декември денот на инвалидите, дали се работи за 15 октомври, денот на слепите или денот на белиот стап, додека другото сѐ е .. заборавени сме конкретно на државата.*

(маж, 51 г., лице си оштетен вид)

*М: Кои се најтешките бариери и предизвици со кои се соочивте во животот?*

*И: Најпредизвикувачки до сега ми се ситуациите кога се соочувам со одредени лица даватели на услуги, значи одговорни луѓе. Кои што треба да издржат услуга, меѓутоа ја немаат свеста дека лицата со попреченост ги имаат истите права како и сите останати лица. Тука ми доаѓа најпредизвикувачки како да постапам.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

*И: ... Излезе закон дека аптекарите мора да знаат основни работи за гестовниот говор, некој не го почитува тој закон, значи кога ке си оди во аптека го пишува на ливче иначе не можат на друг начин да се разберат.*

(маж, 39 г., лице со оштетен слух)

*И: Повторно ќе кажам сите општина, болници, аптеки, речиси сите државни институци генерално сите установи треба да има толкувачи да не разберат ние што бараме и изедначувањето на тие права со другите категории на луѓе и сѐ.*

(маж, 46 г., лице со оштетен слух)

Директно поврзан со физичката непристапност на објектите и околината е и принципот на *самостојност*, кога токму заради таа непристапност лицето со попреченост е зависно од помош од друго лице, било да е некој член од семејството или друго лице кое се нашло во моментот во близина или, што е понекогаш дури и пострашно, е принудено да го прифати единствено она што му се нуди без можност за избор, па дури и наметната помош иако лицето со попреченост не побарала таква помош. Ова се надоврзува на непостоењето на услугата персонален асистент во нашата држава, што се покажа како голем недостаток, но и огромна потреба за самите лица со попреченост со што не само што би се олеснил животот на нивните семејства во целина, туку би допринело и за стекнување на самодоверба, самостојност и самопочит

кај самите лица со попреченост. Принципот на зависност и несамостојност го имаат наведено 60 лица (57,14%) кои наведуваат 125 вакви ситуации.

*И: За сам нема шанси, сам да отидеш, бидејќи таму нема рампа. Јас сум човек во количка, нема рампа, не можеш да влезеш. Мора да имаш некој, има скали, мора со помош. Тоа е за мене еден од поголемите проблеми. А и до таму да отидам па има и други бариери, ивичњаци, многу, многу ..*

*М: Автоматски бариерите се тие што те спречуваат, нели? И ако отидеш, па да влезеш внатре не можеш ..*

*И: Ако отидам чекам надвор, по друг ќе кажам таа и таа книга да ми ја земат и така.*

*И: Како што напоменав, најголем хендикеп во целиот град е што има секаде тротоари со ивичњаци големи, високи  што не може човек со количка сам да оди. Мора некој да има со тебе да те помине таму кај што треба. Макар и да е за во кино, има пак две скали, таму треба да се направи нешто. За во други институции пак проблем.*

(маж, 42 г., телесна попреченост)

*И: Да кажеме ние што сме параплегија и квадриплегија сите институции ни се на спрат. И да сакам јас да одам таму и да му објаснам, нема можност јас да му објаснам, морам преку некој друг да му објаснам на вработениот.*

(маж, 38 г., телесна попреченост)

*М: Со какви бариери се соочуваш во секојдневниот живот?*

*И: Општо во секојдневниот живот се соочувам со .. што има многу сообраќај, не можам да се снајдам некогаш во тој сообраќај без да имам помошник околу мене.*

*М: Како се чувствуваш дека имаш потреба од друг да ти помага?*

*И: Па, чувствувам дека имам потреба, бидејќи во Скопје има доста сообраќај и едноставно немам храброст секаде сама да одам.*

*М: Дали сметате дека областа во која живеете е пристапна за лицата со попреченост?*

*И: Па, не е баш пристапна. На главна улица сме и многу има сообраќај. За сам не е многу пристапна.*

(жена, 43 г., лице со оштетен вид)

*И: Пристапот, на пример ако не се твоите мораш на некој да му платиш да ти ја заврши работата, оти денеска веќе никој не работи без пари. Значи ако не е да кажеме мајка ми тука, мора на некој да му ја дадеш потврдата да ти ја заверат и мораш плус да му дадеш пари да ти ја заврши работата. Веќе нема никој без пари што работи.*

(маж, 38 г., телесна попреченост)

*И: Сфатив дека многу време ми треба за да стигнам од точка А до точка Б. Јас и онака и сега бавно одам така многу сум внимателна не сум од оние кои брзаат и трчаат и тротоарите се многу нерамни посебно од градот кај што доаѓам, па и во Скопјево е исто се нерамни и се со многу пречки така да заради тоа.*

*М: А се движите ли воопшто некогаш самостојно или секогаш со придружба?*

*И: Не, сега веќе не. Освен тука во комшии. Во зградава кај што работам можам да одам од спрат на спрат до соседната продавница меѓутоа сепак само во најблиска околина инаку не. Значи стварно не.*

(жена, 32 г., лице со оштетен вид)

*И: Целата ситуација беше креирана од стјуардесата. Всушност таа им пристапи на моите сопатници и бидејки тие не разбираа англиски јас се понудив да преведам... и кога ја прашав дали можам да ви помогнам со превод рече – да, кажи им да ти помогнат*

*за било што што ти треба во текот на летот, дека она нема да може да ми помогне како службено лице во авионот и ќе мора патниците да ми помогнат. Јас го преведов тоа и беше така многу чудно..*

М: *Дали вие мислевте дека ви е потребна поддршка од нив или?*

И: *Не, немаше потреба јас само си седев и чекав да полетам и да слетам.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

Се разбира, не треба да ги заборавиме и позитивните искуства, што е еден показател дека сепак нешто се менува во нашето општество и во свеста на луѓето, дека напорите за обезбедување приближно еднакви услови за живеење на сите граѓани не се залудни.

М: *А како реагираат луѓето кои ви помагаат,често барате помош?*

И: *Многу често, затоа што многу често рампите не работат, всушност луѓето многу убаво реагираат, значи некогаш нема ни потреба да прашам за помош, кога ќе видат дека рампата не работи дека шоферот ќе каже - ајде ние ќе дигнеме, ќе помогнеме, значи не е проблем. Во почетокот беа повеќе збунети, луѓето не приметуваа, не им беше ни јасно дека јас сум еден од патниците, дека планирам да го користам автобусот. Меѓутоа еве во последнава година гледаме дека воопшто не се изненадени... да да,значи многу поприемчиво веќе реагираат луѓето.*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

М: *Во други институции дали ви понудиле, на пример некој договор или било каков документ да потпишеш или да сте побарале на Браево писмо?*

И: *На Браево писмо никој не ми понудил, но кога треба некој договор јас лично да го пополнам барам асистенција од нивна страна, да го пополнат од нивна страна луѓе. Досега јас наидувам на разбирање. Еве*

*по банки, јас мислам дека тоа се работи во банките бидејќи е за нивни личен интерес.*

(маж, 46, лице со оштетен вид)

М: *Кога одите во ресторан,на пример, менито, дали ви се доволно големи буквите, како комуницирате со келнерот?*

И: *Се обраќам до келнерот и тој ќе ми прочита, ќе ми каже што е специјалитет на куќата или што има на менито и кога треба да се плати истото, пак ќе ми ја каже сумата на глас, јас не можам секогаш да видам доволно добро...*

(маж, 46, лице со оштетен вид)

И: *Да, сакам и на стадионот мислам дека има услови за човек со количка, може да отиде. И во Спортскиот центар, ама со блага помош од друг може да се отиде и да се изгледа еден натпревар, еден меч.*

(маж, 42 г., телесна попреченост)

И: *... во автобусот кога ќе влезеш постои седиште за инвалидизирано лице и секогаш кога се возам, однапред се знае дека јас имам потреба да одам за Скопје, така да тоа место ми е секогаш слободно и не наидувам на проблем, да речеме, со луѓето кои влегуваат во автобусот... ја покажувам легитимацијата дека сум инвалидизирано лице и дека не можам да седнам на друго место. Така да, за тоа нема проблем, решен е проблемот од таа страна.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

И: *Па, убаво е тоа што ја има таа соработка меѓу здруженијата. Соработката тргнува од средбите. Ако не се тие средби нема да можеме ниту да се запознаеме меѓу градовите тука што се во Македонија и надвор од Македонија. Сепак е голем успех и напредок,*

*бидејќи сепак тие здруженија постојат, постоиме и ние како луѓе со хендикеп одамна .. да учествуваме на такви средби за да се гледаме и оттаму тргнуваат и тие двојки кои продолжуваат во брак и веќе животот ти се решава на некој начин и го продолжуваш како најнормално .. фамилијарен човек и се чувствуваш како успешен човек.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

*М2: А вие имате ли учествувано на некој од спортските натпревари?*

*И: Да, имам учествувано. Во шах имам учествувано .. а во други спортови немам учествувано*

(жена, 62 г., телесна попреченост)

*М: Спомнавме нешто околу одморот, околу Охрид. Како е таму .. знаеме дека Националниот сојуз има апартмани.*

*И: Според моето мислење апартманите се добри.*

*М: По сите стандарди?*

*И: Да, по сите стандарди приспособени за наши потреби, купатилата се добри за наши потреби, има помагала .. значи, влезовите во самите објекти се со рампи, тие што се на приземје се рамни, значи нема никакви препреки физички.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

*М: Во однос на шалтерите дали имате пречки поради висината?*

*И: Да, да, да, секогаш се превисоки шалтерите меѓутоа сепак некако гледам дека лицата, вработените убаво реагираат барем така е моето искувство. Ќе излезат, ќе ти објаснат убаво или ако не можеш некако да пристапиш ќе отидат место тебе ќе ја завршат таа работа. Значи не е начинот на кој што треба да се*

*завршуваат работите, меѓутоа сепак е некое решение до моментот додека не биде..*

(жена, 36 г., телесна попреченост)

Според сите анализирани параметри областа *учество во општествениот живот* е најбитна за сите испитаници. Скоро сите вредности во секоја област на животот и сите принципи што се предмет на ова истражување се или 100,00% или многу блиску до овој максимум. За сите лица со попреченост, очигледно најголем и најсериозен проблем претставуваат архитектонските бариери, физичката непристапност на објектите и околината, непристапниот јавен превоз, непостоењето тактилни патеки и звучни семафори, непостоењето на толкувачи на знаковниот јазик особено во институциите каде лицата со оштетен слух имаат потреба да остварат некое свое право или да завршат некоја работа, но и проблемот со признавањето на факсимилот во банка со кој се соочуваат лицата со оштетен вид. Неможноста лицата со попреченост да учествуваат во општествениот живот рамноправно со другите граѓани на државата, е само уште еден голем апел да почне да се размислува во таа насока, особено ако зе земе предвид фактот дека за некои работи да се исправат не се потребни големи материјални средства, а најмногу од сè е неопходно да се има добра волја и желба да се направи нешто за оваа категорија граѓани.


вкупно објавени тектови

# Споредбена анализа

Следниот дел се занимава со подетална анализа во однос на остварувањето на правата на лицата со попреченост и почитувањето односно кршењето или нарушувањето на човековите права. За оваа цел се земени во обѕир одредени социодемографски карактеристики, односно атрибути на испитаниците кои се прикажани во целост во Табела 1. од овој извештај. Анализата што следува ќе го покаже влијанието на одредени атрибути врз остварувањето и кршењето на правата на лицата со попреченост како и принципите на човековите права во осумте области на животот кои се опфатени и обработени со ова истражување.

## Карактеристики според полот

Примерокот од 105 испитаници опфаќа 39 лица од женски и 66 лица од машки пол. Бидејќи не постои целосна избалансираност на примерокот според овој критериум показателите се дадени и процентуално со што се обезбедува една поверодостојна слика за состојбата.

| Табела 14. | Областите на животот според полот – број на испитаници и број на искуства | | | |
|---|---|---|---|---|
| Области на животот | Женски пол-лица (%) | Машки пол-лица (%) | Женски пол-искуства (%) | Машки пол-искуства (%) |
| 1: Здравје, хабилитација и рехабилитација | 26 (66,67%) | 32 (48,48%) | 97 (11,89%) | 135 (10,99%) |
| 2: Информации и комуникации | 20 (51,28%) | 33 50,00%) | 36 (4,41%) | 58 (4,72%) |
| 3: Образование | 22 (56,41%) | 21 (31,82%) | 63 (7,72%) | 47 (3,83%) |
| 4: Пристап до правда | 10 (25,64%) | 34 (51,52%) | 16 (1,96%) | 65 (5,29%) |
| 5: Работа | 34 (87,18%) | 45 (68,18%) | 115 (14,09%) | 177 (14,41%) |
| 6: Семејство и приватен живот | 37 (94,87%) | 63 (95,45%) | 109 (13,36%) | 136 (11,07%) |
| 7: Сигурни приходи и услуги за поддршка | 32 (82,05%) | 51 (77,27%) | 81 (9,93%) | 153 (12,46%) |
| 8: Учество во општественият живот | 39 (100,00%) | 66 (100,00%) | 381 (46,69%) | 644 (52,44%) |
| **Вкупно:** | **39 (100,00%)** | **66 (100,00%)** | **816 (100,00%)** | **1228 (100,00%)** |

Кога се анализира процентот на застапеност на одредени области од животот во однос на полот (табела 14), може да се забележи дека во некои области постои скоро изедначеност во однос на бројот на лица кои ги спомнале своите искуства во соодветната област, додека поголема е разликата во однос на искуствата и обратно, во некои случаи постои поголема израмнетост во поглед на процентот на искуства во однос на бројот на лица кои ги споделиле овие искуства.

Застапеноста на искуствата што 26 жени односно 32 мажи ги наведуваат во областа *здравје, хабилитација*

*и рехабилитација* изнесува 97 искуства кај жените или 11,89% односно 135 искуства кај мажите или 10,99% што е релативно изедначен сооднос што покажува дека и двата пола имале позитивни или негативни искуства во оваа област.

И во поглед на *информациите и комуникациите* процентуалната застапеност е скоро изедначена со 51,28% кај жените и 50,00% кај мажите, исто како и кај искуствата (4,41% наспроти 4,72%) што наведува на заклучокот дека како лицата од женски така и лицата од машки пол се скоро исто погодени во рамките на оваа област.

Во областа на *образованието*, тој сооднос е 22 лица од женски пол и 21 лице од машки пол. Но во поглед на искуствата, тој процент е повеќе од двојно поголем кај женската популација во однос на машката (7,72% наспроти 3,83%) што значи дека жените наведувале повеќе искуства било позитивни било негативни во оваа област во споредба со мажите.

Големите разлики што се јавуваат во областа *пристап до правда* каде 10 жени наведуваат свои искуства (16) наспроти 34 мажи (65) претставува битен показател дека жените се помалку застапени во оваа област на животот.

И во областа *работа* се забележува висока разлика во однос на застапеноста кога 34 (87,18%) од жените наспроти 45 (68,18%) од мажите наведуваат свои искуства. Воочлива релативната процентуална изедначеност со 14,09% кај жените и 14,41% кај мажите што наведува на заклучокот дека жените имаат малку поголеми пречки на пазарот на трудот при наоѓањето соодветна работа во согласност со своето образование или својата попреченост.

Една од областите каде се забележува втор по вредност процент на опфатеност е областа *семејство и приватен живот* каде 94,87% од жените и 95,45% од мажите наведуваат 109 (13,36%) односно 136 (11,07%) искуства што покажува дека после учеството во општествениот живот, оваа област е најзначајна за сите испитаници. Семејството како основен сегмент на живеењето во нашето општество претставува значајно окружување во

кое, очигледно, лицата со попреченост најчесто се чувствуваат најбезбедно и најсигурно.

Се покажа дека и областа *сигурни приходи и услуги за поддршка* е многу битна како за мажите така и за жените во ова истражување. 32 лица од женски наспроти 51 од машки пол наведуваат свои искуства со застапеност од 9,93% кај жените односно 12,46% кај мажите што навестува дека овој сегмент од животот е скоро подеднакво битен за сите испитаници при што кај мажите тој процент е нешто поизразен.

Сите испитаници спомнуваат свои искуства во областа *учество во општествениот живот*, со најголем број на пријавени искуства, при што може да се забележи релативна процентуална изедначеност помеѓу женската и машката популација во однос на сите останати области (46,69% односно 52,44%). Уште една потврда на веќе утврдените сознанија дека ова е веројатно најбитната област која ги засегнува сите лица со попреченост, без оглед на полот или некој друг атрибут што се предмет на ова истражување.

Во Табела 15 се дадени петте принципи на човековите права и преглед на нивното почитување односно кршење според половата припадност, а што се цел на обработка на ова истражување. Ако се направи споредба на податоците на процентуалната вклученост на мажите и жените тогаш може да се види дека не постојат големи разлики, при што во вкупните вредности жените се позастапени во принципите достоинство, недискриминација и еднаквост и почитување на разликите, а кај мажите оваа вредност е повисока само кај принципот самостојност, додека и двата пола се застапени стопроцентно во принципот учество, инклузија и пристапност. Што се однесува до процентуалната застапеност на искуствата може да се забележат малку поизразени разлики. Во принципот достоинство жените спомнале 18,94% искуства наспроти мажите чиј процент изнесува 14,87%. И во принципите недискриминација и еднаквост кај жените се забележува нешто поголем процент, додека кај другите принципи овој соодност е обратен, односно поголем е процентот на искуства што ги споделиле мажите.

Табела 15. Принципи на човековите права според полот – број на испитаници и број на искуства

| Принципи на човековите права | Жени | % | Мажи | % | Жени искуства | % | Мажи искуства | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1: Достоинство** | **37** | **94,87%** | **61** | **92,42%** | **139** | **18,94%** | **164** | **14,87%** |
| 2 : NEGDIG | 33 | 84,62% | 51 | 77,27% | 83 | 11,31% | 101 | 9,16% |
| 3 : POSDIG | 28 | 71,79% | 38 | 57,58% | 57 | 7,77% | 65 | 5,89% |
| **4: Недискриминација и еднаквост** | **27** | **69,23%** | **43** | **65,15%** | **69** | **9,40%** | **93** | **8,43%** |
| 5 : D&INEQ | 24 | 61,54% | 40 | 60,61% | 58 | 7,90% | 88 | 7,98% |
| 6 : ND&EQ | 10 | 25,64% | 4 | 6,06% | 11 | 1,50% | 5 | 0,45% |
| **7: Почитување на разликите** | **39** | **100,00%** | **65** | **98,48%** | **234** | **31,88%** | **341** | **30,92%** |
| 8 : DISRESP | 36 | 92,31% | 61 | 92,42% | 150 | 20,44% | 208 | 18,86% |
| 9 : RESP | 30 | 76,92% | 52 | 78,79% | 87 | 11,85% | 139 | 12,60% |
| **10: Самостојност** | **29** | **74,36%** | **53** | **80,30%** | **101** | **13,76%** | **155** | **14,05%** |
| 11 : LA | 24 | 61,54% | 48 | 72,73% | 84 | 11,44% | 137 | 12,42% |
| 12 : SD | 13 | 33,33% | 16 | 24,24% | 17 | 2,32% | 18 | 1,63% |
| **13: Учество, инклузија и пристапност** | **39** | **100,00%** | **66** | **100,00%** | **393** | **53,54%** | **636** | **57,66%** |
| 14 : EXC | 38 | 97,44% | 65 | 98,48% | 168 | 22,89% | 283 | 25,66% |
| 15 : INC | 39 | 100,00% | 66 | 100,00% | 235 | 32,02% | 385 | 34,90% |
| **Вкупно:** | **39** | **100,00%** | **66** | **100,00%** | **734** | **100,00%** | **1103** | **100,00%** |

И овде е видлива доминацијата на негативниот принцип, но исто така се забележува и дека според процентуалната застапеност не постојат големи разлики помеѓу мажите и жените опфатени со ова истражување при што кај мажите повеќе е застапен негативниот принцип на недискриминација и еднаквост, самостојност и учество, инклузија и пристапност додека поголем е процентот на жените кај принципите на достоинство и почитување на разликите. Поизразена е разликата во позитивниот пристап кон принципите при што, на пример, во принципот недискриминација и еднаквост жените наведуваат 11 случаи или 1,50% наспроти 5 кај мажите или 0,45%. Или во поглед на достоинството, кога 7,77% од жените имале позитивни искуства во поглед на овој принцип наспроти 5,89% од мажите. Исто така, забележлива е и разликата во поглед на принципот на самостојност, кога жените пријавиле 2,32% од искуствата во овој принцип, додека тој процент кај мажите изнесува 1,63%.

## Карактеристики според возраста на испитаниците

Како што може да се види од Табела 16. која ги прикажува примерокот според старосните групи опфатени се профили од сите старосни групи. Најзастапена е групата од 41 до 55 години со 42 испитаници. Со 33 испитаници е застапена групата од 26 до 40 години, 21 испитаник се на возраст од 56 до 70 години, додека најмалку застапени се лицата на возраст од 18 до 25 години (7) и групата највозрасни учесници во истражувањето, односно само 2 лица над 70 годишна возраст.

| Табела 16. | Области на животот според старосните групи – број на испитаници во проценти | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Старосна група во години / Области на животот | 18-25 | 26-40 | 41-55 | 56-70 | 70+ |
| 1: Здравје, хабилитација и рехабилитација | 14,29% | 51,52% | 64,29% | 61,90% | 0,00% |
| 2: Информации и комуникации | 71,43% | 48,48% | 50,00% | 47,62% | 50,00% |
| 3: Образование | 100,00% | 54,55% | 30,95% | 23,81% | 0,00% |
| 4: Пристап до правда | 28,57% | 36,36% | 52,38% | 38,10% | 0,00% |
| 5: Работа | 57,14% | 96,97% | 71,43% | 57,14% | 50,00% |
| 6: Семејство и приватен живот | 71,43% | 100,00% | 95,24% | 95,24% | 100,00% |
| 7: Сигурни приходи и услуги за поддршка | 85,71% | 66,67% | 80,95% | 90,48% | 100,00% |
| 8: Учество во општествениот живот | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |
| **Вкупно:** | **7 (100,00%)** | **33 (100,00%)** | **42 (100,00%)** | **21 (100,00%)** | **2 (100,00%)** |

Со оглед на тоа дека не постои голема избалансираност меѓу бројот на испитаниците во однос на старосните групи, а заради веродостојност на добиените показатели вредностите се дадени во проценти и истите се однесуваат на бројот на испитаници кои наведуваат свои искуства од одредената област. Гледано по области старосната група од 18 до 25 години спомнуваат барем по едно искуство во областите образовние и учество во општествениот живот. Ова секако и може да се очекува бидејќи испитаниците од оваа група се активно вклучени во образовниот систем при што тие наидуваат и на проблеми во однос на пристапноста на образовните институции и неприлагодени наставни програми и помагала,  како и во општествениот живот, нивната поголема потреба од дружење, активности и поквалитетно поминување на своето слободно време шри што најчесто наведувани

примери се физичката непристапност на околината. И областите сигурни приходи и услуги за поддршка, семејство и приватност и информации и комуникации се битни за лицата од оваа старосна група со висок процент на застапеност имајќи го во предвид фактот дека поради непостоењето на сервисите за поддршка најголемиот товар паѓа врз членовите на нивните семејства.

Кај старосната група од 26 до 40 години, пак, покрај *учеството во општествениот живот* најзастапена е областа *семејство и приватен живот*. Потоа следува областа *работа* со 96,97% што е само показател дека оваа категорија лица се најзасегнати поради можностите или почесто неможностите да се најде соодветна работа согласно нивното ниво на образование, степен на попреченост и потреба од прилагодување на самото работно место.

Најзастапени области кај старосната група од 41 до 55 години се областа учество во општествениот живот, семејство и приватен живот, сигурни приходи и услуги за поддршка како и областа работа со висок процент на застапенот што е показател дека оваа област е од големо значење за овие лица кои се наоѓаат во најпродуктивниот период од својот живот.

Кај повозрасната популација најголема е застапеноста во областа учество во општествениот живот, кога испитаниците наведуваат барем по едно искуство од оваа област. Областа семејство и приватен живот е застапена со многу висок процент од 95,24% кога најголем дел од испитаниците посочуваат дека се семејни луѓе и наведуваат примери во оваа област од животот. Сигурни приходи и услуги за поддршка е областа која исто така е застапена со висок процент кај оваа категорија, со оглед на тоа што поголемиот дел од нив се приматели на најчесто пензија и донекаде ова прашање е решено за нив.

| Табела 17. | Принципи на човековите права според старосните групи – број на испитаници во % | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Старосна група во години / Области на животот | 18-25 | 26-40 | 41-55 | 56-70 | 70+ |
| **1 : Достоинство** | **85,71%** | **96,97%** | **95,24%** | **85,71%** | **100,00%** |
| 2 : NEGDIG | 71,43% | 75,76% | 85,71% | 76,19% | 100,00% |
| 3 : POSDIG | 85,71% | 72,73% | 66,67% | 57,14% | 0,00% |
| **4 : Недискриминација и еднаквост** | **85,71%** | **72,73%** | **66,67%** | **57,14%** | **0,00%** |
| 5 : D&INEQ | 85,71% | 66,67% | 59,52% | 52,38% | 0,00% |
| 6 : ND&EQ | 14,29% | 15,15% | 14,29% | 9,52% | 0,00% |
| **7 : Почитување на разликите** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **95,24%** | **100,00%** |
| 8 : DISRESP | 85,71% | 93,94% | 92,86% | 90,48% | 100,00% |
| 9 : RESP | 71,43% | 75,76% | 73,81% | 90,48% | 100,00% |
| **10 : Самостојност** | **57,14%** | **81,82%** | **78,57%** | **76,19%** | **100,00%** |
| 11 : LA | 57,14% | 63,64% | 76,19% | 66,67% | 50,00% |
| 12 : SD | 14,29% | 36,36% | 19,05% | 33,33% | 50,00% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** |
| 14 : EXC | 100,00% | 96,97% | 97,62% | 100,00% | 100,00% |
| 15 : INC | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |
| **Вкупно:** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** |

Во Табела 17. се дадени показателите за кршење односно почитување на петте принципи на човековите права според старосната група.

Во поглед на достоинството забележливо е дека доминира негативниот принцип, а за ова почесто зборуваат постарите лица, додека позитивниот принцип на достоинство значително е поизразен кај најмладата популација. Кога станува збор за принципот недискриминација и еднаквост, во најнеповолна ситуација се најмладите испитаници, што е одраз на дискриминацијата

во образованието, при што со висок процент доминира негативниот приод кон овој принцип.

Со највисок процент е застапен и принципот на почитување на разликите, освен кај групата од 56 до 70 години. И овде вреди да се спомене дека доминира негативниот принцип, но исто така со висок процент е застапен и принципот на почитување на разликите, особено кај повозрасната популација.

И кај принципот *самостојност* забележлива е доминацијата на негативниот принцип во однос на позитивниот, и истиот се движи во распон од 50,00% кај највозрасната група до 76,19% кај лицата на возраст од 41 до 55 години. Несамостојноста и зависноста од други лица или немањето можност за избор кај оваа категорија испитаници се должи најмногу на видот на попреченост, бидејќи најголем дел од лицата со телесна попреченост и оштетен вид, а кои се токму најранливи во поглед на несамостојноста и зависноста од други лица, припаѓаат во оваа старосна група.

И овде, како и во другите анализирани параметри од ова истражување, најзастапен е принципот *учество, инклузија и пристапност* кога сите испитаниците понудиле барем едно искуство во некоја од областите од интерес. Ова укажува дека најсериозна е состојбата со овој принцип, кога сите испитаници без оглед на старосната група наведуваат примери за исклученост и неможност за учество во општествениот живот, најчесто наведувајќи ја како причина физичката и непристапност на околината, станбените објекти каде живеат, јавните институции, но исто така и информативната непристапност особено во институциите од јавен интерес.

## Карактеристики според подрачјето на живеење

Истражувањето за индивидуалните искуства на лица со попреченост беше спроведено во три региони и повеќе градови и населени места поради што беше

направена поделба на три главни одредници и тоа Голема урбана средина (Скопје), Мала урбана средина (беа опфатени повеќе градови како Крива Паланка, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Охрид, Струга, Велес, Штип, Кавадарци, Струмица, Гевгелија и др.) и Рурална средина, кога испитаниците живеат во средини надвор од градовите. Во однос на бројот на испитаниците примерокот е извонредно избалансиран, односно спроведени се по 35 интервјуа во секој од трите региони додека распределбата на 105-те испитаници според подрачјето на живеење е прикажана во Табела 1.

| Табела 18. | Области на животот според географското подрачје – број на испитаници во проценти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Области на животот | Голема урбана средина | % | Мала урбана средина | % | Рурална средина | % |
| 1 : Здравје, хабилитација и рехабилитација | 18 | 72,00% | 33 | 53,23% | 7 | 38,89% |
| 2 : Информации и комуникации | 17 | 68,00% | 28 | 45,16% | 8 | 44,44% |
| 3 : Образование | 19 | 76,00% | 17 | 27,42% | 7 | 38,89% |
| 4 : Пристап до правда | 13 | 52,00% | 26 | 41,94% | 5 | 27,78% |
| 5 : Работа | 20 | 80,00% | 48 | 77,42% | 11 | 61,11% |
| 6 : Семејство и приватен живот | 23 | 92,00% | 60 | 96,77% | 17 | 94,44% |
| 7 : Сигурни приходи и услуги за поддршка | 24 | 96,00% | 44 | 70,97% | 15 | 83,33% |
| 8 : Учество во општествениот живот | 25 | 100,00% | 62 | 100,00% | 18 | 100,00% |
| **Вкупно:** | **25** | **100,00%** | **62** | **100,00%** | **18** | **100,00%** |

На прв поглед може да се забележи дека скоро сите параметри се изразито помали за руралната средина што е потврда дека условите во овие подрачја се далеку од прилагодени и соодветни за живот и егзистенција на лица со попреченост.

Во областа на здравјето, хабилитацијата и рехабилитацијата најголем е процентот во големата урбана средина, односно градот Скопје (72,00%) што е показател дека сепак во помалите и руралните подрачја на државата условите за обезбедување соодветни услуги од здравствена заштита на лицата со попреченост не се така добри, а примерите за ова се многубројни, почесто негативни во однос на физичката непристапност на здравствените институции, како и непримерниот третман од страна на вработените лица во здравството.

И во однос на информациите и комуникациите поголем е процентот во големата урбана средина (68,00%) наспроти 45,16% за мала урбана средина односно 44,44% за рурална средина. Уште еден показател дека лицата со попреченост имаат поголема потреба за информации и комуникации за остварување на своите права во помалите места, а поради несоодветната информираност што им се пружа од страна на надлежните служби како и нивните матични организации и здруженија на лица со попреченост.

Образованието е уште една горлива точка за лицата со попреченост. Како што може да се види од горната табела оваа област со 76,00% е најзастапена во големата урбана средина, што се должи и на фактот дека најголем број од испитаниците кои се на помлада возраст и посетуваат некоја образовна институција живеат во ова подрачје. Исто така, логиката во овој висок процент може да се најде и во фактот дека најголем број од образовните институции се наоѓаат во Скопје, а со самото тоа им се пружаат повеќе можности и на лицата со попреченост за вклучување во образовниот систем. Вредностите од 27,42% и 38,89% за мала урбана средина односно за рурална средина се само уште еден показател дека треба уште многу да се направи за младите лица со попреченост и во овие подрачја да добијат еднаква шанса за стекнување соодветно образование.

Се чини дека најголема рамнотежа постои кај областа на семејството и приватниот живот, со блага повисока вредност во малата урбана средина (96,77%) и руралната средина (94,44%) во однос на големата урбана средина (92,00%). Но, високиот процент на наведени искуства од оваа област означува дека најголем дел од испитаниците го доживуваат семејството како единствен извор на поддршка и помош, или пак како извор на дискриминација и неприфаќање од страна на семејството во помалите места.

Пристапот до правда го забележуваат 52,00% во големата урбана средина, 41,94% во малата урбана средина, а само 27,78% во руралната средина што значи дека дури и во урбаните средини лицата со попреченост се сретнуваат со сериозни проблеми и во оваа област при што најчесто се наведуваат проблемите со физичката и информативна пристапност на јавните институции каде што граѓаните ги остваруваат своите права, како што се: судовите, општините, просториите каде се сместени разни фондови, центрите за социјална работа, полицијата, и сл. Малиот процент на лица од руралната средина се должи на фактот дека поголемиот дел од овие институции се наоѓаат во поголемите населени места, додека во руралните средини скоро и да ги нема.

Во однос на областа за работа има одредена разлика во процентите според подрачјето на живеење на испитаниците при што најмногу се забележени во големата урбана средина, односно Скопје (80,00%), додека помал е процентот за малата урбана средина (77,42%) и најмал кај руралната средина (61,11%).

Во областа на сигурни приходи и услуги за поддршка најзастапен е процентот на испитаници од Скопје, односно големата урбана средина (96,00%), па во руралната средина со 83,33%, додека најмала е застапеноста во малата урбана средина со 70,97%. Релативно високите проценти се должат на фактот дека поголем дел од испитаниците изјавиле дека се или не се примател на пензија и/или некаков паричен додаток, додека заедничко за сите се показателите што укажуваат на фактот дека

лицата со попреченост се соочуваат со сериозни проблеми при остварувањето на правата од оваа сфера, уште повеќе кога се земе предвид и непостоењето на персонална асистенција и недостапноста на овој вид сервиси во повеќето забележени случаи.

Единствената област во која се опфатени сите испитаници е *учество во општествениот живот*, што главно се должи на тоа што најголем дел од испитаниците се членови во некоја од организациите на лица со попреченост, но тоа не значи и дека имаат и можност за поголемо и поквалитетно учество во активности од причини што дел од просториите на здруженијата се непристапни за одредени лица со попреченост, на пример, корисници на инвалидска количка.

Табела 19. Принципи на човековите права – број на лица по подрачје во проценти и број искуства

| Принципи на човековите права | Голема урбана средина | Мала урбана средина | Рурална средина | Голема урбана средина-иск. | Мала урбана средина-иск. | Рурална средина-иск. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1: Достоинство** | **88,00%** | **95,16%** | **94,44%** | **66** | **186** | **51** |
| 2: NEGDIG | 84,00% | 80,65% | 72,22% | 46 | 112 | 26 |
| 3: POSDIG | 56,00% | 66,13% | 61,11% | 21 | 76 | 25 |
| **4: Недискриминација и еднаквост** | **84,00%** | **61,29%** | **61,11%** | **46** | **92** | **24** |
| 5: D&INEQ | 76,00% | 56,45% | 55,56% | 41 | 82 | 23 |
| 6: ND&EQ | 16,00% | 14,52% | 5,56% | 5 | 10 | 1 |
| **7: Почитување на разликите** | **100,00%** | **98,39%** | **100,00%** | **126** | **337** | **112** |
| 8: DISRESP | 100,00% | 91,94% | 83,33% | 78 | 221 | 59 |
| 9: RESP | 84,00% | 75,81% | 77,78% | 48 | 125 | 53 |
| **10: Самостојност** | **72,00%** | **79,03%** | **83,33%** | **59** | **155** | **42** |
| 11: LA | 60,00% | 74,19% | 61,11% | 50 | 142 | 29 |
| 12: SD | 32,00% | 19,35% | 50,00% | 9 | 13 | 13 |
| **13: Учество, инклузија и пристапност** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **287** | **570** | **172** |
| 14: EXC | 100,00% | 100,00% | 88,89% | 137 | 249 | 65 |
| 15: INC | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 160 | 348 | 112 |
| **Вкупно:** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **480** | **1030** | **327** |

Во Табела 19. се прикажани процентите на испитаниците кои имале искуства во однос на почитувањето односно кршењето на некој од принципите, додека во последните три колони е даден бројот на искуствата што испитаниците ги доживеале според подрачјето каде живеат.

Како што може да се забележи од горната табела, принципот на учество, инклузија и пристапност е застапен во сите подрачја подеднакво, а постојат скоро идентични проценти во принципот на почитувањето на разликите, што наговестува дека овој принцип се почитува или крши скоро подеднакво во сите места на државата.

Во однос на принципот на *достоинство* има одредена повисока вредност во внатрешноста на државата во споредба со 88,00% од големата урбана средина. Ова, сепак, се високи проценти, при што може да се забележи дека доминира негативниот принцип во сите три региони што секако е показател дека чувствата на испитаниците биле повредени во голема мерка и скоро подеднакво во сите региони.

Во однос на *дискриминацијата* постои поголема разлика меѓу големата урбана средина (84,00%) во споредба со 61,29% односно 61,11% во помалите места. И тука треба да се забележи доминацијата на негативниот принцип односно поголемиот процент на дискриминација и нееднаквост при што поизразена е во големата урбана средина со 76,00% додека е скоро изедначена во малата урбана средина и руралната средина (56,45% и 55,56%). Исклучително малиот процент на позитивни искуства дадени од страна на испитаниците и големата разлика помеѓу позитивниот и негативниот приказ на овој принцип се многу индикативни и треба да бидат поттик за преземањето активности од страна на државата за искоренување на дискриминацијата и изедначување на правата на лицата со попреченост во сите населени места на територијата на Р. Македонија.

Се чини дека постои поголема изедначеност во состојбата кај принципот на *(не)почитување на разликите*.

И тука преовладува негативниот принцип, а бројките од 100,00% за големата урбана, 91,94% за малата урбана и 83,33% за руралната средина се прилично индикативни дека овој принцип се крши скоро подеднакво на сета територија на државата, што е показател дека треба многу да се работи и на ова поле. Исто така, овде вреди да се спомене и позитивниот пристап кон овој принцип, што значи 84,00% во големата урбана, 75,81% во малата урбана и 77,78% во руралната средина лицата со попреченост ги искажале своите позитивни искуства во однос на почитувањето во некоја од осумте области предмет на ова истражување.

И во принципот на *самостојноста* може да се забележи доминација на негативниот принцип, односно зависноста, непостоењето можност за избор, па дури и наметнат избор во одредени ситуации и области. Оваа разлика меѓу негативниот и позитивниот принцип е најизразена кај малата урбана средина (74,19% наспроти скоро изедначените 60,00% во големата урбана и 61,11% во руралната средина).

Најзагрозен во сите подрачја е принципот за *учество, инклузија и пристапност* при што само во руралната средина негативниот принцип на исклученост изнесува 88,89%, додека сите за други параметри вредноста е 100,00%. И повторно, учеството односно неможноста за учество во разни форми на општественото живеење се должи во најголем дел на физичката непристапност на повеќето објекти од јавен интерес во нашата држава, непристапно окружување, местото каде лицата со попреченост живеат, јавниот превоз и сл., додека пак, вредноста од 100,00% која означува вклученост се однесува на фактот што скоро сите испитаници, освен неколкумина, се изјасниле дека се членови на некоја од локалните организации или здруженија во зависност од видот на својата попреченост. Овие резултати се само уште една потврда дека областа на учество, инклузија и пристапност претставува огромно поле за дејствување на сите чинители во нашата држава.

# Улогата на видот попреченост

Овој дел ги обработува областите кои се од големо значење за лицата со попреченост според видот на попреченост. Како што може да се забележи во примерокот преовладува бројот на лица со телесна попреченост, по што следуваат лицата со сензорна попреченост односно оштетен вид и оштетен слух и со комбинирани пречки. Лица со интелектуална попреченост не беа опфатени со ова истражување.

Табела 20. Области на животот според видот на попреченост

| Области на животот | Телесна попреченост | Сензорна попреченост-оштетен вид | Сензорна попреченост-оштетен слух | Комбинирани пречки |
|---|---|---|---|---|
| 1 : Здравје, хабилитација и рехабилитација | 60,34% | 45,45% | 58,33% | 50,00% |
| 2 : Информации и комуникации | 48,28% | 39,39% | 83,33% | 100,00% |
| 3 : Образование | 37,93% | 42,42% | 50,00% | 50,00% |
| 4 : Пристап до правда | 43,10% | 42,42% | 25,00% | 100,00% |
| 5 : Работа | 77,59% | 75,76% | 66,67% | 50,00% |
| 6 : Семејство и приватен живот | 94,83% | 96,97% | 100,00% | 50,00% |
| 7 : Сигурни приходи и услуги за поддршка | 84,48% | 72,73% | 75,00% | 50,00% |
| 8 : Учество во општествениот живот | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |
| **Вкупно:** | **58 = 100%** | **33 = 100%** | **12 = 100%** | **2 = 100%** |

Во Табела 20. прикажан е бројот на испитаници кои наведуваат искуства од одредени области на животот во проценти, во рамките на секој вид попреченост. Во областа на *здравјето, хабилитацијата и рехабилитацијата* се истакнува разликата помеѓу лицата со телесна попреченост и лицата со оштетен слух наспроти другите два вида попреченост опфатени со ова истражување. Лицата со телесна попреченост (58 лица односно 60,34%) најчесто наведуваа искуства во поглед на непристапноста на здравствените објекти, несоодветните ортопедски помагала како и некоректниот однос од страна на медицинскиот персонал, додека пак лицата со оштетен слух (12 лица односно 58,33%) најмногу забелешки имаат поради непостоењето на толкувач на знаковен јазик во здравствените установи, со што им се отежнува правовремено, соодветно и квалитетно пружање на услуги во областа на здравството.

Во областа на *информациите и комуникациите* забележлива е разликата помеѓу лицата со оштетен слух (83,33%) и комбинирани пречки (100,00%) наспроти лицата со телесна попреченост (48,28%) и лицата со оштетен вид (39,39%), што е уште еден драстичен показател дека лицата со оштетен слух се најмногу онеправдани во однос на добивањето правовремени и корисни информации, како во контактите со службени лица, во меѓусебните контакти со други лица со и без попреченост, а особено од страна на медиумите.

Во однос на *образованието* не постојат драстични разлики, со 37,93% кај лицата со телесна попреченост, 42,42% кај лицата со оштетен вид, и по 50,00% кај лицата со оштетен слух и лицата со комбинирани пречки. Овде треба да се забележи дека лицата кои имаат вродено сензорна попреченост (оштетен вид и оштетен слух) претежно посетувале посебно основно и посебно средно образование, додека ретки се примерите на оние кои посетувале редовно образование.

Високи се процентите во однос на областа за *работа* и работно ангажирање на лицата со попреченост при што најмал е процентот на лица со комбинирани пречки (50,00%), а најголем кај лицата со телесна попреченост

(77,59%). Искуствата на лицата со попреченост во оваа област претежно се однесуваат на физичката непристапност на работното место, неприлагодување на истото според потребите на лицата со попреченост, несоодветен превоз до и од работното место, непостоење можност за комуникација на работното место во случајот на лицата со оштетен слух, освен во меѓусебна комуникација со други колеги кои исто така имаат оштетен слух.

Во областа каде се зборува за *семејството и приватниот живот*, најголем е процентот на лица со оштетен слух (100,00%), прилично висок процент се забележува кај лицата со оштетен вид (96,97%) и лицата со телесна попреченост (94,83%) додека само 50,00% кај лицата со комбинирани пречки, односно лица кои имаат истовремено телесна и сензорна попреченост. Во однос на оваа област мора да се напомене дека испитаниците наведуваа повеќе позитивни отколку негативни искуства, што е уште еден показател дека семејството е една од клетките на македонското општество, барем кога станува збор за лицата со попреченост, каде на овие лица им се пружа најголемата поддршка, поткрепа и заштита во сите сфери на живеењето.

Постои релативно изедначена вредност на процентите во областа на *сигурните приходи и услуги за поддршка*. Испитаниците наведуваа позитивни искуства (каде повеќето се примател на одредени парични приходи, најчесто недоволни, но сепак ги добиваат), додека постои и одреден број испитаници што се изјасниле дека не добиваат никакви приходи, што, секако, е факт кој загрижува. Големиот процент, најчесто во негативна конотација, се должи и на фактот дека во нашата држава не постои механизмот на персонална асистенција (што најмногу го чувствуваат лицата со телесна попреченост и лицата со оштетен вид), како и услуги за поддршка, со што се чини најмногу се погодени лицата со оштетен слух. Кај лицата со оштетен вид забележлива е недоволната достапност на тифло-технички помагала со што значително би се олеснил нивниот живот, како и стекнувањето на одреден степен на самостојност во

извршувањето на одредени активности потпомогнати од овие помагала.

Ова од друга страна пак, се надоврзува и тесно кореспондира со следната областа односно *учеството во општествениот живот* каде постои едногласност меѓу сите лица со попреченост кои беа опфатени со ова истражување. Загрижува бројката од 100,00% кај сите видови попреченост, бидејќи најчесто се спомнуваат негативни искуства во областа на учеството во општествениот живот, а најнаведувани причини од страна на лицата со телесна попреченост се физичката непристапност на објектите од јавен интерес, околината, несоодветно прилагодени улици и тротоари, јавниот превоз, објектите за културно, забавно, рекративно и духовно исполнување на лицата со попреченост. Лицата со оштетен вид најмногу го забележуваат недостигот од звучни семафори и тактилни патеки за безбедно движење по улиците, премногу препреки по улиците и тротоарите во форма на несоодветно паркирани возила, работи кои се изведуваат по улиците и тротоарите, а не се прописно обележени и заштитени, и сл. Додека кај лицата со оштетен слух, пак, доминира недостигот од толкувачи на знаковен јазик кога во најголем дел овие лица се спречени да учествуваат во општествениот живот на едно квалитетно и за нив задоволително ниво.

Табела 21. Принципи на човековите права според видот попреченост – по број на испитаници во проценти

| Принципи на човековите права | Телесна попреченост | Сензорна попреченост-оштетен вид | Сензорна попреченост-оштетен слух | Комбинирани пречки |
|---|---|---|---|---|
| **1 : Достоинство** | **93,10%** | **96,97%** | **83,33%** | **100,00%** |
| 2 : NEGDIG | 75,86% | 84,85% | 83,33% | 100,00% |
| 3 : POSDIG | 62,07% | 72,73% | 41,67% | 50,00% |
| **4 : Недискримнација и еднаквост** | **67,24%** | **63,64%** | **66,67%** | **100,00%** |
| 5 : D&INEQ | 65,52% | 51,52% | 66,67% | 50,00% |
| 6 : ND&EQ | 10,34% | 21,21% | 0,00% | 50,00% |
| **7 : Почитување на разликите** | **98,28%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** |
| 8 : DISRESP | 93,10% | 90,91% | 100,00% | 50,00% |
| 9 : RESP | 81,03% | 69,70% | 83,33% | 100,00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10 : Самостојност** | **68,97%** | **87,88%** | **100,00%** | **50,00%** |
| 11 : LA | 56,90% | 84,85% | 83,33% | 50,00% |
| 12 : SD | 29,31% | 24,24% | 33,33% | 0,00% |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **100,00%** |
| 14 : EXC | 98,28% | 96,97% | 100,00% | 100,00% |
| 15 : INC | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |
| **Вкупно:** | **58 = 100%** | **33 = 100%** | **12 = 100%** | **2 = 100%** |

Табела 22. Принципи на човековите права според видот попреченост – број на искуства

| Вид попреченост / Принципи | Телесна попреченост | Сензорна попреченост-оштетен вид | Сензорна попреченост-оштетен слух | Комбинирани пречки |
|---|---|---|---|---|
| **1 : Достоинство** | **174** | **98** | **29** | **2** |
| 2 : NEGDIG | 102 | 58 | 22 | 2 |
| 3 : POSDIG | 72 | 41 | 8 | 1 |
| **4 : Недискримина-ција и еднаквост** | **96** | **38** | **25** | **3** |
| 5 : D&INEQ | 89 | 30 | 25 | 2 |
| 6 : ND&EQ | 7 | 8 | 0 | 1 |
| **7 : Почитување на разликите** | **353** | **150** | **66** | **6** |
| 8 : DISRESP | 216 | 95 | 44 | 3 |
| 9 : RESP | 141 | 58 | 24 | 3 |
| **10 : Самостојност** | **139** | **86** | **30** | **1** |
| 11 : LA | 118 | 76 | 26 | 1 |
| 12 : SD | 21 | 10 | 4 | 0 |
| **13 : Учество, инклузија и пристапност** | **649** | **276** | **90** | **14** |
| 14 : EXC | 297 | 116 | 35 | 3 |
| 15 : INC | 373 | 175 | 60 | 12 |
| **Вкупно:** | **1149** | **492** | **171** | **25** |

Во Табелите 21. и 22. даден е преглед на бројот на испитаници во однос на секој вид попреченост кои наведуваат искуства на почитување или кршење на основните пет принципи на човековите права што се користени за потребите на ова истражување. И овде може да се забележи, како впрочем и во другите атрибути опфатени со ова истражување, дека преовладува негативниот принцип кај сите видови попреченост, освен во областа на учество, инклузија и пристапност, кога сите инспитаници изјавиле дека се вклучени во општествениот живот. И повторно треба да се нагласи, дека овде станува збор за тоа што скоро сите испитаници изјавиле дека се членови во некое локално или национално здружение или организација, во зависност од видот на својата попреченост, што од друга страна пак, не е доказ и за квалитетниот начин на исполнување на своите потреби од овој аспект на животот.

За одбележување е фактот дека кај лицата со оштетен слух со 100,00% се застапени три принципи на човековите права и тоа, принципот на *почитување на разликите*, принципот на *самостојност* и веќе споменатиот принцип на *учество, инклузија и пристапност*, при што доминира негативниот принцип и тоа со по 100,00% кај непочитувањето на разликите и исклученоста од учеството во општествениот живот и 83,33% кај самостојноста, односно зависноста и немањето можност за избор и самоодлучување. Најчеста причина за овие високи негативни показатели е недостигот од толкувачи на знаковен јазик, што директно влијае како врз добивањето правовремени и квалитетни информации од повеќето области на живеењето, така и врз меѓусебната комуникација на лицата со оштетен слух со службени лица во одредена област каде ги остваруваат своите права и обврски, работодавачи и колеги на работното место или пак најобична комуникација со други луѓе, а кои немаат проблеми со оштетување на слухот. Во однос на *самостојноста*, односно немањето можност за избор и самоодлучување и зависноста од друго лице, било тоа да е овластен толкувач на знаковниот јазик или некој

близок кој може да помогне во овој дел, тоа претставува директно кршење на овој принцип, особено при посетата на лекар при што доаѓа до флагрантно непочитување на правото на лицето со оштетен слух на приватност и можноста за самостојно, правовремено и безбедно донесување на одлуки од интерес за неговото здравје и неговиот личен живот. За жал, ова е еден силен показател дека оваа категорија граѓани е можеби најзапоставена и повеќе онеправдана во однос на лицата со другите видови попреченост.

Од друга страна пак, вреди да се спомене и високиот процент на лица кои искусиле почитување на разликите, особено во кругот на семејството и пријатели и колеги, кои исто така имаат проблеми со слухот и со кои непречено комуницираат во секоја ситуација, токму поради тоа што со нив го користат знаковниот говор.

И во однос на принципот на *достоинство*, како и кај принципот на *недискриминација и еднаквост* кај лицата со оштетен слух доминираат негативните искуства, при што покрај негативни забележени се и позитивни искуства на достоинство, додека кај дискриминацијата пријавени се само негативни искуства, и ниту едно позитивно, што секако не и оди во прилог на нашата држава.

И кај лицата со оштетен вид може да се забележи доминацијата на негативните аспекти од принципите, при што најголем е процентот кај принципот на *учество, инклузија и пристапност* и изнесува 96,97%. Позитивните 100,00% во однос на овој принцип се однесуваат на тоа што сите лица со оштетен вид се и членови на своите матични здруженија на слепи лица во местата каде што живеат. Меѓутоа, оние 96,97% од лицата со оштетен вид се сретнуваат со многубројни и сериозни проблеми во сите области на живеење. Најчесто спомнувани се несоодветната пристапност на околината каде што живеат, работат или каде треба да се вклучат во општествениот живот, немањето звучни семафори (освен еден во Скопје во близина на училиштето за слепи и слабовиди лица), тактилни патеки (исто така само една во Скопје, која се

протега од Собранието на РМ до Домот на хуманитарни организации Даре Џамбаз), немањето јасни обележувања на улиците и тротоарите во случаи кога се изведуваат градежни или друг вид работи, проблемот со паркирани возила насекаде низ населеното место и сл.. Во поглед на јавниот превоз лицата со оштетен вид наведуваа повеќе примери на несоодветна звучна најава на автобуските станици, па неретко се случува лицето да се качи на друг автобус и да отиде на друга дестинација наместо посакуваната. Непостоењето на персонална асистенција во државата е уште еден сериозен проблем со кој се соочуваат лицата со оштетен вид, што од друга страна пак се надоврзува на принципот на *самостојност* кога лицето е принудено да се снаоѓа со, најчесто, член од семејството или пријател со што се зголемува неговото чувство на зависност, а уште повеќе неможноста за избор и самоодлучување, и во краен случај на исклучување од општествениот живот токму поради немањето услови за самостојно вклучување во активности што се негов избор, желба и потреба.

И во однос на принципите на *почитување на разликите, недискриминација и еднаквост* и *достоинство* доминира негативниот пристап и испитаниците понудиле повеќе негативни отколку позитивни искуства со голема разлика помеѓу негативниот и позитивниот приод кон овој принцип.

Лицата со телесна попреченост се судруваат скоро со истите пречки како и лицата со оштетен вид, во малку повидоизменета форма. Непристапните улици и тротоари, ископани улици без притоа да има обезбедена резервна патека за движење, скали во скоро сите институции од јавен интерес на целата територија на државата, непостоењето на лифтови и рампи, а и онаму каде што ги има или не функционираат или не се направени според стандардите, тие се многу кратки и стрмни, направени од несоодветни материјали (лим или плочки) и истите повеќе претставуваат опасност доколку се користат. Испитаниците наведуваат голем број на физичка непристапност и до објекти и локалитети каде лицата со те-

лесна попреченост се оневозможени да учествуваат рамноправно во сферата на културата, спортот, одморот и рекреацијата, духовната исполнетост и сл. Со огромен процент од 98,28%, 58-те лица со телесна попреченост се изјасниле за негативниот приод кон принципот на *учество, инклузија и пристапност*.

Вториот принцип каде лицата со телесна попреченост ги искажуваат своите искуства е принципот на *почитување на разликите* каде негативниот приод изнесува 93,10%, но вреди да се спомене и позитивниот пристап кон овој принцип кога испитаните лица со телесна попреченост се чувствувале почитувани во поглед на разликите.

И во однос на принципот на *достоинство* преовладува процентот на негативни искуства со 75,86% наспроти 62,07% позитивни. Најголемата разлика помеѓу негативниот и позитивниот приод се сретнува кај принципот на *недискриминација и еднаквост*, кога 65,52% од испитаниците наведуваат дека се дискриминирани по некоја основа во одредена област на живеењето, додека само 10,34% наведуваат позитивни искуства во овој принцип, показател што зборува сам за себе.

И во принципот на *самостојноста* се забележува разлика помеѓу негативните и позитивните искуства наведени од страна на лицата со телесна попреченост. Исто како и кај лицата со оштетен вид, и кај лицата со потешка телесна попреченост, односно оние што користат инвалидска количка забележливо е отсуството на персонална асистенција со што лицата се принудени да се снаоѓаат сами во постојната, пред сè, физичка непристапност до објектите, околината и јавниот превоз, при што мора да се нагласи дека во Р. Македонија воопшто не постојат услови за едно лице во инвалидска количка да ги користи услугите на јавниот превоз, било автобуски било железнички. Поради ова, тие се изложени на дополнителни трошоци за користење на сопствено или друго возило или такси возила кои исто така се несоодветни и неприлагодени за превоз на овие лица.

Тука, секако, треба да се спомне позитивниот пример на нископодните автобуси и комбињата прилагодени за превоз на лица во инвалидска количка, но за жал, тие ги има само во Скопје, а според изјавите на лицата со попреченост и тие се недоволни да ги исполнат барањата и потребите на сè поголемиот број на лица што ги користат секојдневно било за превоз до некоја здравствена установа, училиште, спортски објект, концертна сала и слично. Заслужува пофалба и поттик и другите општини во државата да го следат овој пример и тие да им овозможат на своите сограѓани подеднаква можност на лицата со телесна попреченост да учествуваат во општествениот живот и да имаат слобода да одлучат кога, каде и со кого ќе го направат тоа.

Значи, решение постои. Ако не за сите и секако не истовремено, но барем да се направи обид и да се има волја и желба да се направи нешто. Прво и најосновно, почитување на законските одредби, било во поглед на соодветна изградба на новите објекти, прилагодување на пристапот и приодот кон постојните објекти според стандардите, а особено нормативите за безбедно движење на лицата со попреченост. Или пак законските одредби кои предвидуваат дека во секоја ситуација во некоја од државните институции каде што, на пример, лицето со оштетен слух има потреба од остварување на некое право, неопходно е пристуството на овластен толкувач на знаковен јазик, со што би се обезбедила и загарантирала јасно пренесена порака, сфатен повратен одговор и, што е можеби и најбитниот момент во животот на една личност, зачувување на приватноста.

Во однос на лицата со оштетен вид и телесна попреченост, најголем успех би било обезбедувањето на персонален асистент, со што, прво би се ослободил голем товар од плеќите на другите членови на семејството кои најчесто се наоѓаат во улога на придружник во сите области на живеење, и второ, можеби и побитно што овие лица би ја стекнале слободата на одлучување за тоа кој ќе ги придружува во која ситуација, а тоа обично се лица во кои тие би имале потполна доверба, со што би ја зачувале својата приватност и би им се зајакнала самодовербата и сигурноста во себе.

Табела 23. Споредба помеѓу областите на живеење и принципите на човекови права – број на испитаници во проценти

| Принципи / Области | Достоинство | % | Недискриминација и еднаквост | % | Почитување на различните | % | Самостојност | % | Учество, инклузија и пристапност | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 : Здравје, хабилитација и рехабилитација | 23 | 23,47% | 18 | 25,71% | 35 | 33,65% | 23 | 28,05% | 35 | 33,33% |
| 2 : Информации и комуникации | 6 | 6,12% | 3 | 4,29% | 9 | 8,65% | 7 | 8,54% | 30 | 28,57% |
| 3 : Образование | 8 | 8,16% | 9 | 12,86% | 10 | 9,62% | 3 | 3,66% | 33 | 31,43% |
| 4 : Пристап до правда | 15 | 15,31% | 13 | 18,57% | 18 | 17,31% | 11 | 13,41% | 17 | 16,19% |
| 5 : Работа | 23 | 23,47% | 28 | 40,00% | 43 | 41,35% | 10 | 12,20% | 48 | 45,71% |
| 6 : Семејство и приватен живот | 34 | 34,69% | 5 | 7,14% | 36 | 34,62% | 42 | 51,22% | 93 | 88,57% |
| 7 : Сигурни приходи и услуги за поддршка | 11 | 11,22% | 9 | 12,86% | 12 | 11,54% | 21 | 25,61% | 79 | 75,24% |
| 8 : Учество во општествениот живот | 81 | 82,65% | 31 | 44,29% | 100 | 96,15% | 66 | 80,49% | 105 | 100,00% |
| **Вкупно:** | **98** | **100,00%** | **70** | **100,00%** | **104** | **100,00%** | **82** | **100,00%** | **105** | **100,00%** |

Табела 23. нуди уште еден сумарен преглед на состојбите утврдени со ова истражување помеѓу осумте области на живеење и петте принципи на човекови права што беа користени како основни за потребите на ова истражување. Горенаведените вредности се збир на сите принципи, како позитивни така и негативни, односно се забележува нивната фреквенција на спомнување од страна на испитаниците.

Сите 105 испитаници наведуваат свои искуства, било позитивни било негативни во сите области од животот по однос на принципот на *учество, инклузија и пристапност*. Уште еден показател дека ова е еден од најбитните, ако не и најбитниот факт утврден со истражувањето, односно колку почитувањето или, почесто непочитувањето односно кршењето на овој принцип е од огромно значење за сите лица со попреченост и има големо влијание врз квалитетот на животот во сите сфери на живеење.

Во однос на принципот на *почитувањето на разликите* 104 испитаници наведуваат свои искуства во сите области на животот – од 9 лица кои наведуваат свои искуства во областа на информациите и комуникациите до 100 лица во областа на учеството во општествениот живот.

Третиот принцип според застапеноста на неведените искуства е принципот на *достоинство* којшто го споменуваат 98 лица.

Следува принципот на *самостојност* кога 82 лица зборуваат за неможноста за самостојно живеење и функционирање без помош од друго лице, било да станува збор во поглед на придружба поради физичката непристапност генерално, или несоодветна или воопшто непостоењето на никаква услуга за поддршка, а која им е неопходна на лицата со попреченост. Поимот персонална асистенција е скоро непознат за лицата со попреченост, едноставно таа услуга не постои во РМ. Познати се неколку активности покриени со проекти, кои обично се од времен карактер и кога претежно се ангажирани лица да ги носат децата со попреченост до училиште и да ги

вратат дома. Услугата персонална асистенција во однос на пружање помош од хигиена, пазарување, овозможување на лицата со попреченост да имаат слободни активности и со самото тоа поквалитетен живот, за жал во РМ не постои.

Најпоследен, но секако не и по значење, е принципот на *недискриминација и еднаквост* со 70 лица со попреченост кои ги споделиле своите искуства.

За поздравување е констатацијата дека лицата со попреченост кои беа опфатени со ова истражување покажаа висок процент на подготвеност да ги споделат своите лични искуства, со што беа добиени квалитетни показатели кои послужија да се утврдат горливите прашања што се од интерес не само за лицата со попреченост во нашата држава туку и за нивните семејства, непосредна околина во која живеат, работат или се дружат и, на крај, за заедницата во целина. Искрено се надеваме дека општеството ќе најде инспирација за отстранување на многубројните и сериозни проблеми и градење средина во која ќе им се гарантира на сите граѓани подеднакви можности за квалитетен и активен живот.


Отворете
Open

# Системски корени на дискриминацијата

Во спроведените интервјуа со лицата со попреченост анализирани се системските корени на дискриминација на лицата со попреченост. Под економски причини се подразбираа исклучување и дискриминација на лицата со попреченост поврзани со начинот на кој се организирани економските (производствените) активности, пристап на пазарот на трудот за лица со попреченост, како и остварување на своите сопствени приходи.

| Табела 24. | Системски корени на дискриминацијата | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број лица | % | Искуства | % |
| 1 : ЕКОНОМСКИ | 35 | 33.33% | 64 | 49,23% |
| 2 : ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА | 14 | 13.33% | 29 | 22,31% |
| 3 : СОЦИЈАЛНИ | 24 | 22.86% | 37 | 28,46% |
| **Вкупно:** | **58** | **55.24%** | **130** | **100,00%** |

Од Табела бр. 24 јасно се гледа дека економските причини за дискриминација се најзастапени и тоа со дури 33.33% од испитаниците кои споделиле 64 сопствени искуства кои јасно го покажуваат влијанието на овој системски фактор.

*И: Да ви кажам исто многу тешко, живееме во куќна заедница само од моја пензија и нега .. децава работат по нешто, снаата и синот, тутун по малку. Тежок живот, работа нема.*

(маж, 61 г., телесна попреченост)

*М: Одите на лекувања? На бања или така нешто? Овозможено ли ви е?*

*И: Не сум отишла и не сум ни побарала. Еднаш имам отидено во Катланово, ама тоа беше одамна, детево беше мало, заедно бевме и тоа беше со мене. После барав, ми одобрија ама требаше да платам .. не знам колку .. пред тоа кога бев, не плаќав ништо, после тоа требаше да платам.*

(жена, 61 година со телесна попреченост)

*И: Значи налетувате на дискриминација?*

*И: Значи, да. Во однос на дискриминацијата, се чувствува дискриминација особено, како што кажав и претходно, тоа се тешкотиите околу потписи за во банка, мора да водиш човек со тебе или некој ополномоштен или ... значи да имаш заверен потпис, дополнителен трошок, тоа се плаќа.*

(маж, 51 година со оштетување на вид)

*И: Инвалидите во Македонија имаат многу тешкотии во секојдневниот живот. И од социјален аспект и од економски аспект, значи, многу ни е тежок животот.*

*М: Работиш ли нешто?*

*И: Моментално работам. Работам во една фирма каде кога отидов за работа, одма ми рекоа ако се нафатиш да работиш во смени, да зборуваме, ако не – не можеме. Бидејќи дома само јас сум вработен, морав да се нафатам. Морам да си ја гледам фамилијата. Жената и едно детенце, морам нив да ги гледам.*

*М: Сега кај работиш?*

*И: Сега работам во една фирма ваму во Речани, но и таму не сум задоволен од аспект на плата .. значи беа ветени некои работи, ќе биде подобро, ќе има покачување, ќе има покачување, за две години се покачи само минималната што е на државно ниво. Кога и да им речам за плата, почекај ќе биде.*

(маж, 34 години со телесна попреченост)

*М2: Помагалата сам си ги плаќаш или имаш помош?*

*И: Помагалата сам си ги плаќам, никој не ми помага. Сè е на приватно, помош немам никаква. Засега на пример, за тие ортопедски помагала, леќи, течности, сè ми е на приватно тоа.*

(маж, 43 години со сензорна попреченост оштетување на вид, слабовиден)

Втората по ред системска причина или фактор за дискриминација се социјалните фактори, кои ја создаваат дискриминацијата со која се соочуваат, или се соочиле испитаниците врз основа на попреченост. Тука исклучувањето и дискриминацијата на лицата со попреченост се поврзани со начинот на функционирање и организирање на општествените, репродуктивните, активности и општествени односи.

Начинот на кој се уредени и се рефлектираат општествените односи во животот на лицата со попреченост најдобро го илустрираат 22.86% од испитаниците кои споделиле 37 индивидуални искуства.

*И: Па, реално... знаете како ... каков впечаток ти ќе оставиш и ќе се однесуваш спрема луѓето, така и тие ќе се однесуваат спрема тебе. Меѓутоа, реално, да, како што кажав, во нашиот град реално кај што живеам во местово не сум баш и прифатен таков каков што сум. Луѓето со скепса гледаат на такви лица, на такви особи. Значи, не се баш така хумано добредојдени и многу често не доаѓаат во ситуација да ти помогнат ако нешто ти треба. Како што напоменав, не те разбираат многу, едноставно не те сфаќаат бидејќи те гледаат дека се движиш, мислат дека гледаш, а не можеш ти на сите поопширно да им објасниш дека ти гледаш да се движиш но не можеш и повеќе да извршиш некоја работа или ... и најчесто наидуваме на проблеми.*

(маж 32 години со сензорна попреченост, слабовид)

Последна или трета по ред причина или фактор за системската дискриминација се постојните законски одредби и нивното спроведување или неспроведување

и начинот на кој законите и другите прописи влијаат на животот на лицата со попреченост. Ова е, исто така, најзастапена и најдоминантна форма на системска дискриминација, како што е наведено од страна на 13.33% од испитаниците, а искуствата на луѓето главно се однесуваат на неможноста да си ги остварат правата загарантирани со закон, поради нивното рестриктивно толкување, како што е случајот во исполнувањето на критериумите за пристап до услуги за поддршка и бенефиции врз основа на попреченост или поради недостаток на спроведувањето во пракса на релевантните институции. Што накратко значи дека исклучувањето и дискриминацијата на лицата со попреченост се поврзани со недостиг на соодветни закони или политики за заштита на нивните права и/или со начинот на нивното спроведување односно имплементацијата.

*И: Да, лежев во болница, нели требаше решение, мора да поминеш на физикална терапија еден извесен период за да ти одобри комисија лекување во бања, меѓутоа, после четири дена мое лежење иде докторката на визита и ми кажува: „Б. ништо од бања!“ Донесен е нов закон да може само да одат, да речеме од ортопедија оперирани со вештачки колкови, колена и преломи тешки кои од болница одат директно ... а за нас со реуми, со шилци нема лекување ... има лекување ама за пари ... 20 евра ти е пансион на ден... ако можеш плати, ако немаш – трпи.*

(маж, 61 година со телесна попреченост)

*М: Количката што е од 12.000 сте ја користеле некогаш?*

*И: Можеш да ја користиш, ние како што сме параплегии и квадриплегии можеш да ја користиш активно 3-4 месеци после се сокршува и не баш.*

(маж, 38 гдини со телесна попреченост)

*И: Овде нема но луѓето ме пресретнуваат, немам никаков проблем луѓето помагаат греота е да се жалам од луѓето, но системски не е решено. Проблемот е во општината во државата и така натаму. СЕ РАБОТИ*

*ЗА ЕДНА ВРЕЌА ЦЕМЕНТ! Тоа е најболното што се работи за една вреќа цемент. За да можам од улицата на тротоарот да се качам тука видовте има мало па се качивме.*

М: *Дали сте им кажале за тој проблем што велат?*

И: *Нон-стоп зборувам. Едни велат треба дозвола од општина, други велат треба дозвола од држава. Трети велат: „Аха ќе направиме“. И останува на тоа ќе направиме.*

*Апропо количката, автомоторизираната количка која ми ја дадоа театарџиите. Немав право да аплицирам за количка како пензионер, имаат право да аплицираат студенти и луѓе што работат а пензионери немаа право. Што се пензионерите инвалиди некоја посебна група на инвалиди на посебен изданок на инвалидите. Тоа е степен на дискриминација која е вон од умот, надвор од умот.*



# Реакции на дискриминација/причини за непријавување

| Табела 25. | Причини за непријавување и реакции на злоупотреба | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број лица | % | Искуства | % |
| „НИШТО НЕМАШЕ ДА СЕ СМЕНИ“ | 28 | 26.67% | 38 | 18,91% |
| ДИСТАНЦИРАЊЕ | 2 | 1.90% | 2 | 1,00% |
| ДРУГО | 6 | 5.71% | 6 | 2,99% |
| КОРУПЦИЈА | 2 | 1.90% | 2 | 1,00% |
| НЕДОСТИГ ОД ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 1 | 0.95% | 1 | 0,50% |
| НЕМАЊЕ ПРИСТАП | 22 | 20.95% | 27 | 13,43% |
| ОТПОР | 5 | 4.76% | 6 | 2,99% |
| ПРИЈАВА-ЗАКОНСКА ПОСТАПКА | 59 | 56.19% | 114 | 56,72% |
| САМООБВИНУВАЊЕ | 3 | 2.86% | 3 | 1,49% |
| СТРАВ | 2 | 1.90% | 2 | 1,00% |
| **Вкупно:** | **81** | **77.14%** | **201** | **100,00%** |

Во овој дел од извештајот, анализата се фокусира на начинот на кој луѓето/лицата со попреченост реагираат на случаите на дискриминација и нивната способност соодветно да се справаат со тие ситуации, дали тие ќе одлучат да реагираат во ситуации каде што тие се лишени од своите права, а ако не ги пријавуваат ваквите случаи, кои се причините за тоа.

Од табелата 25 јасно се гледа подготвеноста на повеќе од половината испитаници/чки кои учествуваа во истражувањето дека тие одлучуваат некому да го пријават своето негативно искуства каде биле дискриминирани. 56.19% од испитаници/чките односно 59 испитаници/чки споделиле дури 114 искуства каде говореле за нееднаквиот третман и дискриминацијата во нивните животи базирана на попреченоста. Меѓутоа, голем дел и од овие лица со попреченост не се доволно охрабрени и не се чувствуваат доволно запознаени со своите права, како и со надлежните институции одговорни за нивно остварување, па најчесто прва инстанца каде што се обраќаат се здруженијата на лица со попреченост каде членуваат или за кои знаат дека се занимаваат со заштита на човековите права.

*М: Вие како секретар, дали некогаш на ниво на Република, дали сте поднеле некоја жалба или некое барање? Едноставно, како жалба од некое лице што дошло кај вас да се пожали па вие да го спроведете?*

*И: Значи, во писмена форма, ако прашувате дали имаме поднесено административно иницијатива – ДА.*

*М: Како реагирала државата?*

*И: Меѓутоа, на многу средби и состаноци, зборувам за мене лично, имам многу барања поднесено до републичкиот сојуз на слепи, дел од нив се спроведени, дел не се .. прашувате како реагира државата - со ценкање – буквално се ценкаш за секое едно право и сѐ се гледа некако да испадне, да речам, половично да биде правото, да не биде целосно.*

(маж 51 година со сензорна попреченост, оштетување на вид, слепо лице но и наглуво)

Ретки се случаите кога лицата со попреченост се одлучуваат да покренат правна постапка односно судски спор. Исто така, 4.76% од испитаниците/чките се противат на случаите на дискриминација, користејќи други начини за борба отколку официјалното пријавување на случајот и правно дејство, што најдобро се илустрира со следниве примери:

*М: Имате ли барано досега?*

*И: Да, имаме доставувано повеќе барања досега.*

*М: Кој е одговорот од нивна страна зошто досега тоа прашање не е решено?*

*И: Мислам дека градоначалникот треба да даде позитивен одговор за да се направи нешто. Сѐ зависи од него.*

(жена, 38 години со телесна попреченост)

Имајќи ги предвид причините зошто луѓето не ги пријавуваат случаите на дискриминација да се наведуваат сомнежот, недовербата во правниот систем и почитувањето на законската регулатива, инертноста на институциите во правниот систем: „Ништо немаше да се смени“ велат 28 испитаници/чки односно 26.67% и ако на нив се додадат и оние 1.90% или уште двајца испитаници кои велат дека постои корупција во правниот систем тогаш имаме високи 28% од испитаниците/чките кои во потполност се откажале од пријавување на случаите на дискриминација.

*М: И после, не се пожаливте на некого?*

*И: Па, на кого?*

*М: Дали негде се пожаливте? Во друга некоја установа?*

*И: Не. Знам дека ништо не бива од тоа и што дека ќе се жалам и ќе се малтретирам.*

(жена, 55 години со телесна попреченост)

*М: Се пожали негде?*

*И: Да.*

*М: И тие како реагираа?*

*И: Исти аршин.*

*М: Нема промена?*

*И: Нема промена. Само да не бидеш сам, да, иначе исто е.*

(маж,45 години со сензорна попреченост-оштетен вид,слабовид)

Исто така високи 20.95% од испитаниците/чките, имајќи ги предвид причините зошто луѓето не ги пријавуваат случаите на дискриминација го наведуваат немањето на пристап до правниот систем што подразбира немање физичка пристапност до соодветните надлежни институции судовите, јавното обвинителство итн. како и непристапност на соодветни сервиси за поддршка како што се толкувачи на знаковен јазик, лични асистенти, алтернативни формати за читање за лица со оштетен вид и сл.

*И: Не. Нема на кого да се жалиш.*

*М: Не им посочивте дека тоа ви е проблем? Да се пожалите кај нив нешто?*

*И: Па не можам да се пожалам, како да се качам горе.*

*М: Мислев телефонски?*

*И: Единствено телефонски да им се јавам. Друг излез нема.*

(маж, 61 година со телесна попреченост)

*М2: Дали од сите овие искуства некогаш сте имале прилика да реагирате на институционално ниво до кај инспекторатот за труд и социјала?*

*И: Досега не сум реагирала на такви ситуации.*

*М: Зошто не си реагирала?*

*И: Можам да речам не сум била информирана.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

Исто така, иако многу низок процент од испитаниците/чките само 1.90% не сакаат да го пријават своето искуство од страв дека во случај на пријавување сметаат дека ќе страдаат двојно повеќе и ќе доживеат уште поголема дискриминација бидејќи повторно ќе бидат принудени да ги користат услугите на институциите или лицата против кои е покренато некакво обвинение или треба да започне процес.

Постојат и 2.86% кои никогаш не би пријавиле дискриминација зошто сметаат дека не ја доживеале

односно дека тие самите се виновни за тоа што име се случило и поради чувство на вина сметаат дека надлежните институции или поединци не ги ставиле во нерамноправна положба во однос на други.

5.71% од испитаницитте воопшто не даваат образложение за причините поради кои не се одлучуваат да ги пријаваат случаите во кои тие биле жртви на дискриминација базирана на нивната попреченост.



# Препораки дадени од страна на испитаниците

**Доколку имаш намера да зборуваш, секогаш запрашај се – точно ли е, неопходно ли е, добро ли е?**

Буда

Активното и продуктивно учество на испитаниците во рамките на овој проект може да се потврди и со големиот број препораки за начините на кои би можело да се подобри нивната состојба како да се создадат поприфатливи услови за остварување на загарантираните човекови права.

Табела 26. Препораки дадени од испитаниците

| | Број лица | % | Искуства | % |
|---|---|---|---|---|
| ВРСНИЧКА ПОДДРШКА | 30 | 28,57% | 46 | 7,09% |
| ДРУГО | 4 | 3,81% | 6 | 0,92% |
| ЕКОНОМСКА ПОДДРШКА | 25 | 23,81% | 35 | 5,39% |
| ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА | 77 | 73,33% | 179 | 27,58% |
| ЗАСТАПУВАЊЕ | 16 | 15,24% | 18 | 2,77% |
| ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА | 65 | 61,90% | 116 | 17,87% |
| ПОЧИТУВАЊЕ | 78 | 74,29% | 197 | 30,35% |
| СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА | 40 | 38,10% | 52 | 8,01% |
| **Вкупно:** | **98** | **93,33%** | **649** | **100,00%** |

Како што може да се види во приложената табела, 98 лица понудиле вкупно 649 препораки во однос на унапредување на состојбата и остварување на пра-вата на лицата со попреченост. Интересно е што се издвојуваат три од осумте препораки што беа предмет на ова истражување, како по бројот на лица што понудиле свои препораки така (74,29%, 73,33% односно 61,90%) што е прилично висок процент на учество, и по бројот на дадените препораки: *почитување, законска регулатива и подигнување на свеста* со 197, 179 односно 116 дадени препораки претставува најголема застапеност од 75,81% во однос на другите, што е голем предзнак на она што самите лица со попреченост го препознале како најкритичен момент во своето живеење и функционирање во едно општество каде, очигледно, не се води многу грижа за оваа категорија граѓани. Дадени се многубројни примери за ова, од кои неколку се пренесени и подолу.

М: *Дали мислите дека треба да се преземе нешто повеќе, да се мисли на овие луѓе?*

И: *Во сите области, тотално во сите треба да се преземе сè, но ..*

М: *Според вас има многу пропусти ..*

И: *Многу .. многу .. која сакате кажете област, има пропусти. Сакате образование, сакате култура, сакате секојдневието, работа, институции .. сè .. сè. Има потреби за инвалидизираните лица, особено за нашата категорија, стварно има потреби, на пример неопходна потреба од придружник, или помагала, но многу слабо доаѓаме до тие помагала, тешко се доаѓа до бенефиции, до сè. Сè е тешко, но некако мора да се прилагодуваме спрема условите.*

(маж, 46 г., лице со оштетен вид)

И: *Значи, околу тоа прашање можеме малку повеќе да дискутираме, не е проблем тука само ознаките кои е должна државата или локалната самоуправа да ги постави.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

*И: Сметам дека државата треба да стори многу повеќе за нас, за да се доближиме барем до тие европски норми коишто ги уживаат нашите колеги, инвалидни лица од западно-европските земји. Меѓутоа, исто така сметам дека и ние треба да ја поттикнеме државата и ние да се ангажираме малку повеќе да го добиеме тоа. Само еден апел до сите, значи, здруженија што се бават со проблематика на инвалиди и до самите инвалиди да ја натераме државата да мисли цела година за нас, а не само на деновите кога се празници.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

*И: Како што кажав најтешко е исмевањето од околината и толкувачите кои ги нема по институците. Повторно ќе кажам – сите општини, болници, аптеки, речиси сите државни институци генерално сите установи треба да имаат толкувачи да не разберат ние што бараме и изедначувањето на тие права со другите категории на луѓе.*

(маж, 46 г., лице со оштетен слух)

Неретко од страна на испитаниците се спомнува и моментот дека не е само проблемот во донесувањето на соодветни закони и прописи, туку и самото заживување и спроведување на истите во реалноста, што, за жал, најчесто не е случај.

*М: Што би требало да се промени за да се подобрат да се подобри животот на лицето со попреченост?*

*И: Многу работи треба да се менат многу, не е само потпишаа и сега се кажува дека ја потпишале конвенцијата ама нема кај ќе одат, мораше да ја потпишат, а иначе - ееее како се каат сега.*

*М: Очекувате нешто да се промени после конвенцијата или?*

*И: Ко што гледам ништо не се променило, само ја потпишале, колку ајде да не викаат ова слепиве, да не се бунат...*

(жена, 67 г., лице со оштетен вид)

Подигнувањето на свеста се провејува во неколку наврати, и тоа не само подигнувањето на свесата кај лицата со попреченост, туку и кај останатите граѓани, што е можеби дури и побитно ако се земе предвид потребата и инцијативата на нашата држава од социјализација и инклузија во однос на образованието, работата и останатите секојдневни текови на општеството. Исто така почесто се нагласува потребата од разграничување на обврските и надлежностите меѓу ресорните министерства и правовремено, квалитетно и сеопфатно информирање на лицата со попреченост, наместо нејасните, честопати конфузни и двосмислени прописи кои им даваат можност дури и на овластените службени лица да ги толкуваат онака како што ќе најдат за сходно во одредениот момент и ситуација. За жал, многу се чести и појавите и примерите на непримерен однос на вработените лица, па една од препораките на лицата со попреченост е и „поголема компетентност од страна на вработените“.

*И: Прво да ви кажам посебно со службениците што се во институците да се направи една обука, семинар за да се подигне нивната свест и ние да се чувствуваме како сите луѓе.*

(маж, 58 г., лице со оштетен вид)

*М: А како е решен во нашиот град проблемот со паркирањето?*

*И: Е, тоа е голем проблем. Значи, има обележано и места обележаа, ама џабе тоа кога испадни со колата не можеш слободно место да најдеш.*

*М2: А дали некогаш сте реагирале кај надлежните служби поради ваквата ситуација? Ти каде го гледаш проблемот за ова?*

*И: Јас проблемот го гледам во самиот народ, самите треба да бидат свесни за тоа.*

(маж, 35 г., телесна попреченост)

*И: Да, меѓутоа за да се разреши тој проблем ќе мора да излегуваат значи лицата со хендикеп. Ако не ги*

*гледаш лицата со хендикеп, нема да ги дознаеш никогаш какви се, кои се нивните предизвици и кои се нивните секојневни проблеми. Значи мора лицата со хендикеп да учествуваат многу повеќе активно во општеството, во школо, на работа, на секаде, било каде. И во ноќниот живот и по кафичи да излегуваат.*

(маж, 33 г., телесна попреченост)

И овде физичката непристапност на објектите и околината беше дефинирана како еден од проблемите на кој треба да се посвети поголемо внимание со цел да се решат поголемиот дел од овој вид препреки и бариери со кои секојдневно се соочуваат лицата со попреченост на територијат на целата држава.

*И: Па еве, најблаго речено, прво и прво во Општината треба да се направи, бидејќи таму има една рампа што е, благо речено, за смеа што ја ставиле. Таа е за ништо, тоа не личи, здрав човек таму не може таму да се качи, а јас, кој сака и количка ќе му дадам па пешки нека ја истурка до горе, а не човек да турка.*

(маж, 42 г., телесна попреченост)

*И: … Значи, еден проблем е тоа, бариерите што побрзо да се решат. И да се залагаме повеќе за вработување, да не се узурпира.*

(жена, 38 г., телесна попречност)

*И: Па, би требало да се направи пристап за телесни инвалиди. Значи, треба помагала, треба фаќало за раце, да има елеватори, рампа ако не друго, за лица во колички и ред други работи што ни се потребни.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

*И: …. по мое би било дека сообраќајни инспектори, колку што знам јас имаме ние сообраќајни инспектори, они*

*тоа треба да преземат. Да дадат предлог нешто да се направи во тој ресор за паркирање. Значи, стварно фалат места. Не само што фалат .. извини .. ако и ги стават, кога ќе ги узурпира соодветно да биде казнет и за друг пат да не се случува повторно.*

(маж, 43 г., телесна попреченост)

М: *Што треба еве државата стриктно да направи, што мислиш треба да направи?*

И: *Па, треба да направи секаде во секоја општина да има посебни услови за инвалидите. Да им обезбедат терени, услови за непречен пристап, рампи, прилагодени тоалети.*

(маж, 35 г., телесна попреченост)

Испитаниците ја идентификуваа *работата* како една од побитните области, а која ги засега интересите на поголема бројка од лицата опфатени со ова истражување, почнувајќи од најмладите кои сè уште се во образовниот процес, како потенцијални идни вработени лица, па до повозрасните лица кои се во периодот од животот кога се најмногу работоспособни, а кои очигледно се соочуваат и со овој вид проблеми.

И: *Исто така, имаме една узурпација со вработувањето – значи, те вработува, ги искористува средствата, што се вика, ќе те искористи до максимум и после не му требаш. Јас, како млада личност сум била вработена многупати. Сум искусила многу лоши работи, значи ... каде не даваат плата, каде не ти оди стаж .. едно друго. Сакам да се реши тој проблем .. затоа што, на пример, јас како лице со инвалидитет, еве годините си минуваат, како старееме ние веќе сме неспособни за работа. Што ќе биде понатаму? Секојдневно се соочуваме со тие работи.*

(жена, 38 г., телесна попреченост)

*И: ... и да се реализираат уште такви вработувања во државната администрација. И сега засега е добро. Мислам дека е во ред, бидејќи се тргна однекаде за нас, бидејќи тоа е многу битно прашање во животот и на секој човек.*

(жена, 38 г., телесна попречност)

*И: .. нека се распишуваат реални огласи, нека аплицираат луѓето реално, нека аплицираат и лицата со инвалидитет за тоа работно место сакам да конкурирам и ќе конкурирам. Ако веќе имаме отприлика исти квалификации сите што сме аплицирале за тоа работно место, нека имам јас предност како лице со инвалидитет и тогаш веќе .. и за било кое работно место кога се конкурира .. да се одреди тоа така, а не ајде ти сега дојди на работа, па ќе се мислиме што ќе работиш или после тоа ај, седи си дома, не доаѓај на работа, зошто да се мачиш – не е тоа решение, работата е дека треба да се социјализираме, кој колку може. Ако не може на цело работно време, нека биде на скратено .. ако не може, нека се прилагоди некако работното место или било како. Има милион решенија, но ако се решаваат работите површински секојпат е така.*

(жена, 29 г., телесна попреченост)

Со самиот факт што одреден број испитаници самоиницијативно се ангажираат и се понудуваат да остварат некои активности, очигледна е желбата и потребата на лицата со попреченост да бидат вклучени како активни чинители во сите сфери на живеење во нашето општество. За жал, најчесто не наидуваат на слух кај своите, најнапред локални власти кои, секако дека се првата станица која би можела да направи многу за своите сограѓани.

*И: ..Има едно државно земјиште на општината е 200 – 300 квадрата, многу пати кога одам кај градоначалникот,*

*кога одев го барав тоа место да го направат како парк. Не многу, значи... трева има, клупа една две, маса, еве вака да испаднеш да си седнеш, има доста реков инвалиди, да си поседиш, да се видиме, да си играеме табла, тоа што можеме. А инаку од мојата фамилија се нафанаа они да го одржават, со никаква надокнада. Значи, вода, ние ќе го вадиме, ние ќе го косиме, имаме косалка, значи ништо не бараме некој надокнада да ни даде.*

М: *Само да ви го дозволат тоа, да се направи како мини паркче.*

И: *Општината , градоначалникот рече дека не е проблем ќе запишеме, ќе го израмнат и ќе се направи и на тоа остана, не е ништо направено.*

(маж, 51 г., телесна попреченост)

И повторно се нагласуваат разликите помеѓу условите во големата урбана средина и помалите места, а особено руралната средина.

И: *Република Македонија е потписник на таа конвенција која што е наложена од Обединетите наци и која мора да се залага во решавање на архитектонските и интелектуалните бариери. А сепак во малите места, а ниеглеаме преку медиумите дека во поголемите градови се прави, се решаваат проблеми, даваат големи, многу повеке привилеги на лицата со инвалидитет од колку во малите места. Сѐ уште малите места преставуваат слепо црево за остварување на правата на лицата со инвалидитет*

(жена, 49 г., телесна попреченост)

И: *Јас како лице со посебни потреби би сакал да апелирам до надлежните институци да ги зголемат приходите за лицата со посебни потреби - мислам дека туѓата нега е многу мала во нашата... ние бараме да се зголеми ова и да учествуваме на дебати кога се во прашање нашите права.*

(маж, 51 г., лице со оштетен вид)

Сигурните приходи и услугите за поддршка беа опфатени со повеќе препораки во поглед на постојната законска регулатива, економската и социјалната поддршка и неопходност од прилагодување на истата во рамките на потребите и состојбите на лицата со попреченост, а што најмногу се манифестираат преку висината на парични средства што поединци ги добиваат, па до непостоењето на персоналната асистенција во нашата држава, што од друга страна пак, многукратно влијае и врз појавата на несамостојност, зависност, често недостоинствено и понижувачко чувство што го потенцираа повеќето испитаници во неколку наврати.

*И: Да имаме, на пример, институции кај што можеме да се обратиме или да се јавиш телефонски... имаш потреба денеска да отидеш во маркет да пазариш, ти доаѓа човекот, те придружува до кај што треба, си пазариш, тоа си го покрива државата и чао пријатно. А не да го чекаш брат ти, жена ти или татко ти на 60 – 70 години. Значи, општо зборувам не само за слепите лица, за било кој што има потреба. Значи, тоа е служба што се користи по светот.*

(маж, 43 г., лице со оштетен вид)

Радува големиот процент на лица со попреченост кои понудија мноштво квалитетни и издржани предлози и препораки кои, искрено се надеваме ќе наидат на одѕив кај стручните профили на луѓе чија професионална ориентација, меѓу другото е и да ги следи стандардите и законската регулатива пропишани за одредена област, преку навремено, соодветно и квалитетно информирање, па сè до луѓето во надлежните ресори и министерства, локални власти, чија што основна задача всушност е и иницирање, следење и спроведување на активности со кои ќе се овозможат еднакви услови за сите граѓани, вклучително и за лицата со попреченост.



# ЗАКЛУЧОЦИ

Истражувањето за личните искуства на лицата со попреченост во Р. Македонија претставуваше еден обемен проект во кој беа вклучени поголем број испитаници (околу 105) од повеќе населени места во нашата држава.

Со квалитативната и квантитавната обработка и анализа на разговорите што беа добиени во директен контакт со лицата со попреченост се доби слика за постојната состојба на овие лица, а основниот заклучок што може да се извлече е фактот дека проблемите и предизвиците со кои секојдневно се соочуваат лицата со попреченост во нашата држава се многубројни, повеќестрани и повеќеслојни, различни по форма и содржина.

Предмет на ова истражување беа осум области од животот: **здравје, хабилитација и рехабилитација, информации и комуникации, образование, пристап до правда, работа, семејство и приватен живот, сигурни приходи и услуги за поддршка и учество во општествениот живот** кои беа разгледувани во однос на пет основни принципи на човековите права – **достоинство, недискриминација и еднаквост, почитување на разликите, самостојност и учество, инклузија и пристапност**. Со анализа на овие сумарни податоци добиена е една непобитна потврда дека многу често се кршат правата на лицата со попреченост и дека реалноста за нив всушност е многу поразлична од онаа што е предвидена или се пропагира со многубројните закони, стратегии, политики, локални акциски планови и програми.

Доминацијата на негативните принципи во повеќето области на живеење кои беа опфатени со ова

истражување е показател на нивото на општа (не) култура, (не)почитување, (не)толеранција, па дури и непрофесионално однесување, што во најголем степен владее во нашата држава. Ова е само знак дека треба уште многу да се работи, пред сè, на феноменот на културата – културата на однесувањето, културата на комуникацијата, сообраќајната култура...

Во сите анализи на добиените резултати доминира областа ***учество во општествениот живот***, најчесто во негативен контекст при што самата **физичка непристапност на околината** гледано генерално, освен во некои чесни исклучоци, **недостапноста на добра, услуги и информации** е директната причина која резултира во големата зависност на огромен број лица со попреченост.

Втора област која се истакна како многу битна за испитаниците е областа ***семејство и приватен живот***, која е со висок степен на застапеност во сите принципи, особено во принципот на учество, инклузија и пристапност. Семејството како основен сегмент на живеењето во нашето општество претставува значајно окружување во кое, очигледно, лицата со попреченост најчесто се чувствуваат најбезбедно и најсигурно.

Областа ***здравје, хабилитација и рехабилитација*** се издвои како многу значаен сегмент во животот на лицата со попреченост, почнувајќи од самата физичка непристапност на најголем дел од здравствените објекти во нашата држава, немањето соодветна внатрешна инфраструктура, преку несоодветните услуги и третмани, па сè до непримерниот однос на вработените медицински лица со што сериозно се нарушува правото на лицата со попреченост да остварат правилна, навремена и квалитетна здравствена заштита.

Недостигот од услугите за поддршка се само уште една неповолност за оваа ранлива група граѓани, со што дојде до израз и областа ***сигурни приходи и услуги за поддршка*** каде во повеќе наврати се потврди дека лицата со попреченост се соочуваат со сериозни проблеми при остварувањето на правата од оваа сфера, уште повеќе кога се земе предвид и непостоењето на персонална асистенција и недостапноста на овој вид сервиси во повеќето забележени случаи.

Не помалку значајни се и останатите области, при што одредени области се специфични за одредени категории. На пример, проблемите во областа на ***образованието*** најмногу се препознаваат и забележуваат кај најмладата категорија на лица со попреченост, додека во областа ***работа*** кај лицата на работоспособна возраст.

И во однос на принципите вреди да се споменат некои толку очигледни факти. За волја на вистината, треба да се потенцира и присуството на позитивните примери, што секако е за поздравување. Но и тоа дека скоро сите принципи во помала или поголема мера се кршат со што понекогаш им се нанесува голема тага и болка на испитаниците. Човечки е да се греши, но, исто така, човечки е и да се почитува желбата на лицето со попреченост, било да е тоа телесна, сензорна или комбинирана, да ја задржи својата независност, самостојност и приватност, а ова може да се постигне првенствено со менување на свеста кај луѓето, со нивната подготвеност да бидат луѓе со отворена душа, без ограничувања и без предрасуди. Дури потоа со менување на физичката средина, се разбира онаму каде е тоа можно, а особено при градењето на нови објекти било да станува збор за здравствени, образовни или општествени институции или пак од областа на спортот, забавата и општествениот живот на поединецот.

И покрај огромниот број недостатоци, препреки и предизвици со кои се сретнуваат и соочуваат секојдневно, кај лицата со попреченост се препознава, чувствува и гледа нивната енергија, желба и потреба да учат, да се надградуваат како личности и професионалци, да се дружат, да спортуваат, со еден збор да бидат активни чинители во нашето општество.

Во овој извештај кој комплетно го почитуваше принципот ***Ништо за нас без нас***, применетата методологија за квалитативна анализа, придонесе индивидуалните согледувања кои ги предизвикуваа испитаниците/мониторите, локалните координатори и сите актери да се видат себеси како дел од поголемата слика, да помислат на својот организациски контекст како и да го развијат своето стратешко размислување за односите во општеството и да ги проценат колективните потреби, но,

не само на нивните, како лица со попреченост туку и на сите граѓани припадници на сите општествени слоеви.

Со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН, Македонија си постави уште еден приоритет, интеграција и почитуавање на правата на оваа категорија на граѓани. Токму во период кога Македонија повторно е исправена пред предизвикот да го достави извештајот до Комитетот на ООН за правата на лицата со попреченост и да информира за својот прогрес во реализација на Конвенцијата, но за да има параметри и индикатори дали постои прогрес мора да постои пресек на реалната состојба, како реално согледување.

Токму таа е главната улога на овој извештај во вистинско време да направи пресек на ситуацијата. Мониторингот и оценката на индивидуалните искуства како дел од холистичкиот извештај претставува алатка за оценка на состојбата до каде е навистина Македонија во процесот на почитување на човековите права на лицата со попреченост. Ова може ќе се сфати како примарна улога на овој извештај, оценка за напредокот на земјата по прашањето на попреченоста гледано од аспект на човековите права.

Извештајот ќе провоцира уште многу вакви независни истражувања, произлезени од граѓанскиот сектор како „коректор на општеството“, ќе ја нагласува и неопходноста и убеденоста, дека сепак нешто позитивно ќе се случи во настојувањата да се направат чекори со кои им се дава до знаење на лицата со попреченост дека не се на маргините на општеството, како што многумина од нив се чувствуваат во моментов.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73-056.26/.36(497.7)(047)

СТОЈАНОВСКА-Џинговска, Даниела
Мониторинг на лични искуства на лицата со попреченост во Република Македонија / [автори Даниела Стојановска-Џинговска, Биљана Маневска, Ифраим Љута]. - Скопје : Отворете ги прозорците, 2015. - 201 стр. : табели ; 23 см

Публикацијата е во рамките на проектот "Холистичко истражување за состојбата на лицата со попреченост во Република Македонија"

ISBN 978-608-4602-12-5
1. Маневска, Биљана [автор] 2. Љута, Ифраим [автор]. - I. Џинговска, Даниела Стојановска- види Стојановска-Џинговска, Даниела
а) Лица со попреченост - Права и слободи - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 99349514

МОНИТОРИНГ
НА ЛИЧНИ ИСКУСТВА
НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ISBN 978-608-4602-12-5**